# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
Од Деветото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 август 2004 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала за седници, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-дин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправата.

Продолжуваме со работа по 72-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова-Митевска, Нелко Стојановски, Али Ахмети, Мехдух Тачи, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Пеце Наумовски, Никола Груевски, Орданчо Тасев, Лазе Китановски, Зоран Крстевски, Љубисав Иванов - Ѕинго ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закоонт за тертироријална организација на локална самоуправа во Република Македонија.

Збор има пратеникот Драго Шајноски, а нека се подготви пратеникот Зоран Шапуриќ.

Повелете г-дине Шајносски.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Благодарам

Во дискусијава ќе дадам акценти и мое видување на некои настани поврзани со овој закон за кој народот катадневно дискутира, се интересира, а за жал сеуште имаме луѓе меѓу кои новинари и инелектуалци кои не смеаат за овие настани да зборуваат, да пишуваат доволно отворено и упорно. Упорноста од овие луѓе е потребна со цел власта да се вразуми, да се освести и да свати дека ова што му го предлага на народот како

многу корисно решение е неприфатливо за него и ќе мора да се корегира, или решението или власта.

Власта ќе мора да се приземји и да свати дека навистина треба да биде пред народот, т.е. треба да гледа подалеку од него, но никако не треба да го навредува, да го тепа и да го омаловажува народот, само затоа што тој неможел веднаш да ги разбере големите идеи на голеите лидери од власта. Власта неможе да го тепа својот народ затоа што тој не мисли исто како неа или затоа што не го сака Бучковски или Бранко. Власта неможе да го нарекува својот народ хулигани и недомаќини затоа што се осмелил да ја погледне вочи и да каже дека греши и дека не се добредојдени во Струга, формално.

Ако навистина власта со своите погледи е далеку пред својот народ, а народот неможе тоа да го види или почувствува, тогаш власта е должна или да ја промени тактиката на објаснување и спроведување на корисните замисли на начин прифатлив за народот или треба да се повлече од власт,  а не да го тепа и понижува својот народ. Со тепањето народот нема побрзо да свати што е тоа толку корисно што власта му го нуди на народот, дури и ќотек дава ако несака да го прими.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шаиновски имате уште една минута за вашата прва дигресија, бидејќи рековме дека имаме три дигресии.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Три, добро.

Уште две имам дигресии, така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате уште една минута.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Власта бидејќи живее од парите од народот и е избрана од него е должна да го почитува и да ги респектира неговите ставови и мислења. Во слиучаите кога власта ќе дојде на дереџе често да моли кај народот за прошка или само уште еднаш ќе се осмели да крене рака на рајата, веднаш треба да си замине, да си заминие бидејќи не нашла начин да ги спроведе нејзините авангардни замисли, а при тоа да добие подршка од

народот. Ако ваква власт не си замине сама навреме, тогаш нејзе најчесто времето и пресудува пред  Во оваа смисла ќе наведам неколку изјави на луѓе од власта со намера да пронајдеме што е во нив толку авангардно и корисно за народот, а тој неможе да го види.

По пвод овие закони, по повод јавната расправа на овие закони, претседателот Бранко Црвенковски изјави дека во преговорите извлекле максимум во преговорите со Ахмети со тоа што на Скопје се приклучиле Сарај и Кондово. На противењето од народот на ова вештачко присоединување претседателот ги даде силните аргументи.

СДСМ ги зел изворите Рашче и спортските терени, и тоа е она што народот неможел да го види, а било далекусежна од одлука на главите на СДСМ. Скопје ги земал изворите и спортските терени. А, тоа што Скопје постанува на вештачки начин двојазично, тоа и не е главната причина за соединувањето на Сарај и Кондово. И Бранко и Бучковски и голем дел од СДСМ по овој аргумент смислен во нивните глави  на далекувидни лидери на СДСМ очекува народот да ги прифати нив како реални големи визионери. Го надмудриле дури и Ахмети и тоа јавно го кажуваат. Го фатиле на спиење, а пак тој никако да се навреди од тоа што го надмудрил Бранко и му ги зел изворите.

Па, г-дине Црвенковски, од кого тоа вие ги зедовте изворите и спортските терени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шајноски вратете се сега на текстот на законо и не спомнувајте имиња на оние кои не се присутни.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Нели сме, ќе бидеме и ќе останеме унитарна држава и после овој закон.  Нели г-д9не Црвенковски ти е сеедно како претседател на Република Македонија до каде се замислените граници помеѓу општините, а треба да ти е многу битно до каде се границите на Македонија. Дали не ти е сеедно дали се изворите во Скопје или во Кондово. Зарем ова го нарекувате децентрализација. Зарем вие правејќи децентрализација гледате да го изиграте некого и да му земете нешто. Само оваа ваша изјава г-дине Црвенковски беше доволна за народниот гениј кој толку го презирате да заклучи дека вие лажете и дека ваквата изјава за изворите Рашче..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шајноски јас уште еднаш ве молам внимавамте на зборовите што ги употребувате бидејќи вие тоа го констатирате, а не претпоставувате. Можеби вистината е поинаква и затоа ве молам формулирајте го вашиот говор онака како што треба.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Г-дине јас зборувам за мојата вистина како јас ја гледеам , а за тоа одговарам пред моите бирачи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тогаш зборувајте по текстот на законот , бидејќи заврши првата минута од првата ваша дигресија.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Ова е по текстот на законот.

Кога и каде може да се роди една ваква мисла. Значи сега да се пворзам со тоа што зборував, изјавате дека Рашче сме го зеле и спортските терени. Од кого, како и од каде може да се роди една таква мисла. Таква мисла може да се роди само во глава каде што претходно е веќе извршена поделба или се има намера да се изврши поделба на една државؘ, па многу лесно ќе се испушти  и ќе се роди една таква мисла. Да е несреќата поголема, за Црвенковски, Англискиот дневен весник Фенашел Тајмс следниот ден откога на владина седница се донесе овој закон објави дека власитите во Македонија се спогодиле власта да ја поделат помеѓу македонците и албанците. Значи, тие не зборуваат за децентрализација, туку зборуваат за поделба.

Сигурно и народот би дошол на идеја да зема што повеќе  територии при еден процес на децентрализација ако претходно знае дека децентрализацијата како оправдан процес се користи како маска за спроведување на етничка поделба на територијата. Тоа би го направил секој просечен ум. Значи, не станува збор за нешто авангардно, далекувидно во изјавата на претседателот Црвенковски. Значи нема причина народот да ја следи идејата  на лидерот, бидејќи аргументацијата е никаква и промашена. Ако пак ова е вистина и вие г-дине Црвенковски знаете и сте се согласиле да ја поделите

државата под маска дека правите децентрализација тоа требаше да му кажете на народот на 15 септември 2002 година, и во април 2994 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дина Шајноски, јас навистина ве молам најдете некоја конекција со текстот на законот. Ако сакате да му се обратите на г-динот Црвенковски, испратете му писмо, ве молам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Ама, ова е текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е текстот, ве молам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Што е текстот?

Ова се политичките импликации на текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дискутираје за политичките импликации, не дискутирајте за нешто што некој замислил или не замислил. Ве молам, дискутирајте за политичките импликации.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Ова се политички импликации, и јас сум обврзан ова да го кажам за моите гласачи и за народот воопшто.

Со оваа теза на поделба Црвенковски требаше да излезе на изборите 2004 година, за да сега немаме никакви проблеми ниту тој, ниту ние. Во однос на законот за децентрализација Црвенковски ќе изјави дека ако Македонците не сакаат да живеат како малцинство во Струга, тогаш како Албанците да прифатат да живеат како малцинство во Македонија. Оваа изјава е една од најсилните потврди дека во главата на овој човек постои модел на исклучиво поделена Македонија. Ова е невидено и срамно, ова е предавничко изместување на тезите и нормите за опстанок и функционирање на било која држава во светот.

Во околности на ваква изјава на претседателот на една држава ниедна држава во светот неможе да опстане т.е. мора да се подели. Дури сега станува јасно и веројатно

дека Струга, Кичево и Скопје се фрлена мамка на која треба да се улови сопствениот народ за да оправдано се спроведе поделбата. Овие две работи, Струга со нејзините проблеми со децентрализацијата и Македонија со нејзините проблеми со децентрализацијата што вие ги поистоветувате не се проблеми од исто ниво.Тие се две различни нивоа за кои важат различни правила. Никогаш досега во овие два града па и во Скопје немало посериозни нарушувања во соживотот. И денес не е проблемот дали некој сака или не да живее како малцинство со албанците туку начинот на кој сака да се турне овој закон. Некој сака по насилен, вештачки пат да прави мнозинство и малцинство. Кога нешто се прави насилно, вештачки тука постои човечка намера и претходен план по кој ќе се форсираат настаните се додека не се стигне до крајната цел. А, кога нештата и процесите си одат природно тогаш не постои план и човечка намера со претходна цел туку само природно тежнение на системот кон минимална состојба, минимална енергија односно кон оптимален живот, во случајов.

Шансите за насилни промени во вакви природни процеси се минимални, бидејќи нема услови за појавување на мутации, а за револуции да не зборуваме. Значи, во Струба, во Кичево и на други места природно е можно да се случи, а и немора да мнозинското население спонтано, ненасилно биде албанско или некакво друго со текот на времето. На тоа нешто нема да има потреси ниту во секојдневниот живот на луѓето, вработување, образование, религија, култура, ниту во целата заедница бидејќи вчерашноста нема многу да се разликува од денешнината и утрешнината, па ќе нема видливи и природни мотиви за контрареакција како на умот така и на чувствата.

А, кога промените се драстични и вештачки тие претставуваат и се доживуваат како удар на кој има веднаш голема реакција. Така е тоа во природата, а и човекот е дел од таа природа и не е имун на овие природни феномени.

Во оваа смисла сакам да одговорам  и на прашањето од премиерот дали ако насилно ни се наметне двојазичност на Скопје, а при тоа , тоа да бидат англичани дали ќе сме одбиеле? Мислам дека не да се 20% англичани, нека се и американци, на било кое населени во светот ако му се наметнува ваква работа реакциите ќе бидат исти како што се реакциите на македонците во Македонија. Ние не реагираме зошто се овие 20%

албанци, туку зошто насилно се вментнуваат, а нашиот респект и желба за соживот со нив и било кој наш сосед постои затоа што тоа било со векови.

Намерата на премиерот од Македонците да направи албанофоби е поразително за нас и срамна за него. Дали тој мисли дека и Власите се албанофоби, по таа логика. Дали тој навистина би им дал двојазичност на англичаните затоа што се англичани, а не заради тоа што задоволуваат некој принцип. Премиерот мора да знае дека ние Македонците секој пат побрзо ќе се сложиме да живееме со 15 или со 20% албанци одколку со 20% англичани, не аради тоа што ги мразиме англичаните, туку затоа што добро се познаваме со албанците веќе неколку векови, па природно е да се стремиме кон помалку стресови и помалку нови навики од соседот.

По повод барикадите на патиштата Бичковски ќе изјави дека тоа е по свадба тапани. Зошто тоа го вели?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Шајноски, во законот никаде не пишува за барикадите, ве молам, немојте да ги ..

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Тие се импликации од законот, тоа е јавната расправа. Јавната расправа доведе до барикади.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И, јавна расправа воопшто не е барикадата и ве молам г-дине Шајноски еве ви ја втората дигресија, искористете ја .

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Ама ова е тоа, јас незнам зошто, која дигресија. Јавната расправа по децентрализацијата доведе до блокади, доведе до откажување на гостопримството на функционери во градови и така. Јас за тоа би сакал да зборувам, зошто не би зборувал за тоа, јас сум од тие краеви, и имам обврска да ги напоменам овие работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате обврска .

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете  завршете ја вашата обврска.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

По повод јавната расправа на законот за децентрализација во одредени градови, Струга, Кичево, Облешево, Скопје на патиштата се организираа блокади. По повод тие блокади министерот Бучковски изјави дека тоа се по свадба тапани. Тоа е многу идикативна изрека и затоа сум обврзан овде ја ја разјаснам и да ја протолкувам.

Кој може да рече такво нешто дека случката е по свадба тапани, само ако тој претходно знаел дека навистина се  е завршено, а овие наши отпори се бадијала. Значи, Бучковски знаел дека можеби во 2001 година, Бранко и Ахмети тајно се договориле за тоа. На 15 септември 2002 година тој брак меѓу тие два политичари е озаконет со коалицијата меѓу ДУИ  и СДСМ а денес еве сме сведоци и Ахмети бара да му донесеме и приќе. Значи, ем не не поканија на свадбата, тајно ја одржаа, а сега мораме да им даваме дарови, а да не дискутираме за тоа затоа што Европа и НАТО се лутеле и не ќе не примеле. Никаков друг аргумент, само тоа. Па, Европа не бара Струга да биде со мнозинско албанско население. Европа бара да се изврши децентрализација на општините, нигде не нагласува дека Струга треба да биде со мнозинско албанско население. Истото важи и за Кичево.

Немирите што се случија при доаѓањето н аг-динот Бучковски во Струга, тој таму ќе изјави дека демонстрантеите сакале жив да го запалат. Демонстрантите му одговараат дека тие не сакаа жив да го запалат туку тој сам жив се закопа дента во Струга во дупката која што си ја откопа дента кога овој закон беше донесен и беше пресудено Струга веднаш да се сели, а Кичево за 4 години кога ќе заврши таа обврска, како што велат од Рамковниот договор.

По однос на законот за територијална поделба при јавните настапи на премиерот секогаш не убедуваше дека се ќе си остане на свое место дури и куќите ќе останат на

свое место, затоа нема потреба да се вознемирува населението по донесувањето на тој закон. Но, никаде не кажува како ќе обезбеди населението да остане во своите домови. Не е тајна дека Македонското население од овие региони ги продава своите куќи и некако лено им успева тоа досега. Но, имаат проблем како да ги продадат спомените и гробовите. Тоа нив сега најповеќе ги мачи, а кога ќе успеат да продатат толку гробови и спомени, тоа ќе значи дека ја продале државата, бидејќи државата се куќи, фабрики, патишта , гробови и спомени во сопственост на луѓето.

Истиот ден, всушност истата вечер по немилите настани Бучковски со хеликоптер ќе ја напушти Струга, наводно дека во Кичево и во Маврово го чекале групи да го убијат. Тоа изјавиле разузнавачките служби. Ако тој не отишол и преку Битола зошто во Ресен, Прилеп и Велес го чекале да го убијат, тогаш го прашувам зошто сака да биде министер на народ кој сака да го убие. Каква прикаска е испратена до народот само да се оправда една недоречена личност а да се оптужи половина Македонија дека сака да убива.

Сега нешто би кажал околу критериумите за поделбата што се користени во дефинирањето на општинските граници.

Ако и натаму се прелиста законот може да се види дека воглавно се употребени, или доминираат три критериуми. Прв е политичкиот критериум чија цел е по секоја цена да се зачува власта. Во него доминираат два правци. Првиот е задоволување на коалициониот партнер ДУИ по секоја цена. Вториот е, уништување на што повеќе ВМРО-вски општини при кроењето.

Вториот критериум е оној вистинскиот каде што се земаат во предвид економски, демографски, културни, социолошки и човечки ресурси. При тој критериум можат да се забележат многу смешни оправданија за формирање на некои општини.

Третиот критериум е провинциско полтронски. За првите два критериуми многу е зборувано при амандманската расправа, а класичен пример за третиот критериум на поделба е општината Мешеишта. Без никаков аргумент оваа општина од првата фаза наречена Мешеишта со седиште Мешеиште се преименува во општина Дебарца со седиште во село Белчишта. А знаете зошто? Исклучиво од полтронски и провинциски

побуди на неколку луѓе околу претседателот. Тие се надевам без наредба на претседателот заклучиле дека родниот крај на родителите на претседателот мора да биде нешто повеќе од пасивен крај, а никако не смее да биде под ВМРО-вската општина Мешеишта. Ова е мизерната вистина зошто се промени името на седиштето на општината Мешеишта. Никакви економски, демографски, и географски аргументи не се дадени. Едноставно заклучокот е дека макеоднскиот Кумровец мора да е општина, а никако не смее да биде под ВМРО-вската општина Мешеишта.

По однос на територијалната поделба за Кичево би го кажал следното. Зошто мора со закон нешто некому да се ветува, дека безусловно ќе се случи во 2008 година, ако ова е само закон кој што би важел за сите. Кој го бара ова, кој може да ветува вакво нешто со закон, дека нечија територија ќе биде во тие и тие граници во 2008 година. Зошто ова мора да се прави, ако зад тоа не се крие нешто што не смее да му се каже на народот, а тоа да не е поделбата на територијата помеѓу некого. Наместо овој закон за Кичево, зошто не донесеме закон со кој ќе овозможиме соединување на сите општини кога за тоа ќе имаат економски, или било какви други причини и пред се желба за соединување на било која општина со било која општина. Зошто мора со закон некому да му се гарантира безусловно територијата од денес. Што ќе правиме ако до 2008 година општините Кичево, Зајас, Осломеј, Другово, Вранешница и други функционираат одлично и немаат желба да се соединуваат. Дали по сила на овој закон ќе мора да се соединат. Дали овој закон не е изнуден. Од овие прашања може да се заклучи дека со ваков закон за Кичево се врши предавство кое ќе го почувствуваме на својата кожа сите македонци и албанци и тоа многу брзо, побрзо од 2008 година. Донесувањето на ваков закон за Кичево е само доказ дека со оваа држава користејки ја алчноста за власт на група луѓе од СДСМ не управува Бранко и СДСМ, туку ДУИ и Ахмети. Во тоа нема ништо лошо да е тоа Ахмети само ако е избран на избори, јас тоа би го подржал. А вака е лажење на народот. Овој предлог за Кичево е понижувачки за Кичевчани, а предавнички и срамен за врхушката од СДСМ. Овој предлог може да се спореди со лижавче кое им се дава на кичевчани. По 4 години лижење, на крајот тие ќе останат само со стапчето од лижавчето во раце. Да заклучам, децентрализацијата требаше да се спроведе веднаш на сите 123 општини,

дури и да не беше обврска од Рамковниот договор, тоа требаше да го направиме бидејки најчесто децентрализацијата во светот е позитивно искуство, а се надевам ќе биде и наше. Новата територијална организација треба да се одложи и да се исфрли од овој пакет закони за децентрализација за да можеме веднаш да ги изгласаме останатите закони за децентрализација. Ова го предлагам со надеж дека во иднина некоја друга Влада ќе се обиде да направи нова територијална поделба врз основа на објективни критериуми и искуствата што ќе ги добиеме од децентрилизирањето на овие 123 општини, а би започнала од Нова Година. Вака предложената територијална поделба е промашено решение и од политички и од економски аспект. Со ваква поделба се задовлуваат само некои политички игри во коалицијата и селски суети, а проектот ќе биде неуспешен. Во одбрана на овој проект, премиерот вели дека со него ништо не се менува во однос на животот на луѓето. Тоа е неговиот аргумент. Ако е ова така, го прашувам премиерот зошто така долго преговара со ДУИ, зошто коаицијата дојде во прашање, зошто мораше и светот да се вклучи во преговорите, ако ништо не се менувало со овој закон. Што е тоа, ништо не се менува со него, а така тешко сите го прифатиле и македонцит еи албанците, сите правеле тешки компромиси, а велите, со тоа ништо не се менува. Зошто велите така? Или можеби лажевте кога велевте дека преговорите одат тешко, а вие си муабетевте, си пушевте, а поделбата друг ви ја направи од порано. Всушност вашиот проблем изгледа беше како да му соопштите на наородот, посебно на македонците дека со овој закон ништо не се менува и тие тоа да го прифатат  и да бидат среќни и насмеани, да бидат слепи при очи и глупави при ум. Ако се усвои овој закон, неговата примена нема да доведе кон развивање на една мултиетничка држава што е крајна цел на сите, се надевам, туку ќе не одведе кон етнички поделена држава што ќе значи разнебитување на Македонија, бидјеки една таква етнички поделена држава кога, тогаш ќе пукне по шавовите кои сега ги удираат СДСМ и ДУИ, користејки кројки од некои поранешни времиња не така далечни. Ако се изгласа овој закон тоа ќе претставува предавство на макеоднската држава и националните интереси од актуелната власт на СДСМ и сите пратеници кои ќе гласаат за него.

Почитувани граѓани ви се обраќам вам бидејки овде во салава  мнозинството од коалицијата посебно од СДСМ е претворено во машина за гласање. Сите видовте дека во амандманската расправа тие ретко кога ќе дадеа некоја реплика, а за дискусија не станува збор. Заради нивен психички мир се преправаат дека не не слушаат. Тие многу убаво знаат за што ние зборуваме. Чувствуваат дека историјата на овој народ ќе ги забележи овие денови, но не смеат да проговорат, не смеат да признаат пред јавноста, иако по ходниците шепотат, дека овој закон е почеток на крајот на макеоднската унитарна држава и нација, не смеат да не подржат во овие наши долги дискусии чија намера е да се држи тензија за овој закон во јавноста со надеж дека во тоа време ќе се разбуди совеста на актуелните политичари и што е уште побитно ќе се разбуди македонскиот народ од сонот наречен 15 септември 2002 година, ќе се разбуди и ќе свати дека во Македонија се случува нешто што никојпат, ама баш никојпат подоцна не ќе може да го исправиме, ќе биде доцна. Почитувани граѓани , ова што се случува во макеоднскиот Парламент последниве две седмици не е така наивно и неважно како што тоа сакаат да го прикажат...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шајноски, вашите аргументации во врска со тоа што се случува во Парламентот се комплет антидемократски. Во Парламентот секој си го дава своето мислење, Ве молам, немојте да водите политичка пропаганда преку Парламентот. Си има конференција за печат, си имаат каравани кои што си одат низ Македонија и  таму кажувајте ги своите политички памфлети. Јас ќе ве прекинам.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Јас немам намера да давам конференции за печат, јас сум избран, моите политички ставови, односно ставовите на ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за законот.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Па ова е за законот, јас незнам зошто ме прекинувате сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие сега исфрлате политички памфлети и пароли пред народот. Ве молам, зборувајте за законот. Инаку ова ви е веќе трета опомена.

ДАГО ШАЈНОСКИ:

Почитувнаи граѓани, ова што се случува во македонскиот парламент последниве две седмици не е така наивно како што сакаат да го прикажат мнозинството пратеници, а посебно претседателот на Парламентот кој со неговите неумесни упаѓања во нашите дискусии се обидува да прави несолени шеги.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа го слушнав од еден г-дин вчера на конференција за печат.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Се обидува да не деконцентрира...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Почитуван претседателе, го слушав, иако вели дека не го слушаме, со внимание излагањето на г-динот Шајноски. Меѓутоа, пред се би сакал да го вратам достоинството на Парламентот во смисла на обраќањето пред пратениците и пред сите нас, а и пред макеоднската јавност. За разлика од колегата, ќе се обидам да се задржам стрикно на законот и да му реплицирам во деловите каде што тој пропагираше една многу опасна теза во смисла дека овој закон не предвидува соодветни механизми, пред се правни за понудените решенија. Би започнал по ред.

Најпрво, би сакал да кажам дека најбитни прашања кои се од секојдневниот живот сигурно дека ќе ги решаваат граѓаните.Меѓутоа г-динот Шајноски сигурно не обрна внимание на членот 22 од овој закон каде се наброени сите области кои се трансферираат од централно на локално ниво, а дека основните функции на централната власт кои го гарантираат пред се територијалниот суверенитет, унитарноста на државата

како што се полицијата, војската, судството, обвинителство и т.н. сето тоа останува на ниво на централната власт. Истото се однесува се разбира и за јавните давачки.

Втор момент што г-динот Шајноски ми се чини во својат дискусија сигурно дека заборави да го каже, тоа е надзорот над законитоста,односно правниот надзор над законитоста на работењето од страна на централната власт. А доколку се види целокупниот пакет на законот за децентрализација, ќе види дека во законот на пример за урбанистичко и просторно планирање единиците на локалната самоуправа ги носат локалните планови, но претходно добиваат согласност од централната власт. Во образложението исто така на пример инспекцискиот надзор јасно и прецизно е определен со стандардот во образованието. И да не редам многу работи, мислам дека може многу што да се каже. Мислам дека треба да се вратиме, да бидеме по достоинствени и по реално да ги согледаме и доколку има, сепак ова е расправа по текстот на законот, да укажеме како што неодамна добивме амандмани од страна на Владата. Мислам дека со конструктивна дискусија и расправа доколку се смета  нешто да се промени, сигурно дека има и место и време. Меѓутоа, повторно би сакал да нагласам , да се задржиме на текстот на законот и за она што законот ни нуди како решенија.

ДРАГО ШАЈНОСКИ

Почитуван Томиќ, во врска со вашата реплика, можам да ви кажам дека најмало право имате за реплика, ако се земе во предвид што вие направивте за македонците во Тетово.

Јас сега би продолжил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Што би продолжиле?

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Значи, целта на претседателот е да ги разводни дискусиите...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За релика се јави госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Колега во своето обраќање рече дека требаше да извршиме децентрализација на 123 општини кои сега постојат. Можеби требаше да ја извршите децентрализацијата колега за време на вашиот мандат, уште повеќе ако се знае дека имавте уставна обврска да донесете закон за фискална децентрализација, односно закон за финансирање на локалната самоуправа. Ако тоа го направевте за време на вашето владеење, ќе имавте аргумент повеќе за тоа која од општините може да опстои, а која не. Исто така, колега, вие рековте дека пратениците од позицијата, посебно пратениците од СДСМ не учествувале во расправата по амандманите. Можам да кажам дека тоа делумно е точно и така е. Но, како ќе им објасните на граѓаните вие кои поднесовте над 160 амандмана, туку жестоко ги браневте, а не останувавте во салата да го дадете својот глас и на граѓаните да им покажете дека навистина се залагате за опстојување на пооделни општини.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Добро е колешката што признава дека не учествувале во расправата по амандманите, туку беа само гласачка машина која трчаше од Клубот до собраниската сала за гласање, а додека ние зборувавме тие седеа таму и се шетаа по ходниците. И тоа е добро што го признавате. А нашата тактика беше да ве принудиме да седите овде, да ги одолжиме дискусиите за да народот има време да види што правите вие овде. Тоа не е тајна и тоа ние го правевме, а секогаш кога во салата имаше 61пратеник, ние бевме тука да си ги подржиме амандманите. И се виде дека никојпат не би можеле без вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Почитуваниот г-дин имаше една бајата дискусија . Но јас ќе направам еден осврт врз основа на тоа што го кажа. Дискусиите ги прават со цел за да се одржи тензијата надвор од Собранието. Мислам дека треба да биде спротивното. Вие треба да бидете претставници на желбите на граѓаните, а не да диктирате што да прават граѓаните и со вашите говори да ги иритирате и да создавате еден револт кај граѓаните. Многу е

индикативно ова што го рековте и открива многу работи на вашето политичко дејствување. Кога зборувате за желбите дека имате голема желба и секогаш сте имале голема желба да живеете со албанците и да има рамноправност, јас немам ништо против ова, но вие можете да имате такви желби и во наредните 2 илјади години, додека на албанците тие желби не им помагаат, господине.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Шајноски, имате една минута.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Точно е дека со желба на еден , не можат да се усреќат двајца. За таа среќа, сепак треба желба и од другата страна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувнаи колеги, почитуван г-дине минситре,

Овој закон не претставува дирекна децентрализација,односно дирекна имплементација на надлежностите од центраната на локалната власт, Но, овој закон за териоријана организација на Република Македонија по општини, се разбира дека мошне тесно е поврзан со самиот процес на децентрализацијата на власта сватен како трансфер на надлежностите од централната на локалната власт. И покрај тоа што овие денови во Парламентот овде постојат различни видувања по овој закон, јас би рекол дека е добро што конечно после 10 години сите ние се согласивме дека процесот на децентрализацијата треба што побрзо да се спроведе и значи го сативме патот на останатите таканречени поранешни транзициони земји, дека еден од круцијалните услови за побрзо евроатлантско интегрирање е токму процесот на децентрализацијата на валста. А се разбира децентрализацијата на власта во никој случај не е можна без овој закон, бидјеки таа значи мошне големи надлежности на самите општини, а тоа пак бара многу поголема, многу покрупна општина како во поглед на население, така во поглед на територија, така во поглед на економски, на кадровски ресурси и т.н., бидјеки навистина самата пракса,иако некои колеги од опозицијата укажуваа дека може да опстане

концептот од 123 општини, јасно укажува дека мали општини не можат многу мали општини да опстанат. Токму поради овие причини што ќе треба да извршуваат многу поголеми надлежности и тезата дека 123 општини не само заради Рамковниот договор и ревизијата на општинските граници не може да држи, бидејќи самото искуство од 8 години покажа дека овие општинине можат да егзистираат, се разбира одредени општини. Иако одредени никулци на општината се предегзистенти и од државата, јасно е дека општинските граници со појавата на државата, државата ги креира.

Во секој закон кога се утврдуваат општинските граници во сите земји има разни реакции и незадоволства, што е нормално бидејќи секогаш постојат различни интереси. При територијалната организазија треба да се почитуваат историските, културните, социолошките, економските, демографските, режефно географските, просторно урбаните и инфраструктурните критериуми, но се разбира и политичките критериуми. Меѓутоа, ако се погледне овој закон и табелите и сите објаснувања, јасно е дека не држат тезите дека единствен критериум и само врз база на политичкиот критериум се креирани општините, односно територијата на новите општини. Тоа не држи, бидејќи јасно е исто така дека критериумите не се гледани изолирано, туку се третирани во една нивна меѓусебна поврзаност.

Да се потсетиме дека дилемата каква општина, мала или голема, е стара колку и самата општина, не само овде туку секаде во светот. Никогаш не е лесно да се најде еден оптимален сооднос на означените критериуми. Оваа дилема, почитувани колеги пратеници, во Република Македонија не е присутна само денес, таа е присутна од 1945 година па наваму, бидејќи во трагањето на оптимална општина односно по оптималната големина и организација на општините и општинските граници се извршени 20 и повеќе реорганизации на територијалната поставеност, односно промена на општинските граници во последните 50 години. Да се потсетиме дека од 1963 до 1996 година егзистираше модел на 34 општини и дека во еден период и ММФ и Светската банка, укажувајќи и пренагласувајќи ги економските критериуми се залагаа за 34 општини, но ако го прифатевме тој критериум ова што зборуваме денес, бидејќи сите сме оптоварени и би

рекол фулстрирани од етничките критериуми, се разбира, би имало многу пошироки импликации и поголемо незадоволство.

Да се потсетиме, почитувани колеги, дека и при последната територијална поделба од 1996 година се водеше бурна расправа овде во парламентот и во јавноста исто така. Можеби се водеше жестока полемика како денес. Тогаш многумина, а исто така и денешната опозиција реагираше дека 123 општини ќе значат уништување на националното ткиво, поделба на Македонија, разнебитување итн, но сега истите тие се залагаат за овој модел од 123 општини. Доволно е само да ги погледнеме не само стенограмите туку и изданијата од дневниот печат за бројните трибини и изјави на оние кои сега исто така се залагаат од сферата на науката, МАНУ и од сферата на другите институции, кои тогаш јасно укажуваа дека концептот со 123 општини е неиздржлив за Република Македонија, а истите тие токму денес се залагаат за тоа. Но исто така да се потсетиме пред три години односно во време на коалиционата Влада меѓу ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и ЛП постоеа предлози и работни верзии кои беа дискутирани на разни тркалезни маси и разни трибини, чиј креатор е денешниот член на опозицијата господинот Владо Поповски, инаку поранешен министер за правда кој што беше автор на Законот од 1996 година и тој, а исто така и опозицијата велеше дека моделот од 80 до 90 општини би бил идеален, гледано од повеќе аспекти како од економски така и од социјални, социолошки и други аспекти. И тогаш беа спротивни залагањата за овој концепт од 123 општини и одеднаш денес и овие денови се пласира тезата кои самите тие ја негираа дека се потребни 123 општини.

Би нагласил сосема накусо, немам намера да држам предавања по историја, географија или по некои широки опсежни социјолошки компаративни анализи, но би сакал да кажам бидејќи многуми пратеници и од позицијата и од опозицијата нагласуваат дека на Република Македонија и е потребна европска општина. Морам да им кажам релативно мали општини постојат само во некои европски земји, како што се Франција, Шпанија, Италија итн. Но таму постои не двостепена, туку тристепена локална самоуправа. Процесот на окрупнување јас го кажав реплицирајќи пред некој ден на еден колега пратеник дека процесот на окрупнување е присутен и на европско ниво и тоа не е

случајно, тоа е резултат на 15-20 годишна интензивна децентрализација. Значи децентрализацијата, почитувани колеги не е еднократен чин, туку е процес и под влијание на се поголем трансфер на надлежностите од централната на локалната власт во разни сфери, а во последно време во социјалната, здравствената, економската сфера и се разбира во образовната, се покажува дека општините такви какви што се мали не можат да опстојат и се врши перманентен процес на окрупнување. Во Данска до пред десетина години, а тоа го кажуваа до скоро многумина експерти кои сега не го кажуваат овој пример дека бројот на општините е намален од 1400 на 270. Во Норвешка исто така 3 пати е намален бројот на општините. Во Холандија имаме перманентен процес на намалување и денес имаме 449 општини со тенденција на натамошно намалување, а само пред 15 години бројот беше на 1000. Се разбира, и во овие земји постои отпор кај одредени општини и тоа е нормално, бидејќи не е лесно го поднесуваат општинските локални власти укинувањето на општината, се разбира и граѓаните на еден начин па макар и за покус период се создала помала традиција.

Ако го погледнеме законот за кој расправате и табелите во него, ќе видиме дека македонската просечна општина ќе биде околу, не велам точно, цирка 24.000 жители што значи од својата големина таа е многу блиску до просечната европска општина во тој дел, бидејќи данската општина има 22000 жители, холанската  30000 жители, а Норвешка која е огромна по површина има над 18000 жители.

Многу колеги од опозицијата зборуваат за Словенија и за бројот на општините во Словенија. Точно е дека Словенија со 2000 жители има поглем број на општини од денешниот број на општини од Република Македонија, но кога зборуваме за Словенија и други земји треба да се каже дека овие земји имаат двостепен систем на локална самоуправа . Словенија тоа го има во Уставот и законите, а се уште го нема инплементирано во пракса, меѓутоа, наскоро ќе го имплементира и во самата пракса и доколку би ја пласирале тезата, а сега гледам опозицијата ја пласира за што сметам дека Република Македонија е мала по површина и население и во овој момент не и е потребна двостепена локална самоуправа и би имала големи економски оптоварувања. Доколу би се пласира таа теза од позицијата, опозицијата би ја обвинила позицијата дека се залата

за нова поделба, за нова кантонизација итн. и затоа сметам дека двостепената локална самоуправа во овој момент не и потребна на Република Македонија.

Исто така, бидејќи многу се зборува за Словенија, морам да ви кажам дека Словенија, како и Хрватска, која што има околу 400 општини, а е двојно поголема од Република Македонија, интензивно работат на проект на намалување на општините. Исто така, бидејќи опозицијата често пати се повикува на Словенија, морам да ви кажам дека Словенија има политипен карактер на општини, има градска односно урбана и рурална општина. Словенија има многу прецизни и силни критериуми. Ако ги примениме словенечките критериуми, прашање е дали ќе имаме 30 општини. Градска општина според словенечките закони мора да има минимум 20.000 жители и многу услови кои не би ги набројувал сега во интерес на времето. Руралната општина пак мора да има минимум 4.000 жители со прецизни инфраструктурни услови, кои исто така неможам да ги набројувам во интерес на времето. Во Словенија има 3-4 општини и во интерес на таа погранична соработка кои се исклучок од овие критериуми. Меѓутоа, морам да ги кажам почитувана господо од опозицијата бидејќи често пати се повикувате на Словенија дека ако ги примениме тие критеруми ќе биде тешко и ќе биде прашање колкав број општини ќе има Република Македонија, Од друга страна, повторувам дека таму се воведува двостепен систем на локална самоуправа и тие комперации не можат така едноставно да се напоменуваат без некое пошироко објаснување.

Денес пак сме поделени со оваа територијална организација и тоа е наша реалност. И повторно ќе се запрашаме дали е потребна нова територијална организација, односно поделба, односно дали е потребна ревизија на општинските граници. Зборот ревизија различно го толкуваме овие денови, но сепак ревизија значи промена, корекција или како сакате кажете на овие општински граници и таа произлегува од Рамковниот договор,бидејќи Рамковниот договор и оние експерти и академици кои до скоро го негираа укажуваат, го издигаат на ниво на меѓународен акт, бидејќи покрај четирите политички субјекти, претседателот на државата, ЕУ и САД, но и покрај тоа го подржуваат и други полтички субјекти, значи му даваат третман на меѓународен акт кој мора да се почитува. Се разбира дека има одредни проблеми, одредени емоции и кажав при

расправата за одредени амандмани кога се расправаше за општина Кисела Вода, за општина Драчево, за идна општина Драчево според предлози на некои пратеници - дека јас лично можеби би сакал општина Кисела Вода иако е голема по број на жители да остане единствена, но не можеме сите да бидеме задоволни, не можеме сите да бидеме поведени само од своите емоции, се разбира само од барањата на своите избирачи во конкретните места односно општини од кои потекнуваме бидејќи сепак нашата обврска како пратеници е да ги гледаме вкупните состојби во државата, а не само во одделни општини, иако сме свесни за фактот дека ова прашање е најболно пред се во неколку општини, иако некои колеги се обидуваат да ја разводнат дискусијата и да наведат дека проблем постои во сите општини. Проблемот е само во неколку општини., се знае од кои причини и не би дискутирал за тоа.

Би кажал дека окрупнувањето на општините е голема реалност и сите овие надлежности од крајот на 2004 година до 2006 година, по завршување на локалните избори и по конституирањето на локалната власт ќе можат да ги окрупнат и да ги преземат само посилните општини. Во иднина, во некое идно време може да размислуваме за политипен карактер на општина, односно помалите општини да имаат помали надлежноси, а поголемите поголеми надлежности. Тоа го немаме, но го немаме ни двостепениот систем на локална самоуправа, каде што за помалите општини, доколку немаат капацитет или не можат да извршуваат одредени надлежности, единствено, второстепената едница на локална самоуправа, околијата ги презема. Ние тоа го немаме и затоа ни се потребни, почитувани колеги, покрупни општини, бидејќи само така може да се изври трансферот на надлежностите од централната на локалната власт. Се разбира, беа спроведени референдуми, сите сме свесни за тие референдуми дека во најголем дел ја изразуваат реално волјата на граѓаните, но ќе повторам дека проблематични се само неколку општини. Зборувам за локалните референдуми, не зборувам за овој референдум кој евентуално би се одржал во наредните месеци доколку се соберат потребните потписи, но според официалното толкување добиено од Советот на Европа беше добиен одговор во кој беше кажано дека локалните референдуми имаат консултативен карактер и волјата на граѓаните може да се види на локално ниво и преку референдуми,

но и преку одржување на собири на граѓани, на разни граѓански иницијативи и резултатите од референдумот треба да се почитуваат но не може секогаш да се апсолутизираат - зборува за локалните, не зборувам за евентуалниот национален референдум што ако се одржи ќе видиме резултатите. Затоа, сакам да укажам дека секогаш не е возможно да се имаат предвид сите желби на граѓаните. Чинам дека одредени решенија за кои сега има голема реакција, немаше реакции или беа многу млаки, а за одредени решенија не постоеше реакција од опозицијата во првата фаза, а голем дел од решенијата беа слични или исти во првата фаза, но тогаш немаше такви реакции. Се разбира, го почитувам нивното право да ги искажам своите реакции, но погрешна е тезата, на некои колеги од опозицијата ја сфатија таа поента дека децентрализацијата на власта и новата територијална поделба ќе се вршат само заради Рамковниот договор и заради барањето на меѓународната заедница, иако се јасни ставовите на меѓународната заедница дека во врска со ова пред се треба да се одвива заради самите граѓани, ако се одвива таа, а таа е процес, првите плодови и резултати од децентрализацијата, ако го гледаме примерот на Романија, не може да се очекуваат толку брзо, но таа мора да почне за да дојдат тие резултатити. Вистинските резултати од децентрализацијата, можно е да се очекуваат во наредниот мандат на локалните власти, некаде во 2008 година, според сите искуства на земјите во транзицијата. Но во секој случај забавувањето на овој процес и тезите дека ете ние повтроно ќе направиме некое половично решение, а нема да извршиме вистинска децентрализација водат само кон оддалечување на Република Македонија од ЕУ и евроатлантските интеграции. Ако се потсетиме уште малку подалеку за време на првата експертска Влада дека 1992 година во Гостивар и Тетово, во оној момент кога општините одлучуваат буквално дали колите ќе се паркираат од левата или десната страна, таа експетрска влада не им дозволи да ги конституираат своите локални органи, па им испрати поверение. И тогаш, од една божемна волја за децентрализација и божемна волја за заштита на националните интереси едноставно беа блокирани локалните процеси и одлагајќи го тој процес на децентрализација дојдовме до каде што дојдовме, а историјата и практиката го покажува резулатот на тоа.

Почитувани колеги, јасно е дека Рамковниот договор, како што кажав, претставува една обврска, а таму е ревизијата на границите. Јасно е дека таму произлегуваат и други обврски кои се уште не се извршени а мораме да ги извршиме, меѓутоа, јасно е и тоа дека ова Собрание и оваа сегашна Влада интензивно работи на спроведување и имплементирање на Рамковниот договор и од тука нема бегање, без оглед што некои сеуште го негираат, меѓутоа, бројот на тие е се помал, само различно го толкуваат, односно се обидуваат да не го толкуваат правилно бидејќи по три години сфатија не само дека тој е во сила и имплементиран во Уставот дека ќе има, според нив, меѓународна обврзност. Исто така јасно е дека не е лесно и не е лесен процес и во други држави кои не се етнички оптоварени, овој процес на територијална организација  но во овие услови кај нас е многу тежок. Би ги запрашал сите колеги од опозицијата  која е алтернативата на ова. Јасно е, алтернативата која беше понудена дека изборите ќе ги распишеме во 123 општини е невозможна од повеќе причини, не може да постои општина со нови надлежности,  да биде децентрализирана општина со 300-500 жители, тоа е јасно. Ака зборуваме веќе за тие ревизии, без оглед како го толкуваме зборот ревизија, не може според сегашниот закон да бидат распишани локалните избори. Значи, мора да го донесеме овој закон и тоа е една од причините зошто локалните избори се одложени за еден месец.

Но, велам која е алтернативата. Алтернативата е да речеме не да се зпротивставиме на меѓународната заедница да одиме во процес на изолација. Такви примери имавме и во минатото и сега во Европа, па по пет, 10 години, да седнеме да зборуваме, да кажеме да, сега ќе вршиме нова територијална органицација, дајте да се договириме, тогаш ќе ја повикаме и меѓународната заедница. Но, што ќе се случи, ќе видиме 5 - 10 години подоцна и во тој период нашите процеси кон Евроинтеграциите ќе бидат не само забавени, туку можеби и замрзнати и сосема запрени, иако мораме да бидеме свесни и тоа да им го кажеме на граѓаните, без оглед на ова, патот кон ЕУ не може да се одвива така лесно како што ние посакуваме, нема да се одвива со она темпо кое сите ние го посакуваме за што постои консензус и на граѓаните на Република Македонија, но и на сите политички субјекти.

Затоа и Собранието ја донесе неодамна Декларацијата, а и претходните состави разни акти со кои што јасно беше искажана волјата на Парламентот кон Европските интеграции. Јасно е дека децентрализацијата и спроведувањето на Рамковниот договор на еден од круцијалните услови кон евроинтеграција, кон добивање на Република Македонија на статусот за кандидат на Европската унија и за понатамошните чекори, но исто така јасно е дека тоа не е единствен услов и дека ние треба уште многу многу услови да исполниме. Но ако не ги исполниме овие услови јасно е дека, ако не ја спроведеме брзо децентрализацијата овој процес ќе биде запрен, а би рекол и замрзнат. Зарем не се доволни укажувањата и пораките кои се јасни и недвосмислени не само од Солана, туку и од другите функционери на Европската унија. Тие се сосема јасни, тие го поздравија донесувањето и побараа не само од позицијата, бидејќи главната одговорност за спроведување, за усвојување на овој закон, но и за неговата имплементација во пракса е на позицијата. Но тие ја повикаа јасно и опозицијата да го поддржи овој закон, да придонесе за тоа Република Македонија побрзо да се интегрира.

Исто така би ви кажал почитувани колеги дека е јасно по уставните измени, по уставните амандмани за да биде усвоен овој закон, порано беше потребно 2/3 мнозинство, сега е потребно мнозинство од бројот на пратениците, но потребно е, не релативно мнозинство, не квалифицирано мнозинство, исто така и поголем број од припадниците на оние заедници, исклучувајќи ја македонската заедница, пратениците и се прашувам почитувана господо од опозицијата кој е тој концепт со кој што вие ќе ги уверите останатите пратеници за да гласаат за овој закон, бидејќи јасно е дека двојниот принцип на гласање е присутен. Дајте ја таа иницијатива. Не случајно и од Меѓународната заедници, меѓутоа и претставници на опозицијата во текот на постапката беше пласирана тезата, повелете господо од ВМРО-ДПМНЕ, повелете господо од ДПА дајте вие еден заеднички предлог. Тој предлог би бил разгледан од сегашните коалициони партнери. Меѓутоа не дојде до усогласен предлог на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Значи, како ние и да сакаме и да не сакамеморме да ја гледаме реалноста. За да се усвои овој закон потребно е двојно гласање, значи гласање на националностите, да го искажам стариот

термин, меѓутоа не случајно беа почитувани колеги пратеници и искажувањата од меѓународната кризна група дека овој закон ќе претставува вистински тест на Република Македонија  и за демократизација на Република Македонија. Дали ќе може Република Македонија, значи и Македонците и Албанците да се ослободат од тоа и да го гарантираат правото иако децентрализацијата не значи на највиталните државни функции пренесување, туку тезите дека Република Македонија може да се подели, да се федерализира со овој закон навистина не држат, а и колегите со албанско етничко потекло кои се овде пратеници јасно укажаа, било од позицијата било од другите албански интелектуалци дека немаат некоја идеја за голема Албанија и таа е навистина историски надминато. Овој закон не може да создаде на голема Албанија ни поделба на Македонија. Овој закон едноставно знажи исцрпување на општински граници кои што иако ќе имаат зголемени надлежности нема да ги имаат виталнит државни ингеренции. Не се пренесуваат ингеренциите од сверата на надворешни работи, внатрешни работи, одбраната, монетарната политика, пазарната инспекција, судството итн. Така да навистина овој закон ќе значи чест за Република Македонија како ќе може да се искоментира во праксата, но и како ќе можат разните етникуми да се почитуваат меѓусебе во локалните заедници без оглед кој е во колкав процент. Значи, дали ќе можеме да одиме кон европска општина во вистинска смисла и кон европска Македонија и тој тест јас верувам и пред се граѓаните на Република Македонија и Република Македонија како држава има капацитет да го издржи овој тест.

Исто така, јас сосема на крајот би кажал дека е добро и дека е демократски да искажуваат различни мислења, но како што кажа пред некој ден колегата Дојчиновски навистина е несватливо да се создава зла крв во врска со усвојувањето на овој закон. Ние треба различни инструменти да покажеме но не смееме да дозволиме да се создава зла крв ни внатре помеѓу Македонците ни внатре помеѓу Албанците, ни во односите на другите заедници, ниту пак во односите помеѓу Албанците. Треба да покажеме после овие конфликти дека и понатаму све сите подготвени, не само позицијата и опозицијата да ја градиме европска Македонија, да ги подобруваме меѓуетничките односи, од ден на ден да ја подобруваме безбедносната стабилност и да покажеме на сите дека Република

Македонија има европски капацитет, дека Република Македонија може да биде место каде што можат да дојдат странските инвеститори во земја, затоа што во земја каде што има постојана тензија и постојани притисоци не можеме да очекуваме дека можат да дојдат странски инвеститори и да одиме напред.

Затоа јас би ги повикал сите колеги да ги изнесат своите аргументи, но морам да апелирам да не создаваат некои претерани тензии кои што можат да бидат навистина со несакани последици.

Јас ви благодарам за внимание и се извинувам што бев малку подолг од она што самиот го планирам, но ете тоа минимум време во кое што можев да изнесам свои ставови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г. Даневски имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На мојот пријател Шапуриќ, бидејќи зборуваше за децентрализацијата што значи еден процес го споделувам мислењето, затоа што и во многу поразвиените демократски земји во Европа се води тивка војна и уште процесот на децентрализација не е завршен. Секогаш централната власт ќе сака да биде доминантна кога станува збор за пренесување на ингерециите на локално ниво, а посебно на средствата.

Она што е голема реакцијата кај граѓаните на Република Македонија, она што е поентата на незадоволство е тоа што ние правиме по механички пат да ги прекројуваме границите и главниот критериум е етничкиот критериум. Тоа е незадоволството, тоа е главната поента на незадоволството.

Ако зборуваме сега за издржаноста на концептот за 123 општини господине Шапуриќ дајте вие еден аргумент од каде знаете дали општина Зелениково ќе функционира или не може да функционира. Дали ние добивме издржани аргументи од Владата. Дали нас Владата ни даде издржани елаборати и издржани елементи за функционирање или нефункционирање. За перспективноста и неперспективноста. Ако ги имавме тие анализи и ако направеа тие длабинско снимање и ние ако имавме сеопфатни

дискусии и ако го испочитувавме мислењето на јавноста, ако го испочитувавме мислењето на науката, на експертите, на стручњаците, тогаш ние ќе поставевме отворено прашање тие и тие општини не ги исполнуваат критериумите, тие и тие општини не можат да функционираат. Тогаш ќе речевме стоп и дајте да видиме дали е дојдено време ние да размислуваме во духот на Европа, да размислуваме за концепт. Дали не е време да размислуваме за двостепена и тростепена локална самоуправа. Од типот кажувања Љубљана, па Љубљана градот е уште од 1970, 160 илјади жители и градот Љубљана е од аеродромот до центарот, а Скопје станува конгломерат, Скопје станува град што по квадратура е поголем дури и од Париз. Тука се поентите што не можеме да се разбереме. Доста со тие филозофии европска Македонија.

Македонија треба да биде македонска, па откако биде македонска тогаш ќе биде европска. Ние обратно одиме, Македонија е европска. Дали не сака нас Европа прашање е. Ние зборуваме во контекст Македонија е европска, а дали се прашувате кој сака сиромав човек, дали нас Европа не сака и зошто е ова локумење. Зошто нас не ставаат на стен бајт, не чекаат итн. Затоа што не исполнуваме основни критериуми, затоа што во Европа се оди со исполнување на европски критериуми, а не ние ќе донесеме сега закони. Тие закони дали се функционални, дали кореспондираат со реалноста во Македонија и дали ќе кореспондираат со реалноста на живеењето во Европа. Ние се заложуваме и залажуваме да донесеме закони и викаме дека ќе направиме ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Повелете г. Шапуриќ една минута.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас се согласувам во оној дел што вели Даневски дека Македонија треба да биде македонска па потоа европска. Ние колега Даневски немаме друг пат мора да одиме по патот кон Европа. И дали не сака и дали не не сака Европа нема друг пат, не постои друга опција. Постои опција на изолација, на самоизолација и како што имаа некои земји на Балканот, но и тие ја увидоа таа грешка и се обидуваат да ги исправат тие грешки.

Околу критериумите морам да кажам дека при секоја територијална организација, но и други работи во врска со децентрализацијата, иако се потребни стручни критериуми беше консултирана стручната јавност и беа консултирани екперитите бидејќи и самите експерти што денес го негираат се повикуваа на потребата од од 80-90 општини, за бројот на општините.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Шапуриќ.

Госпоѓо Бонева повелете, имате три минути реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега, не знам зошто толку голема димензија односно толку огромно значење му давате на законот за територијална организација наместо на законот за суштинска децентрализација односно за тоа на кој начин и како ќе ги пренесеме надлежностите на општините во однос на сите сфери на живеењето на граѓаните. Зборувавте овде во најголем дел од вашата дискусија затоа колкава е бројноста на општините во Европа, дека пофункционални се поголемите општини и повеќе можат да ги исполнуваат своите надлежности, меѓутоа јас би сакала во интерес на подобро информирање на јавноста да им кажеме дека Република Македонија со постојниот број на население, просечниот број на граѓани во општините спаѓа во земјите кои што се со многу големи општини по бројност отколку на сите други земји членки на Европската унија и на апликантите. Значи, не сме ние некоја земја која и со сегашниот опфат, со сегашната територијална поделба од 123 општини, значи нашите општини се големи во споредба со европските стандарди, бидејќи, ќе пожнам од најмалите Франција со просечна големина на општината од 1500 жители, Чешка со 1700, Грција со 1800, Словачка со 1900, Австрија со 3300, Бугарија со 3300, Шпанија со 5000, Германија со 5500, и да не редам понатаму, а ние сме со просечна големина на општината од 16 иљјади жители. Јас навистина не можам да разберам доколку бројот на граѓаните во една општина е основниот критериум според вашата дискусија зошто ние со просечна големина, па дури и поголемите општини, земја со поголеми општини, зошто ние да не можеме да опстоиме со оваа територијална организација од 123 општини, кога навистина бројот на општините, според

податоците што ги добивме од општините, тие навистина можат да опстојат, меѓутоа и според економските аналитичари кои јасно укажуваат дека минимална големина на единиците на локалната самоуправа за Македонија е околу 6000 жители од аспект на трошок за администрацијата и обезбедување на административни услови. Бидејќи немаме никаква економска анализа од страна на Владата, овие податоци на економските аналитичари и од локалната самоуправа за нас се релевантни. Дајте да зборуваме подобро за процесот ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господин Шапуриќ имате една минута.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувана госпоѓо Бонева, јас би ви кажал дека е во мојата дискусија и во оние земји што вие ги напоменавте како Унгарија, а помеѓу нив и Франција итн, постои двостепен систем на локална самоуправа, а во Франција дури тростепен. Но и во тие земји, како Франција, постојат исто така огромни општини. Париз е единствена општина, град општина со 10 милиони жители. Значи и во тие земји постојат огромни општини и Париз нема во својот состав општини, туку има подрачни единици.

Во Германија исто така постојат големи градови кои во исто време не само што се првостепен и второстепен облик на локална самоуправа како Хамбург, Бремен, тие се воедно и федерални единки. Значи, три нивоа во еден град се содржани на распределба на власта. Тие се општини, тие се второстепени единици на локална самоуправа, но тие се воедно и покраини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас би сакала да подебатирам со г. Шапуриќ околу европската општина што тој толку ја преферираше во своето излагање.

Да, колега Шапуриќ и јас сум за европска општина, меѓутоа разликата меѓу нас е во тоа како да дојдеме до европската општина.

Јас сметам дека до европската општина, што би значело и јавен тип на општина ќе дојдеме не со механичко окрупнување, како што ние сега тоа го правиме, туку ќе дојдеме со е ден перманентен процес на анализа во спрег со волјата на жителите. Ќе вршиме окрупнување можеби на општините и ќе дојдеме до идеалниот тип кој одговара на Македонија.

Ние сега влегуваме во обратен процес. Ние правиме вештачко окрупнување, а сонуваме за европска општина. Тука се спротивставеностите меѓу позицијата и опозицијата. Колега Шапуриќ не стои опозицијата тврдо на тезата  123 општини и ништо повеќе, туку стои на тезата да видиме како постоечките општини ќе влезат во процесот на децентрализација, како ќе опстојуваат и дали ќе биде потребно окрупнување или уситнување. Тогаш ќе дојдеме колега до европската општина.

На крај на вашето излагање вие изнесовте теза дека наскоро ние ќе треба да расправаме за друг тип на организирање односно за политипен тип на општини. Јас потполно се согласувам со вас дека овој начин на организирање на општините нас не ни е соодветен и дека можеби ни е потребен политипен тип на општини. Зошто тогаш колега Шапуриќ ако сме на иста бранова должина не го отворивме овој процес, да извршиме измена на регулативата и да се приближевме кон политипниот тип на општини, туку цврсто стоиме на механичко спојување на општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Шапуриќ, една минута.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Колешке Лалчевска, Законот за локална самоуправа беше донесен во минатиот Парламент каде што ни јас ни вие не бевме членови, стоеше едно друго мнозинство и јас се прашувам зошто не е отворено прашањето на општина на политипен карактер. Но тоа е реалноста за во едно идно време.

Во поглед на останатите наоди имајќи ги предвид претходните мои реплики на реплики, очигледно е дека во една минута, а претседателот е мошне прецизен, на 55-та

секунда некаде не опоменува, на 59-та не прекинува, не можам да одговорам на вашите наоди, едноставно немам време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Земете збор за да дообјасните, ако мислите дека треба.

Повелете гопсодине Бејта имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Љупчо Мешков.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници кои се внатре во салава.

Денес пред нас имаме еден многу значаен закон, Предлог-закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Пред да поминам по овој Предлог-закон за територијална организација, сакам да ја известам јавноста и сите граѓани, а посебно граѓаните албанци, дека тие не имаат избрано нас, за да работиме во ова Собрание и да носиме закони, кои закони ќе бидат од полза и од интерес на сите граѓни. Албанската опозиција, Демократскта партија на албанците, која исто така има земено толкав број на гласови и има свои пратеници во ова Собрание, кога се расправа за еден закон кој е од интерес на сите граѓани, тие господа не ја исполнуваат обврската што ја имаат земено во однос на своите граѓани и не се овде во ова Собрание. Тие се надвор од Собранието на годишни одмори во разни одморалишта. Според некои велат дека се во Африка, во Египет, Турција, отишле некаде и во Европа и му се припоиле на бившиот лидер на ВМРО-ДПМНЕ, кој четири години биле заедно во владината коалиција и ништо добро не им донесоа на граѓаните, а посебно на граѓаните албанци. Ова ми дава до знаење дека е отсутен бившиот лидер на ВМРО-ДПМНЕ, ми дава до знаење дека овде ќе има долги опструкции и верувам дека додека ние зборуваме, но законот неопходно треба да се донесе.

Пред да поминам на Охридскиот договор би кажал една филозофска реченица, земјата господ ја подарил за сите подеднакво. Наспроти, доколку оваа земја да се поделеше на рамноправен начин, секој да го земеше својот дел што му приапаѓа, тогаш сосема состојбата ќе беше на оваа планета поинаква. Но некој земал повеќе и добил

повеќе, некој помалку, а некој останал без ништо. Сето ова донело до судири, довело до војни во историјата на човештвото.

Затоа, почитувани колеги и почитувани граѓани, дојде до конфликтот во 2001 година, затоа што некој има повеќе, а некој помалку и некој дури нема воопшто ништо. Конфликтот од 2001 година го донесе и Охридскиот договор, кој договор го имам овде пред мене. Од тоа што сум слушал од страна на пратениците од опозицијата до сега, тие ништо немаат речено во однос на Охридскиот договор. Или да кажам подобро, за Уставот кој е во сила, дека Охридскиот договор е составен дел на Уставот, било пратеникот Марјан Ѓорчев, било пратеникот Кедев, било пратеникот кој говореше денес Шајновски. Тие држат еден говор кој е за политички макретинг. Значи граѓаните кои не ги познаваат добро околностите да ги поттикнат и да ги изнесат на улица да имаат судири, немири.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Поминете на законот.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Значи, да прават судири помеѓу граѓаните.

Сега ќе поминам на Договорот, бидејќи со Договор е и поврзан законот за територијална организација на локалната самоуправа. Ќе ми дозволите да го прочитам кој го има потпишано Охридскиот договор, не за нас, туку и за јавноста. Содржината на Рамковниот договор за решенијата на безбедносното прашање во Македонија, уште во понеделник на англиски јазик е потпишан од претседателот на Република Македонија, починатиот Борис Трајковски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и тогашен премиер Љубчо Ѓоргиевски кој не е присутен овде, лидерот на СДСМ, претседателот на Република Македонија  Бранко Црвенковски, Партијата за демократски просперитет, нејзиниот тогашен лидер Имер Имери и ДПА, претседател Арбен Џафери, кој своите пратеници овде не му се присутни. Тие го имаат потпишано ова и мислеа дека откако ќе го потпишат овој Договор, нема да направат ништо. И малите деца доколку го потпишеа, ќе стоеја зад овој Договор.

Кои се основните принципи на овој Договор?

Првата точка се основните принципи. Целосно и безусловно се отстранува употребата на насилствата за политички цели. Само мировните и политички решенија можат да гарантираат стабилност и иднина на Република Македонија . Тоа е точка 1.5. Јас ќе ги прочитам сите.

Развојот на локалната власт е од основно значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за напредокот на почитувањето на идентитетот на заедниците. Значи, Охридскиот договор го овозможува и Уставот, сите да бидеме рамноправни.

Точка 2, укинување на непријателствата. Укинувањето на непријателствата е остварено бидејќи е извршена измена на Уставот, а за тоа имаме и меѓународни гаранции.

Развој и децентрализација. Ова е од големо значење и за ова ние расправаме. Ние сме го објасниле, но ќе повторам уште еднаш во чест на граѓаните кои не следат. Бидејќи, со децентрализација подразбираме преоѓање на многу органи од централна власт на локална власт. Овде нема ништо лошо. Овде треба да се потрудиме, за да избереме способни луѓе во локалната власт, а не да говориме која општина со мнозинство албанско насление, а која општина има македонско мнозинство. Ќе го прочитам ова и за ова сме повикани овде. Ќе се донесе законот ревидиран на локалната власт, со кој ќе се зајакнат овластувањата на претставниците избрани локални и ќе се зголемат надлежностите во согласност со Уставот. Како што се измените во Анексот А и Европската повелба на локалната власт, со што ќе се изрази принципот на вертикалната организација, кој моментално е во сила на Европската унија. Надлежностите зголемени, пред се, се однесуваат на вршењето на јавните услуги, урбанизмот, планирањето на развојот на селата, заштитата на животната средина, развојот на стопанството, културата, локалните финансии, образованието, социјалната заштита и здравствената заштита. Јас не знам од овој закон какви лоши работи има. Од децентрализацијата зошто да се плашат пратениците од македонската опозиција кога ова носи добри работи од интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Точка 4, недискриминација и правичната застапеност. Го зедов примерот со земјата. Целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и третирањето на сите граѓани пред законот. Ние не можеме да имаме два закони, посебни закни за албанците и посебни закони за македонците. Значи, сите закони кои се носат во овој највисок законодавен орган, важат за сите граѓани. Тие кои лошо го толкуваат законот и го спроведуваат законот против албанците, тие не треба да бидат на власт.

Точка 5, посебна собраниска постапка. За да ви укажам на пратениците од опозицијата, било македонската или албанската опозиција на централно ниво, уставните амандмани и законот за локална власт, не може да се донесе без 2/3 мнозинство од пратениците во рамките на ова треба да го има мнозинството на гласови на пратеници, кои им припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство население во Македонија. Значи, не може да се донесе закон на територијална организација, без гласот на пратениците кои не се мнозинство. Затоа, ние сме овде за да го одбраниме овој закон. После донесувањето на законите кои непосредно се однесуваат за културата, употребата на јазикот, образованието, патните исправи и уптребата на симболите кои прашања ќе се решат.

Точка 6, образованието и употребата на јазиците. Во врска со школувањето, образованието, ова беше во сила и со претходните закони. Албанците имаа право за основно и средно образование, да се школуваат на свој јазик. Сега, ова Собрание со пратениците од позицијата го донесе и Законот за официјализација на Тетовскиот универзитет како трет државен универзитет и овој универзитет влегува во рамките на законот и се финансира од државата.

Точка 7, Изразот на идентитетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На дневен ред не е Рамковниот договор, на дневен ред е законот за територијална организација. (Пратеникот Трифун Костовски ракоплекса). Оној дел за кој станува збор околу територијалната организација, ве молам, можете да го искористите и да го анализирате. Сега, ве молам, држете се до текстот на закнот. Ова ви е втора дигресија.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе не знам зошто ме прекинувате кога законот произлегува од Охридскиот договор, законот произлегува и од Уставот. Не го читам целиот Договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас сум принципиелен према сите, па и према вас ќе бидам принципиелен.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Не е точно дека за сите. Јас ова го правам за граѓаните, бидејќи граѓаните знаат дека сите овие измени ги донесе Охридскиот договор. Затоа, јас не сум го прочитал целиот договор, а ако почнам да го читам целиот Охридски договор ми требаат пет часа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само зборувајте за територијална организација и за делот од Охридскиот договор што зборува за територијалната организација.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Добро, во ред. Но, граѓаните ќе ги оставиме без елементарни сознанија. Имам еден предлог, Собранието да го отпечати на албански јазик Охридскиот договор во форма на една џепна книга, како и да го прочитаат сите граѓани и би сакал да ми ја исполните оваа желба. Почитуваниот пратеник Трифун Костовски кој даде аплауз, мислам дека не е потребно, бидејќи вие ќе добиете збор и ако не се согласувате со моите зборови, вие слободно можете да ги искажете вашите размислувања од оваа говорница.

Продолжувам понатаму, ќе го оставам Охридскиот договор. За Предлог-законот за територијална организација, имаше и доста амандмани и имавме и дебата во однос на тоа. Овде од пратениците на опозицијата се кажаа многу невистини, кои не кореспондираат со реалноста и тие немаат контакт со сите граѓани. Еве, се спомнаа референдуми во селата. Има правила како се одржуваат референдуми кога станува збор за законот за новата територијална организација. Во населените места, каде 100% се албанци, се одржаа неколку референдуми, кои референдуми ги организираа на едностран начин претседателите на ДПА, а нивните пратеници се во опозиција. Тие не ја имаат почитувано демократската волја на своите граѓани. Се знаат правилата како се одржуваат референдумите. Има законски правила и уставни правила како треба да се

организираат референдумите, но тие сакале да манипулираат со граѓаните за свои интереси.

Што се однесува до тоа како дојде на дневен ред законот за територијална организација, претходно лидерите на минатата Влада немале храброст, бидејќи таа не им достасувала за да го стават на дневен ред законот за територијална организација. Ова нешто го направи позицијата и нивните лидери, бидејќи тие имаат храброст. Тие знаат дека не е на штета на ниту еден граѓанин и законот кој е пред нас е еден закон кој е биде во служба на сите граѓани кои живеат во нашата држава.

Сега, каде е разликата помеѓу лидерите на опозицијата и лидерите од позицијата. Тука има разлики. До колку немаше разлики, тогаш немаше да има и судири. Лидерите од опозицијата имаат конзервативни идеи и се затворени во еден тесен круг, кој научно се нарекува и се именува кланско затворање. Кога се затвораш во еден таков клански круг, тогаш не можеш да чекориш напред, а најмалку можеш да го воведеш тоа да го направат граѓаните. Додека лидерите од опозицијата кои го донесоа законот овде во ова Собрание имаат идеи и се универзални, затоа што тие гледаат многу подалеку. (Има реакции од пратениците). Повелете господине пратеник. Кога ќе ви дојде редот, овде е претседателот и претседателот може да ми направи забелешка. Ве молам, јас никогаш не сум говорел од место и кога јас ќе говорам од место, ве молам немојте да ме нервирате.

Да повторам уште еднаш, лидерите од позицијата се универзални и тие гледаат многу понапред. Тие сакаат граѓаните на Република Македонија  со овој закон да ги изнесат од мракот и да ги воведат на светлината, бидејќи перспективата на граѓаните на Република Македонија  е да бидеме членки на Европската унија и тогаш можеме да чекориме напред. Бидејќи, ако се излоираме така како што рече пратеникот Зоран Шапуриќ, нека му ја мислат граѓаните што ќе ги снајде.

Што се однесува до општините, најмногу што се говори овде, се говори за општина Струга, општина Кичево и за градот Скопје. Не е направена никаква неправда во однос на граѓаните од македонската националност кои живеат во општина Струга, туку е подобрена неправдата направена во однос на албанците. Бидејќи албанците не дојдоа од некое друго место и ги довеле во Струга, туку тие албанци тука биле заедно и не биле

одвоени. Некој за свои индивидуални интереси, за разни политички цели ги има одвоено овие граѓани. Затоа, сега се врши спојување, припојување на албанците и македонците. Сега, некој ќе протестира, но тие се тука, не се донесени од никаде. Ќе ви кажам еден пример. Ние граѓаните од Струга не ги однесовме како албанско мнозинство да ги споиме со Гевгелија или Кавадарци или Делчево, туку граѓаните албанци тука биле, во Струга, со милениуми, со векови и децении. Само се споија и се направи една поголема општина, па излегува дека албанците ќе бидат мнозинство. Нема ништо лошо во тоа. Истото се случува и во Кичево, но тоа ќе се оствари во 2008 година, а што не е на штета на македонските граѓани. Истото се случува и во главниот град во Скопје. Зошто да не се припојат овие населби. Дали некој сака само албанците да ги оставиме во селата, да не влезат во урбанистичките планови, да се занимаваат со земјоделство и сточарство. Не, албанците сакаат една добра перспектива и тоа ги очекува.

Сакам да им укажам на пратениците од опозицијата, така што ќе го земам за пример градот Гостивар. Тоа е еден многу добар пример.

Во општина Гостивар мнозинство се албанците. Слушајте ме со внимание. Градоначалникот на општината е албанец. Претседателот на Советот е исто така албанец, секретарот на општината е албанец, сите се албанци па никој нема протерстирано од припадниците на македонската заедница сошто се тројца албанци претседатели на овие тела. Раководителите на ДПА не направиле многу штета на македонците кои живеат во општина Гостивар, бидејќи се толку колку што се, туку им направиле штета на граѓаните албанци и со целосна одговорност велам во градот Скопје во споредба со другите градови кои сум ги шетал во цела Македонија градот Гостивар го имаат претворено во едно село. Ова е за жалење, населението чека што побрзо да се донесе овој закон и да излеземе од оваа криза, градот Гостивар да не биде поубав од другите места во нашата Република, туку да биде рамноправен како и другите градови, бидејќи сите работи зависат од човекот. Така ќе се развиваат процесите, зборуваам во иднина што ќе се цени и првиот човек на градот за да знае да раководи со градот затоа што Законот за територијална организација на локалната самоуправа му овозможува такво нешто на градоначалникот, а доколку во иднина ќе донесуваме градоначалници кои ќе работат за да ги исполнат своите тесни интереси, тогаш нека му ја мисли граѓанинот.

Знам една работа дека нашите граѓани во нашата земја се во една тешка социјална и економска состојба. Тоа го знаат и лидерите од опозицијата и лидерите од позицијата, но лидерите од позицијата се трудат да донесат закони од интерес на граѓаните за да ги изнесеме од тешката социјална состојба, додека лидерите од опозицијата се трудат да ја искористат оваа тешка социјална и економска состојба на своите граѓани и ги лажат дека наводно се носи еден закон кој е на штета на граѓаните македонци за да ги изнесат на улица да протерстираат и да предизвикуваат судири. Ова не е во ред било  лидерите од опозцијата или од позицијата треба да се трудат и да работат да донесуваат закони кои ќе бидат од интерес на сите граѓани во Републиката и да се трудат заедно да ја подобрат тешката економска и социјална положба.

Цело време неколку пратеници од македонската опозиција зборуваат за Неготино Полошко, Чегране, Мала Речица, говорат за општина Боговиње, а никогаш нивната нога нема стапнато во овие општини. Јас незнам но некој граѓанин албанец од овие општини да побарал милост од овие пратеници. Од тие општини има пратеници албанци кои имаат голема одговорност во однос на тие граѓани. Ова го говорам затоа што многу граѓани ми дојдоа револтирани од Чегране, Неготино Полошко, Врапчиште и велат немаат право да говорат кога никогаш не дошле во нашите населби за да ја претстават својата политичка програма и никогаш немаат контактирано со нас.

Што се однесува до општина Врапчиште би кажал два-три збора. Општина Врапчиште била општина  а сега е припоена со општина Неготино Полошко. Едно такво спојување е направено на природен начин а друго е што се врши измена на процентот врз нациоални основи. Седиштето останува кај населението кое е малцинство. Седиштето ќе остане во Врапчиште и од ова произлегува дека ги почитуваме малцинствата без оглед дека се 12% турци, но на нив нема да им се ускрати ни едно право, сега 83% се албанци што е нормално во оваа фаза граѓаните албанци да изберат добар градоначалник кој ќе работи од интерес на сите граѓани кои живеат во Врапшичте. Општината Врапчиште не е исчезната, таа е тука, само е направена една измена на национален состав. Доколку беа повеќе ќе беа повеќе и ќе избереа свој градоначалник од своите редови.

Уште нешто да и кажам на опозицијата. Дали не треба да навлеземе подлагоко за измена на границите какви биле од антиката до денешно време, бидејќи ако навлеземе во оваа насока ќе се измени но ние да расправаме за законот кој е пред нас и би ви укажал да не ги лажете вашите граѓани дека ги воведувате во една длабока вода, а тие не знаат да пливаат и ќе се удават. Затоа ние нема да дозволиме да се дават нашите граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бејта бевте коректен во вториот дел.

Ве молам пријавувајте се за реплики оти кога ќе почнеме со првата реплика, нема повеќе реплики.

Почнуваме.

Повелете господине Даневски, три минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас би му реплицирам на господинот Бејта во делот на она што никој во Македонија асполутно нема ништо против абланците. Ние, во контекс на она што стои како незадоволство е тоа што се прават општини по механички пат кои не се по мерка на граѓаните.

Ние зборувавме за тоа дека е време и ќе беше добро издржано ако имавме анализи, ако имавме сознанија кои општини можат да функционираат кои општини неможат да функционираат.

Ова не држи што кажува господинот  Бејта дека некој ги носел на сила. Ние имаме против затоа што се носат по механички пат албанци од Косово. Во една прилика зборував дека  одговорноста не е само на оваа и претходната, туку и пред претходната на тие кои работеа во МВР. На сомнителен начин даваа престој на живеење, па потоа добиваа државјанство. На тој механички прилив е незадоволството кај граѓаните.

Она што зборуваме за лидерите од позиција или опозиција, дали Парламентот работел продуктивно или не, јас би му рекол на господинот Бејта не само две години, туку 12, 14 години Парламентот се бави само со правата на албанците. Во Парламентот не поставивме прашање од типот на економијата, не дискутиравме за земјоделието, не

дискутираме за она што значи живот. Се занимаваме само со човекови права и се исцрпуваме. Се зборува само со демагогија дека зборуваме за соживот, толеранција. Тоа што не го работи Парламентот се чувствува директно на терен. Бедата е и кај албанците, бедата е и кај македонците. Во тој контекст зборуваме некритички за толеранцијата. Она што сакаше да го изнесе господинот Бејта дека некои пратеници не пошле во Западниот дел од Македонија. Еве јас ќе му кажал дека сум бил во Дуф, во неговото село, знам многу албанци од неговото село, сум бил на лов, сме биле, не е така. Велите не барале милост. Нема што граѓаните да бараат милост од пратениците, па било да се македонци или албанци. Оваа држава функционира со институции. Во оваа држава постојат закони, постои Устав кои треба да бидат еднакви за сите. Нема што да бараме милост или немилост од политичарите или од лидерите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта имате една минута контра реплика.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Господине Даневски треба да објасните што е механичка поделба. Врз основа на последниот попис на населението во нашата земја над 25% од населението се албанци.

Во однос на тоа дека си бил во моето родно село, добро е што си бил, само незнам колку имате сознание граѓаните од Дуф се делат само врз верска основа има муслимани и православни, а сите се албанци. Друго е што православните се асимилирани и затоа немој да влегуваш таму каде не ти е местото, бидејќи немаш многу сознанија за мојот роден крај. Ти си отишол таму да ловиш за да се забавуваш, а немомжеш да даваш политички оценки во однос на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути за госпоѓа Јаневска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕВСКА:

Сакам да му реплицирам на колегата Бејта во делот каде разви една опасна теза за гетоизација на албанците особено во струшкиот регион. Тоа е навистина опасна теза затоа што не постои гетоизација на албанците. Да се осврнам прво на градот Струга. Во градот постои еден мирен мултиетнички соживот низ историскиот развој е потврден. Во

1996 година албанците сами побараа и видоа можност во тој закон за територијална организација да се самоорганизираат во посебни општини, како што се Велешта и Делогожда и навистина се потврди тие ја искористија таа можност и тие општини ги доведоа до висок степен на развој.

Да завршам, опасни се овие тези и со неговата завршна реченица дека навистина е безполезно и опасно да шириме такви тези и да ги вовлекуваме граѓаните во една длабока вода.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ние имаме исто мислење. Јас реков албанците се таму и дека не дошле од друго место, но нерамоноправното што беше претходно, составот е таков каков што е врз национална основа и врз основа на новиот закон ќе произлезе дека повеќе албанци има во Струга и мислам дека нема ништо лошо во тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Чашуле имате реплика три минути.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господин претседтел,

Сакам најпрвин да го искористам деловничкото право да исправам една невистина која е два пати повторена во текот на денешната расправа потврдена во исказот на господинот ценет пратеник Бејта на кого му реплицирам.

Пртетходната влада не го донесе Законот за територијална организација и Законот за финансирање заради тоа што постоеше обврска од Рамковниот договор кој толку прецизно цитиравте каде стоеше дека по  успешниот попис врз основа на неговите резултати ќе се пристапи кон овие два закони.

Пописот од познати причини беше одложен, па според тоа се одложија  овие два закони и заради тоа дали некој имал смелост или не, ве молам, таа приказна не се однесува до вас господине Бејта, други ја повторуваат, не е убаво да инсистирам заради тоа што создава ефект кој на никој од нас не му е потребен.

Инаку, јас секогаш сум восхитен кога вие говорите и постојано ме инспирирате на реплика. Навистина ја почитувам вашата лојалност кон вашите партнери. Сакам само да ве потсетам дека ако разграничувањето, поделбата на албанците, па и последователниот конфликт кој произлезе од неправичната територијална распределба ја направија вашиот сегашен мнознски коалиционен партнер и ПДП.

Според тоа, не ги барајте кај нас затворените умови, не ги барајте кај нас луѓето кои оваа држава не сакаат да ја водат во Европа. Поредокот против кој велите дека сте се побуниле, го направија вашите партнери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпдине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Господине колега Чашуле, доколку претходната влада ќе ги донесеше законите во догледно време, сосема ќе имавме поинаква политичка ситуација во земјата. Но, за цело време од моментот на потпишувањето на Охридскиот договор, во време кога бевте позиција направивте опструкција, а сега правите невидена опструкција со една единствена ситуација да не дојде до реализација и имплементација на Охридскиот договор. Сакале или не сепак тој договор ќе се реализира.

(Во 12,00 часот, со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Џезаир Шаќири имате реплика.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Сакам да реплицирам на господинот Бејта, бидејќи ја спомна македонската опозиција, но и албанската, а јас сум од таа албанска опозиција, па да направам една куса реплика.

Господинот Бејта рече дека законите што се од важност за малцинството односно албанците треба да бидат гласани со мнозинство од албанците. Сакам да го прашам дали господинот Бејта вашата партија има 16 пратеници, бидејќи ги донесовте овие

закони, сакам да ве прашам колку со гласовите на ДУИ и донесовте законите за лични исправи. Сакам да ви напоменам и во врска со најновиот закон со кој се договоривте со вашиот коалиционен партнер, не сакам да навлегувам многу во врска со Струга, таму ситуацијата каква е знаете, но за Кичево господине Бејта колку вие можете да бидете сигурни дека со вашиот коалиционен партнер ќе ги добиете наредните избори кога во предвид треба да имате дека на Охридскиот договор има потпис има и меѓународен фактор, а имате проблеми со имплементацијата. Да не навлегуваме во тоа дека имате проблеми со двојазичноста на Скопје, дека албанците сте ги осакатиле, се знае дека и Исламската заедница сте ја осакатиле, Визбегово. Дали господине Бејта улицата Дижонска, Серава, Дуќанџик, Оризаре, дали тие населени места се легализирани, имајќи во предвид дека со микроскоп може да се пронајде во општина Чаир каде албанците се мнозинство, но како ќе ги регулирате сите оние проблеми за кои толку се фалите.

Рековте нешто за Гостивар, го спомнавте секретарот на општината дека е албанец, претседателот на Советот на општината, градоначалникот, господине Бејта две години сте на власт колку проценти се албанци таму? 80%. Вие сте од Гостивар, знаете во јавната адми истрација колку се албанци? Кога ќе го имплементирате тој дел од Охридскиот договор. Не не изненадува зошто македонската опозиција се бори толку остро во однос на Охридскиот договор и со македонската позиција и оние малку права што ги добивте од Струга се обидувате да ги распарчите, но господине Бејта дојде до референдум, што ќе направивте вие како партија, се мисли на референдумот што ќе го организира македонската опозиција.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Бејта една минута.

НЕВЗАТ БЕЈТА"

Да објаснам некои работи. Со господинот пратеник Џезаири јас му реплицирав на ДПА како опозиција, а сега вие сте опозиција сами на себе, но незнам дали можам да ги вклучам за една минута сите овие работи бидејќи вие ми поставивте многу прашања како да сум министер или лидер. Јас сум како и ти пратеник и јас ги бранам одлуките на партијата на која и припаѓам,значи на ДУИ.

Во однос на личните карти, имате право,  верувам дека на една седница кога ќе имаме право да поставуваме пратенички прашања да му го упатите тоа прашање на министерот за внатрешни работи, а во однос на тоа Кичево дали ќе се припои во 2008 година, тоа е регулирано со закон кој треба да го изгласаме, каде има посебна законска одредба, а во однос на Гостивар треба да правиме разлика, бидејќи ние сме во централна власт, а не локалната. Со овој закон ќе се расчистат сите овие дилеми и албанците ќе бидат вклучени во администрацијата во однос на нивниот процент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г-динот Ѓорѓи Оровчанец:

Повелете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам.

Внимателно ја слушав дискусијата на г-динот пратеник Бејта. И без разлика што он половина од дискусијата ја потроши да даде свое толкување на Рамковниот договор за  кој сметам дека дефинитивно и самиот не го сфатил.

Она што сакам да го потенцирам во неговата дискусија е дефиницијата и описот со кој апсолутно ќе се сложам, како го постави на процесот на децентрализација.

Значи, се она што изнесе и што е процес на децентрализација јас апсолутно се сложувам со него. Меѓутоа, завршува до тука. Г-динот Бејта не ја следи теоријата која ја наметна, него влезе во една демагогија на запоставеност на албанците и тн., меѓутоа очигледно не ја сфати практично самата децентрализација иако добро ја презентира или добро ја научил дефиницијата.

Ако одиме по таа дефиниција г-дине Бејта и Струга треба да биде општина и те како, и Џепчиште треба да биде општина и те како и Врапчиште треба да биде општина и те како. Ако ги имаме во предвид елементите на децентрализација кои што и вие сами овде така ги експониравте. Скоро не треба да се служите со работи кои што едноставно веќе се докажани, и дека не се такви. Законот за локална самоуправа беше донесен во 2002 година, пролетта.Беше одложен пописот на населението така да никаков закон во

тој период не можеше да се стави друг, така да за храброста и за кукавичлукот можеме да зборуваме друг пат или по друга тема.

И трето што посебно ме нервира кога се работи за вашиот роден крај, вие дефинитивно ни порачувате овде на сите  не се мешајте таму, тоа е моја област или тоа е мој феуд. Јас можам да ви кажам дека контактирам со луѓе, и македонци и албанци и тој крај, можам да ви презентирам дека голем дел на луѓето албанци од вашата изборна единица конкретно се револтирани на она што ДУИ го прави сметајќи дека се уназадува и соживотот и дека се уназадува економскиот просперитет на тој крај.

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дин Бејта повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ќе бидам многу краток. Ќе се потпрам на она што го рече последното дека тој има многу пријатели албанци од таа страна. Би му предложил на наредните избори да излезе како независен пратеник, кандидат и да обиде да добие гласови од албанците. Јас му гарантирам дека нема да добие ниту еден глас.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Продолжуваме со реплики г-ѓа Марија Којзеклиска. Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам, потпретседателке,

Јас ќе се навртам на некои делови на дискусијата на г-динот Бејта, посебно во оној дел за квантни кругови кои ги спомнуваше. Политичарите од опозицијата и претходната влада биле тие кои ја затвориле Македонија, немаат визии за надвор. Да го потсетам ако заборавил дека тој, во тој квантен круг  не затвори војната, Рамковниот договор, и колегите албанци кои се бореа за нивните права. Значи, да не ја извртуваме вистината.

Во однос на членството на Македонија и она каде ќе не одвело она што се однесува на досегашната работа и на идната работа на оваа Влада, за влез во ЕУ, вчера

кажав и денеска ќе потврдам, новиот претседател на Европскаста комисија, децидно кажа “до Романија точка. Земјите од западен Балкан може да имаат само регионална соработка”. Значи, вратите на Република Македонија и за ЕУ и за НАТО структурите беа малку подотворени, ама сега се сосема затворени. И, досега имавме сигнали од ЕУ, да го потсетам колегата па тие”направете го ова па ќе влезете во ЕУ”, “на правете го она ќе влезете во ЕУ” и на крајот да дојдеме до заклучок дека всушност вратите на ЕУ за нас се затворени.

Од дискусијата на г-динот Бејта разбрав дека во нивната изборна единица и граѓаните со кои тие комуницираат, всушност, господата од ДУИ ги трујат своите граѓани со идејата за Голема Албанија, скриена зад желбите и укажувањата за влез во ЕУ, и заради тоа граѓаните од изборните единици од каде што доаѓаат колегите албанци не знаат зошто опозицијата реагира на предлогот за територијална поделба. Јас од него слушнав дека тие имаме “ваши” и “наши”, граѓани. Каде е тука мултиетништвото што толку благо звучи од устите на колегите од ДУИ?

Благодрам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Г-дине Бејта, повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодрам.

Вие,  колешке не го почитувате Охридскиот договор, Уставот и вие со вашето однесување во вашиот законодавен дом, вие на граѓаните им ги затворате вратите на Европа.

Што се однесува до Голема Албанија, незнам коку знаете, никогаш немало голема Албанија, туку имало Велика Бугарија и Велика Србија. А вие, веројатно се ангажирате за формирање на Велика Бугарија, не знам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Други пријавени за реплика нема, колку што гледам.

Одиме понатаму со дискусии.

Збор има г-динот Љупчо Мешков, повелете.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Благодарам , потпретседателке.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Јас, за разлика од еден дел од моите колеги дискутанти нема да употребувам во моето изложување на ставот по повод овој закон пароли од типот коку сакам Скопје да биде двојазично, колку не, колку сум против, а колку за употребата на албанскиот јазик, јас ќе се обидам со некои мои аргументи, размислувања да го потврдам мојот став дека Законот што е денеска на дневен ред и по кој што дебатираме дека не може да ги исполни целите заради кои што предлагачот вели дека се донесува.

При тоа, при искажувањето на нашите ставови мислам дека не треба да има варничење, не треба да има нервози, затоа што на крајот на краиштата сите овде сме пратеници и сите треба да го искажеме својот став по една вака битна и важна тема, по едно вакво важно прашање за да може од временска дистанца, утре, историјата да може да оцени и види ако исходот за кој што се залага едната страна е добар, да се види дека навистина тие направиле нешто добро за Македонија, или, ако е лошо, да се знае дека ова што сега се предлага е почеток на нешто што ќе се случува и што нема да биде во насока на она што вели предлагачот дека треба да бидат исполнети целите, дека треба да имаме подобар мултиетнички сочивот да одиме кон Европа и другите цели, што се претендира овој закон да ги исполни.

На почетокот сакам да кажам дека мислам дека овој закон, како што реков, нема да придонесе во насока на тоа што сака да се постигне. За тоа нема да ги исполни целите заради слендите причини:

Прво, мислам дека овој закон не базира, не наоѓа основа во целосна анализа на постојните состојби особено на полето на постојната локална организација;

Второ, мислам дека не дава голем придонес во корист на мултиетничкиот соживот, затоа што се носи со привилегии кон една етничка заедница, албанскаста, а не и кон дргите;

Трето, по мое убедување, во извесна мера ги нарушува темелите на АСНОМ-ска Македонија и

Четврто, содржи одредени одредби од наредботивен аспект што со својаа содржина, во најмала рака, мислам дека го назадуваат квалитетот на овој закон и предизвикаат всушност најголеми реакции кај граѓаните.

Очигледно е дека во текот на целата оваа, а особено во почетокот на образложението на донесувањето на овој закон, барем јас мислам дека не ги слушнавме вистинските причини за донесувањето на овој закон, иако може би тие и не може отворено да се кажат, што наведува на размислата дека вистинските причини се скриени и се наоѓаат во еден договор на партиите во коалицијата. Како да во тој договор, внатрешен, барем јас чувствувам дека постојат елементи на закани, исплашеност, интереси да се задржи власта по секоја цена, а се друго е во втор план, најмалку да се создаде основа за мирен и хармоничен соживот што покажува и актуелната состојба во државата по повод реакиците што граѓаните ги искажуваат околу процедурата и постапката на донесувањето на овој закон.

Ќе одам по ред, вака како што ги набројав овие причини, заради кои што реков дека мислам, дека Законот нема да ги исполни целите, заради кои што се донесува.

Прво, и од други колеги беше спомнато дека Законот се носи без една подлабока анализа на функционирањето на сегашната организација на локална самоуправа во која што анализа требаше да се види коку се почитувани интересите на руралните средини, колку се почитувани интересите на граѓаните што треба да ги остваруваат во градските средини, создавани се, исто така се создаваат гломазни општини што, можеби, во некој случај е добро решение, меѓутоа, претпоставка е дека кога се работи за непосредно остварување на правата на граЃаните во единиците на локална самоуправа, впечаток би требало да биде дека во една помала единица на локална самоуправа, се разбира доколку се создадат предуслови за тоа, би имало поголеми услови за понепосредно и покалитетно остварување на правата на граѓаните во таа единица на локална самоуправа.

Значи, и понатаму продолжуваме со практиката на донесување од овој парламент на закони без еден посериозен аналитички пристап и без однапред дса ги знаеме последиците и ефектите што таквиот закон може да ги предизвика во текот на неговата примена. Се разбира дека можеби, верувам дека и предлагачот има правено одредени анализи и согледувања, меѓутоа, ние такви анализи, подлабоки, овде во Парламентот не видовме. Ниту пак со едни такви анализи и објаснувања за сегашните предложени решенија имаат граѓаните, поради што, се разбира, доаѓа до ова што доаѓа како незадоволство од донесувањето на овој закон.

Ова укажува на фактот дека, по мое длабоко убедување оваа постапка на предлгање на овој закон е не до крај транспарентно водена. Јас, на пример, незнам дека предлагачот направил во некое место, во некоја единица на локална самоуправа некоја трибина, разговор со граѓаните во смисла да ги убеди дека овие решенија што сега се нудат се подобри од претходните, што во крајна линија му дава белег на целиот процес дека не до крај е транспарентен, на предложувањето на овој закон. За разлика од тоа, пак, кога се воде аразговорите и преговорите за некои решенија во овој закон, имавме навремени, секојдневни, катадневни информации, како напредуваат разговорите и некои од нас добивме впечаток дека се води беспоштедна борба на партиите од власта од македонскиот блок да се спаси што може да се спаси во тие такви преговори.

Сега сепоставува прашањето, ако немаме аналитички пристап во донесување на овој закон, како и во другите, дали тоа значи хармонизација на македонското законодавство, со законодавството на Европа, ако велиме дека и овој закон, како и други закони, што сега ги донесуваме и реформите што ги спроведуваме или треба да ги спроведуваме треба да не донесат во Европа. Европа работи, сум имал можност да гледам лично како работи Европа во делот на нормативата. Европа, кога носи закон, таа прво ги анализира во цлоест стојбите, оценува што е добро во постојните а што не е па дури потоа предлага, имајќи предвид какви ефекти и последици примената на таквите закони можат да донесат во интересите и правата на граѓаните.

Ќе ви посочам само едне пример во оваа насока. Западна Германија, во Бон, беа изготвени сите законски прописи година дена пред да бидаст споени двете Германии,

значи, имаат еден сосема подруг пристап, аналитички и затоа можеби грешките се многу помали, отколку носење на вака важни закони што се носат не докрај транспарентни, без да се создадат предуслови за да можат граѓаните да ги разберат пораките на предлагачот дека тие се во насока на нивен подобар живот и во насока на ендо поефикансо и поквалитетно остварување на нивните права.

Дека е ова вака, за мене зборува и фактот што и министерот во текот на неговото обраќање пред некој ден, прво рече дека секако дека ова можеби не е најдоброто решение што се предлага за локалната организација, можеби има и други одобри решенија, тоа е сосема во ред, за да после само во една реплика или рече дека Владата цврсто стои на овој став и смета дека ова е единственото исправно решение, единствениот пат по кој што треба да работиме и да одиме во организацијата на локалната самоуправа.

Јас мислам дека реков дека овој закон нема да оди во насока на хармонизација на меѓуетничките односи од еден друг податок, оти бројките се некогаш исто така многу битни кога ќе ги анализирате. И сега, ако се направи една анализа на тие бројки ќе се види дека 92% од македонскиот народ и дури 77% од албанската етничка заедница живеат во општини во кои се мнозинство население. Со тоа се докажува дека особено со овој закон се прават етнички групирања, намето мултиетнички. Значи, само 23% од албанците живеат или ќе живеат во единици на локална самоуправа каде што тие не се во мнозинство. Тоа е типичен пример дека со предложените решенија се прават етнички груирања, а не мултиетничност што е основна цел и задача што велиме дека треба да ја исполниме со овој закон.

Исто така, тоа нема а се постигне или, заради тоа што во постапката за неговото донесување, колку што јас знам на ниту еден начин не се консултирани граѓаните од општините чии општински граници се менуваат, иако се работи за остварување на нивните права, иако се работи за нив, за самите граѓани и најпосле, што е можеби и најбитно што во целата таа постапка требало да се применат одредбите и од нашето и од Европското законодавство, посебно од Европската повелба за локална самоуправа, каде што Република Македонија со својот потпис ги презела обврските дека ќе ги применува

нејзините одредби. Со ова, во практика јас мислам дека не е направено и заради тоа мислам дека се и реакциите, заради тоа мислам дека не создаваме една хармонична атмосфера за мултиетнички сочивот.

Исто така, мораме да признаеме дека можеби полека, срамежливо, но доаѓаат критики од Меѓународната заендица. Конкретно, последното беше од Ивештајот на Меѓународната кризна група иако критиките што тие ги даваат можеби се резервирани критики, се критики меѓу редови, но сепак и од нивниот Извештај може да се види дека имаме направено одредени грешки во нашите напори за мултиетнички соживот.

Ваквиот заклучок го извлекувам, пред се, заради фактот што според мене етничката толераниција во Република Македонија се прави само преку задоволување на неицрпните барања на албанската, само албанската етничка заедница затоа што прво што е сосема нормално тоа од една страна предизвикува незадоволство кај Македонскиот народ, а од друга страна сигурно дека со тоа што работиме на задоволување на барањата на албанската етничка заедница се наоѓаат во втор план другите етнички заедници кои што живеат во Република Македонија. При тоа незадоволството кај граѓаните кога зборувам за граѓаните сигурно не мислам за сите, на поголемиот дел од граѓаните не доаѓа тоа незадоволство од упутребата на албанскиот јазик туку тоа што истиот со прекројување и припојување на територии и население се наметнува и таму каде што пред тоа прекројување немал своја употреба заради тоа што албанците согласно Уставот тој цензур го немале што треба да го имаат за да може тој јазик да биде службен јазик покрај македонскиот.

И, токму во тоа е разликата што треба да ја правиме, а мислам дека малку се прави помеѓу децентрализацијата и помеѓу организацијата на локалната самоуправа. Иако многу колеги во дискусиите сакаат таа разлика, така да кажам, да ја замачкаат па постојано зборуваат за пакет закони кој не води во Европа и апсолутно не води, сигурно но пакет е пакет, вие во пакетот неможете се што е во него да го поистевотувате, самата територијална децентрализација е процес за кој сите политички партии се согласни дека апсолутно мора да оди и дека без тој процес неможеме да одиме кон Европа, меѓутоа

територијалната организација е сосема друго прашање заради тоа што децентрализација може да се направи ако не 100% барем во најголем дел на постојната организација на локалната самоуправа, ние не можеме да правиме децентрализација иако се разбира дека нецелосно некои општини сигурно не можеле со својот капацитет успшно да го спроведат тој процес, но во најголем дел сигурно можело и така да се оди. Реков анализи за тоа немаме, аналитички пристап немаме и затоа не знаеме дали тоа можело или неможело да се направи целосно или делумно на постојната организација на единиците на локалната самоуправа.

Основа за едно вакво прекројување на границите, вештачко во кое се создаваат услови албанската етничка заедница да биде над 20% во некоја општина, а пред тоа не била, нема основ во Уставот, според мене, зошто ако има веројатно тоа би можеле да го побараат и другите етнички заедници и би биле во право, Тутците, Бошњаците, Србите, Ромите, кога и тие евентуално утре можат да бараат такви групирања и измена на прописите на локалната организација да можат и тие евентуално негде да го постигнат тој процент. Значи, вештачкиот пат на прекрпојувањето и правењето е тоа што предизвикува револт, а не употребата или неупотребата на албанскиот јазик.

Со ваквиот начин ја потврдуваме само тезата дека покрај македонскиот доминантен и важен е само албанскиот интерес што пак води до заклучокот дека Република Македонија оди по патот на градење на бинационална држава место мултиетничка држава.

Дека тоа е така зборува и предлогот за Градот Скопје како метропола, како главен град на Републиката кој што исто така на ваков начин кој претходно го објаснив се доаѓа до таа бројка од 20% за да може да се направи главниот град двојазичен, а во секој случај историјата и понатаму ќе покаже дали сум во право или не, меѓутоа бинационална држава, навистина за да се направи полесно метрополата и главниот град би требало првиот предуслов што требало да се исполни, треба главниот град да биде двојазичен. Во таа насока аргументација е и фактот што главниот град на Република Македонија се прави двојазичен.

Јас имав прилика, еве и сите имавме прилика сигурно по ова важно прашање да дискутираме и со граѓаните, мислам дека еден добар дел од нив искажаа загриженост за опстојувањето и натамошната судбина на асномска Македонија односно на Македонија создадена врз основа на асномските документи, бидејќи во тие документи Македонија беше поставена на релациите на рамноправност на македонскиот народ со сите други национални малцинства кои живеат во Република Македонија .Сега со овој предлог мислам дека малку од таквите реалции како да се изместуваат, се менуваат и сега фактички со една ваква територијална организација со вакви решенија мислам дека тие релации ќе видат дека Македонија ќе биде држава во која македонскиот и албанскиот народ ќе бидат рамноправни со сите останати етнички заедници кои што живеат во Република Македонија. Сега тука ни е малку утеха искажувањето на претседателот во еден говор дека и во асномските документи бил содржан Рамковниот договор, јас не сум знаел за тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам ако може кога ќе биде тука присутен да му поставите прашање, јас неможам да ви одговорам.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Значи Македонија можеби ќе ја има, после овој закон, веројатно, но таа нема да биде повеќе истата за која што зборувам, туку ќе биде вклопена во рамка што некој ја исковал и ќе биде се повеќе Македонија држава на незадоволни граѓани. И, сега последното што го реков дека законот содржи одредени одредби кои што мислам дека го намалуваат неговиот квалитет и заради тоа создаваат еден куп незадоволство кај граѓаните. Првата од тие одредби на која што сум сакал да се навратам е решението дадено во законот во врска со Кичево, каде што границите на Кичево треба да бидат изменети некаде по истекот на 4 години. При тоа сакам да напомнам дека ваквото решение не само што моментално ја влошува атмосверата во Кичево, односно го влошува меѓуетничкиот соживот, туку тој такви последици ќе предизвика, уште поголеми по 4 години.

Прво, со овие 4 години луѓето ќе живеат во една агонија дали Кичево зборувам за македонците, ќе остане такво какво што е или ќе биде сосема изменето, каде ќе бидат неговите граници, а пак албанската етничка заедница ќе стрепи од тоа дали по 4 години навистина оваа законска одредба ќе се примени или можеби ќе дојде некој друг што ќе ја измени таквата одредба. Значи, се на се , се создава една психоза која води нок се замо не кон соживот кон мирен, не кон една меѓуетничка толеранција на граѓаните кои што живеат во Кичево.

При тоа сакам да ја апострофирам изјавата на еден пратеник од ДУИ кој рече дека ваквото решение во законот не на штета на македонцките туку е казна за албанците. И, сега останува прашањето како сега кој пратеник кај неговите гласачи кај албанскиот електорат како ќе им ја објасни ваквата одредба, да направи една толеранција и соживот. Ќе мора да им каже дека уште 4 години ќе мора да го трпат јаремот на македонското мнозинство таму, а после 4 години работите ќе се дојдат на свое место. Така, со таквите изјави со таквите ставови јас мислам дека не можеме да правиме атмосфера погодна за мултиетничка толеранција и соживот.

Решението за Струга, Струга како град кој навистина е извонредно значаен за македонците за Македонската држава, градот на браќата Миладиновци, град светски познат центар затоа што знаеме таму какви манифастации се одржуваат, еден од туристичките бисери на Охридското езеро и што е најважно најголем пример на соживот и меѓуетничка толераниција.

Е, сега со ваквото решение што направивме. Сега Струга го направивме град каде што имаме протести, појавени насилства, расправии без потреба. Таквото решение во секој случај може да се постави со таквото решение во тој закон прашањето дали е тој закон што треба да ги релаксира меѓуетничките односи.

Скопје со Сарај и со Кондово, припојување на двојно поголема територија од сегашната што ја има Градот Скопје.

И сега ако знаеме кои се комунални проблеми ги имаат граѓаните во Скопје како ли тие сега понепосредно и поквалитетно ќе ги остваруваат правата кога Скпје сега ѓе има двојно поголема пворшина од колку што е сегашната. И, ако се земе предвид дека тоа ќе

биде урбана, градска средина, каде што ќе продолжи градењето, населувањето, многу брзо Скопје ќе биде град кој што ќе има еден милион жители можеби и повеќе, можеби и некој ќе рече што е толку лошо да добиеме и ние една милионска метропола, меѓутоа во двомилионска држава еден милион граѓани во градот со подрачје со една четвртина или една петина од територијата на Република Македонија незнам колку е тоа во насока на побрзо, поефикансо и подобро остварување на правата на граѓаните што треба да ги остваруваат во рамките на градот и во рамките на другите единици на локалната самоуправа.

Сигурен сум дека Владата и колегите од лвладеачкие партии знаеле или претпоставувале дека повеќето решенија предложени во овој закон ќе предизвикаат реакции на незадоволство кај граѓаните. Меѓутоа, не знам дали знаеле или дали знаат со таквите предлози се придонесува во создавањето на една политичка нестабилност во државата која нешто по некоја случајност или не се поклопува временски со решавањето на статусот на Косово.

Токму во оваа насока ќе завршам со еден цитат од коментарот на еден наш новинар по повод Извештајот од Меѓународната кризна група кој гласеше вака: “Пораката што ни ја испрати Меѓународната кризна група дека со децентрализацијата или без неа, со Рамковниот договор или без него евентуалните насилства на Косово ќе се одразат на мирот во Македонија предизвикувајќи нови судири кои ќе ја постават дилемата која беше тогаш целта и поентата на Охридскиот компромис” Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор министерот за локална самоуправа г-дин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Мешков поставивте едно прашање, дали пакетот на закони или законот за територијална организација се води сметка и се хармонизира со една од најважните задачи на Република Македонија, со Европското законодавство. Одговорот е да. Законот за територијална организација е во согласност со Европската повелба и со сите меѓународни акти за развој на локалната самоуправа.

Второто прашање поврзано со ова, точно и овој закон во јавната расправа, кои не би ги набројувал, со каков успех е водена и кои се резултатите, тоа е друго прашање, постоеше интензивна јавна расправа и голем дел беше организирана во соработка со Советот на Европа. Голем дел на тркалезни маси на кои учествуваа странски домашни експерти, коментирајќи ги искуствата на европските држави на развој на локалната самоуправа во Република Македонија и решенијата кои се предлагаат од аспект на новиот закон за локални самоуправа и новите надлежности.

И, сакам да ве прашам во кои општини во Република Македонија со спојување и припојување по вештачки пат е воведен како службен јазик покрај македонскиот јазик и албанскиот јазик, освен ако сметате и кажувате Скопје и општината Чашка од законот во 123 општини, бидејќи укажавте во голем број општини намерно се прави употреба на службениот јазик и изведувате заклучоци.

На крајот би сакал да ви укажам на вашето последно укажување дека со припојувањето на Сарај и Кондово во Скопје ќе се создадат можности за големо населување со измена на урбанистичките планови, создавање на услови за населување. Јас би сакал да ве убедам и мислам дека тоа го знаете. Општините во делот на урбанизам и законите кои ви се донесени за просторно и урбанистичко планирање имаат многу поголеми можности Сарај и Кондово да донесуваат детални планови да уредуваат Зони за санбена изградба, одколку Сарај и Кондово да бидат дел од градот и мора да се почитуваат одредбите од генералниот урбанистички план на Градот Скопје во кој јас но и прецизно се определуваат зони, размери, делот на развој на градот, механичкиот прилив, можностите и ќе бидат под контрола на целокупниот дел на нормативните акти на Градот Скопје одколку секоја општина да ги има своите овластувања.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Г-дине Љупчо Мешков имате реплика. Повелете.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Потенцирам само одредени случаи каде Што тоа се прави, ненавлегувајќи во тоа дали се два, дали се три случаи или 10. Реков со механичко припојување имаме таква појава, таква методологија во границите во некои единици на локалната самоуправа.

Кога зборував за Скопје, вчера нешто колешката зборуваше, ми се чини во петокот ние сме сите сентимални кон Сарај особено старите Скопјани, меѓутоа кога зборуваме за Кондово и за Сарај, ние зборуваме за општините, еве да го земеме Сарај кој што има 22 или 23 села. Претпоставувам дека министерот подобро ги знае тие работи, меѓутоа 23 селски населби сега која е целта да се носат во градот со толкаво подрачје каде што сите тие луѓе ќе мораат да ги остваруваат непосредно правата во градот и какви се сега тука измешани интересите на руралните и на градските средини.

Во таа насока мислев дека градот се проширува со селски населби во смисла дека граѓаните се га со оваа решение многу потешко ќе ги остваруваат своите права од локалната самоуправа од колку до сега.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам

Г-дине Вејсели имате реплика.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, почитуван министер,

Навистина не сакам да реплицирам, но познавајќи го пратеникот Љупчо Мешков дека не е од таа природа така како што дискутираше денеска бев приморан да реплицирам и да започнам од крајот. Вие сте против Сарај и Кондово и рековте дека Сарај и Кондово имаат голем број инфраструктурни проблеми и други проблеми кои што неможат да ги надминат. Да, г-дине Мешков, вие треба да знаете водата што ја зема Скопје е од Рашче а селата околу Рашче немаат вода за пиење. Доколку сакате или доколку се обидувате и понатаму да продолжувате на ваков начин нивниот живот, на Сарај и Кондово јас нема да се согласам со вас и вие не сте за соживот и вие не сте за изградба на доверба меѓу граѓаните во Република Македонија.

Второ, рековте дека ... (не се слуша) без разлика кои живеат во таа Струга. Ама вие рековте нешто друго.

Трето, што е најзначајно заради тоа што ви реплицирам, зошто сеете омраза кај граѓаните на Република Македонија, зошто сеуште се обидувате  да одите со некои стари фрази. Вие знаете дека во Асномска Македонија, да го речете за Асномска Македонија на папир во декларација, се согласувам со вас, дека во Асномска Македонија, во документите на АСНОМ јасно се вели дека Македонија им припаѓа на сите нејзини граѓани без оглед на нивната национална припадност и верска припадност. Но, Асномска Македонија во реалност работеше поинаку, Асномска реална Македонија работеше поинаку.  За оваа Македонија во редовите на партизаните беа и нашите родители, нашите дедовци. Тие не се бореа за Асномска Македонија веднаш по ослободувањето да ги убиваат нивните браќа во тетовскиот монопол. И кога говориме за Асномска Македонија треба да имаме малку внимание.

И второ, бидејки браните една теза, но потикнувате омраза кај другите.

Второ, јас мислам дека не е време да разговараме за овие прашања затоа што имаме една демократска...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути поминаа.

Господине Мешков една минута, повелете.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Незнам зошто мојот говор не го бендиса. Мене ме бендиса многу, да ви кажам.

Целта кога го спомнав Сарај и Кондово и во контекс зборував и за другите . Јас само прашав и се прашувам и кажував аргументи за тоа што сега на пример со спојувањето на овие 23 рурални средини кои што имаат рурални интереси кои што сега ќе дојдат во градот, што тука битно ќе се промени за граѓаните на тие. Можеби јас не сум во право, незнам , меѓутоа јас не гледам што битно во таа насока ќе биде променето. Инаку навистина ниту на крај памет не ми е и не сум таков да сеам омраза и дури внимавав што зборувам. Меѓутоа, незнам зошто таков впечаток добил колегата, дека сеам омраза. Таква намера нависитна  не сум имал и не сум од тој тип на луѓе кои што сеат омраза.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г-дине претседател. На самиот почеток сакам да нагласам дека идеално решение на закони нема,. Секогаш треба да се направат напори максимални преку решенија што се даваат преку закони да бидат поблиску до идеални закони. Во Уставот од 1991 година се предвидени основни принципи на организирање и функционирање на локалната самоуправа и истовремено се гарантирани и правата на граѓаните за локална самоуправа како нов едностепен систем на локална самоуправа со исклучок на Град Скопје кој се регулира со нов закон и кој се разликува од овој систем поради посебниот степен, или пак што го има Градот Скопје. Според територијалната поделба на Република Македонија досегашната имаше неколку недостатоци поради големиот број на општини и просторот на кој што живеат граѓаните на Република Македонија и беше докажан како нерационален од аспект на реализирање на правата на граѓаните за еден многу подобар општествен живот. Законот кој што е во сила беше докажан. И кога станува збор за централизација и децентрализација на власта, никаде во светот господа пратеници немаме таков централизиран систем, дури ваков пример не постоел ниту во монизмот. Токму тоа докажува дека треба да се направи еден нов поинаков систем во локалната самоуправа, а со една единствена цел власта да им се предаде на граѓаните. Врз основа на она што го рековте претходно, во 1999 година беше донесена стратегија за реформа на стратегијата на локалната власт, или пак пакет на закони со кои што се обидуваше да се направи еден поинаков развој на локалната сампуправа, а тоа значи и нов закон за територијална организација. Во овој правец мислам дека процесот на измени на локалната смаоуправа не започнува сопакетот закони што е на дневен ред на оваа сеанса, туку овој процес започна во 2001 година кога од ова Собрание беше донесен Законот за локална самоуправа со кој единиците на локална самоуправа согласно со членот 22 се пренесени еден дел од надлежностите врз локалната самоуправа. Ова пренесување донесува и до ново територијално организирање во согласност со овие надлежности. Кога на сето ова ќе се додаде и она

што е предвидено во Охридскиот Рамковен договор точка 3 точка 3, основните принципи во кои се говори за развојот на децентрализираната власт Анекс Б точка 3 каде се предвидува обврска Собранието да донесе  еден нов ревидиран закон за територијална организација врз основа на пописот на населението, тогаш со право може да констатираме дека овој орган како законодавен дом треба да ги донесе законите од оваа природа, реформи кои што сигурно ќе влијаат Македонија да биде поблиску до архитектурата на државите на Европската унија. Сето ова почитувани колеги кажува дека територијалната организација е едно многу комплексно прашање.

Со Предлогот почитувани колеги, се  регулира територијална организација на локалната самоуправа, се основаат општини, се одредуваат границите на општините и на Градот Скопје како посебна локална единица, се одредува името седиште и други прашања поврзани солокалната самоуправа. Со предложениот Прдлог на законот за територијална организација за локална самоуправа во Република Македонија  се предвидуваат 70 општини како посебни единици на локална самоуправа од кои 33 се урбани, а 37 се рурални општини како и 10 општини како посебни единици во рамките на Градот Скопје.  Овој закон се базира на некои елементи од кои што ќе ги потенцирам сега: концентрирање на материјални добра и ресурси како што е територијална природна граница, хидролошките потенцијали, шуми, демографскиот број, бројот на рурални населени места, инфраструктурна состојба, квалитетот и видот на комуникации и т.н. Најголем број на општини предложени, или да речам 20 од нив имаат просечен број на население од 10 до 20 илјади, а само една општина има над 100 илјади жители, 13 се до 5 илјади жители. Вкупниот број на општини каде штослужбен јазик ќе биде албанскиот се 27, се разбира има општини каде што службен јазик ќе биде и турскиот јазик, ромскиот, а што во основа го изразува мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Почитувнаи колеги, време е кога дефинитивно треба да ги оставиме на страна демагошките тенденции со заднина, дефинитивно треба да се решат проблемите со кои што се соочуваат граѓаните. Не е време на волонтаризам. Треба да се видат главните причини и барања на граѓаните. Ова го велам бидејќи за жал овој процес во последно време се обидува да се политизира со тенденција дека станува збор, како што слушаме

деновиве во врска со дебатата по амандманите и дебатата за текстот на овој Предлог закон за федерализација на Македонија, наместо децентрализација се случува централизација, дека не треба преку овој закон да се понуди територијално решение, бидјеки овој предлог се смета дека е во спротивност со Уставот и дека е на етнички карактер и т.н. Сите овие мислам дека врз основа на она што беше речено овде според моето убедување се резултат на проширување на границите на град Скопје и припојувањето на рурални општини кон Струга. Сите овие мислења сметам дека во ниту еден момент не кореспондираат со реалноста. Само заради ваша информираност, федерализација е еден вид регулирање на општеството, значи, припојување на две и повеќе држави. Јас мислам дека овде не станува збор за создавање на држави, туку за територијална организација на државата. Единици на локална самоуправа немаат државен карактер, значи не се политичко територијални единици. Поради тоа во член 2 алинеја 1 точка 2 на Законот за локална самоуправа се дава дефиниција за единиците на локалната самоуправа како заедници на жителите на една територија. Токму оваа дефиниција, што го реков она претходно, дека единиците на локална самоуправа не се политичко територијални единици. Ќе биде, или нема да биде децентрализација, или пак централизација, јас еден ден го спомнав ова во врска со ова прашање и не сакам повтроно да го повторувам.

Во Скопје дали треба да биде, или не треба да биде албанскиот јазик службен јазик? Иако имам намера да говорам кога ќе дојде на дневен ред законот за Град Скопје, сакам да го искористам овој момент и да кажам неколку зборови за кои што треба да се каже.

Прво, треба да имаме предвид дека Градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа и неслучајно законодавецот вели, дека посебна единица на локалната самоуправа, што е карактеристиката на посебноста што го разликува Скопје од другите единици на локалната самоуправа во државата. Сите знаеме дека како прво се разликува системот на организирање. Во Скопје имаме систем на територијална организација двостепена, бидјеки во Скопје имаме и општини. А од друга страна неслучајно, ќе потенцирам Градот Скопје е оставен од аспект на функционирање, но и на организирање

да се регулира со посебен законски акт, а тоа е закон за Град Скопје, а тоа значи дека не се регулира со законот за кој што зборуваме сега. И неслучајно станува збор за Град, а не за општина, затоа што сите знаеме дека единиците на локална самоуправа се општини. Мислам дека овде не треба да имаме никакви размислувања.

Почитувани колеги, од друга страна имајќи во предвид и голем број околности за кои што верувам не треба да се кажат тука, туку ќе го кажам кога ќе се дебатира за законот за Град Скопје, мислам дека не треба да патиме од комплекс зошто албанскиот јазик е втор службен јазик во Градот Скопје. Ќе повторам, не случајно законодавецот го потенцира посебниот карактер на Град Скопје, а не случајно Скопје не се нарекува општина, туку Град. Има, или нема овој закон етнички карактер? Доколку се согласуваме дека овој закон произлегува од Охридскиот договор, тогаш се поставува прашањето зошто Охридскиот договор спомнува 20%, од државен аспект, или пак на локално ниво. Зошто Охридскиот договор го спомнува принципот на еднакво застапување, културен, образовен, научен, здравствен и т.н. И на крајот се поставува прашањето кому се упатува овој закон, овој договор. Почитувани колеги, јас мислам дека хипотетичните разговори и над се анахроничните не се потребни за овој момент. Затоа треба да се направат напори максимални, да бидеме попрагматични. И на крајот на краиштата, ќе завршам со три принципи во една латинска сентенца која што е позната како: треба со чест да се работи и никогаш не треба да се земат оние што не се направени работи. Верувам дека бев краток и верувам дека во времето што ми беше дозволено, го кажав тоа што го мислев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седница продолжи во 14,05 часот).

За реплика се јави г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас на почитуваниот колега сакам да му реплицирам во делот на тоа што зборувавме дека законите како такви не се идеални. Се сложувам дека законите се менлива категорија кои треба да бидат направени такви да бидат применливи и граѓаните да ги почитуваат. Нешто што не е

менливо тоа е Библијата и Куранот. Но, сигурно дека ние направивме нешто што многу држави го немаат направено. Ние го изменивме Уставот. Многу по развиени држави како што е Франција, Англија не советуваа дека тоа треба да го направиме, ама незнам што би се случило во тие држави да изменат еден член од Уставот. Ние сме држава во транзиција, експериментална држава и кај нас се е дозволено.

Во делот на децентрализацијата, нема да го споделам мислењето дека децентрализацијата значи окрупнување на општините. Ние во дадениот случај имаме како што е сега поставена работава во Република Македонија со територијалната организација да окрупнуваме општини под изговор дека ја децентрализираме државата. Децентрализацијата се сложуваме дека е процес кој тече и треба време за да се надминат сите антагонизми и недоразбирања. Но, за да се заврши успешно процесот на децентрализација сигурно ние треба да работиме на тоа да се пренесат правата и ингиренциите на граѓанинот, тој индирекно и директно да почувствува власт. А што ние ако зборуваме само декалративно  дека се залагаме за децентрализација, а фактички не вршиме децентрализација. Што значи, би бил погрешен и овој проект, ако централната власт биде таа која што ќе одлучува. Големината и јачината на децентрализацијата е тоа општините да бидат автохтони, самостојни, независни во делот на собирањето на средствата. Какви ни се тие нас општини не слушнавме во овој период од сите дискутанти кои сакаат да го бранат владиниот прелдог кога ние немаме една анализа. Кога би имале една издржана анализа, кога би знаеле зошто,како и што не функционира, и функционира во општините, тогаш нас пратениците ќе ни беше многу полесно. Ние правевме компромис на штета на македонскиот народ. Тврдењата и убедувањата дека со спојувањето на Сарај и Кондово дека со тие 23 рурални селски населби, дека Скопје ќе добие и од тој тип,не држат затоа што во случај во Европа познаваме  и почитуваме 2, или 3 случаи каде што главните градови се двојазични. Тоа е исклучиво ситуација каде што државата е федерализирана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контра реплика се јави г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Колега Даневски, првенствено сигурно знаете дека подрачните единици имаат во урбаните единици, а не во руралните единици. И процесот на децентрализација во себе вклучува пренесување на надлежностите од органите на централно ниво на тие од локално ниво. Или да речам, пренесување на надлежностите од министерствата во подрачните единици и нормално дека надлежностите во оваа насока ќе ја имаат и општините. Јас ќе повторам уште еднаш, со самиот факт дека подрачните единици не постојат во руралните општини. Неоспорен факт е дека и ден денеска треба да се согласиме со фактот дека имаме 123 општини, мнозинството на правата и обврските граѓаните ги остваруваат во подрачните единици кои се наоѓаат во урбаните општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВКСИ:

За реплика се јави госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе, ценетиот колега во својот говор истакна дека се работи за процес кој сака да се политизира. Токму така јас од збор до збор ги забележав неговите зборови. Меѓутоа, морам да го потсетам дека не сака да се политизира процесот, ценет колега, бидејќи предлог закон кој е плод на политички договор без притоа да бидат почитувани основните критериуми според кои се прават, односно се организираат границите на локалната самоуправа, не може, а да не предизвика политички превирања. Притоа, немојте да ја обвинувате опозицијата дека е таа која го исполитизира процесот. Процесот е само продолжение на вашиот политички договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, повелете г-дине Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Многу е лесно да се даваат паушали и мислења без основа, без факти итн. Вие сето она што го рековте во вашата реплика, буквално ништо не рековте на што се засноваат вашите тврдења, а кога разговарате треба да разговарате со факти и аргументи. Во овој парламент секогаш се обидувам да зборувам со факти, било да се осврнувам на Уставот или законската регулатива.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Станковска, имате збор, а потоа на ред е на ред господинот Трифун Костовски.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Почитувани колеги, сметам дека секој пратеник кој ја респектира јавноста кој сака совесно да ја извршува функцијата професионален пратеник треба добро да размисли пред да ја употреби говорницата, зашто не ретко во овие изминати денови ни се случува, наместо да ја употребува, да ја злоупотребува. Тоа од едноставна причина што никој не му дал мандат на никого да манипулира, дезинформира уште помалку, да го троши времето и парите на граѓаните со маратонски дискусии кои долго траат и многу малку, скоро ништо не кажуваат. Некој ќе рече да, но тоа главно зависи од способноста на поединецот да го оддели битното од помалку битното, суштинското и значајното од помалку суштинското и значајното. Нормално јас ќе согласам, но тоа почитувани мои колеги не се учи на говорница туку во училиште. Искрено немав намера со ниеден збор да се навраќам на она што беше искажано претходните денови од моите колеги и да ви го злоупотребувам времето, но не останав до крај неистрајна на првичната намера единствено поради граѓаните на кои им должиме извинување.

Следејќи ја расправата која се водеше по амандманите и овие два дена по текстот на законот, имавме прилика да слушнеме, според мене, и предлози и решенија понудени од страна на позицијата и опозицијата кои вредеа и да се слушнат и изгледаа логични и прифатливи, но истите потонаа во море на тези искажани од оваа говорница, кои беа етнички обоени или маркетиншки настроени, често со таков речник што го навредува нашиот граѓанин. Нешто што во сите овие денови од расправата не беше оспорувано ниту од пратениците на позицијата ниту од пратениците од опозицијата, а тоа е дека потреба од донесување закони за децентрализација и територијална организација постои. А исто така верувам дека сите пратеници без исклучок ќе се согласат дека идеална организација на локалната самоуправа од која ќе бидат задоволни сите граѓани не постои, па и законот кој е пред нас верувам не претендира да биде идеален туку оптимален, поаѓајќи од критериумите и потребите на граѓаните,.

Во ова мое обраќање ќе се обидам да изнесам некои против тези на искажаните тези од страна на некои мои колеги. На сите ни се познати состојбите во руралните средини во Републиката, во некои делови целосно опустошени и напуштени поради отсуство на елементарни цивилизациски придобивки како што се патната инфраструктура, здравствена заштита, водата, електричната енергија, канализација итн. Ваквата состојба не е последица на однесување на оваа или некоја друга претходна Влада или пак на третирање на руралната средина од 1991 година наваму, туку генезата влече корени многу поодамна од односот и политиката што била водена уште кога бевме дел на поранешна СФРЈ. Наместо новите стопански објекти да се лоцираат во близина на граѓанинот, а паралелно со тоа да се гради неопходната инфраструктура тие главно се граделе во градовите. Поради немање елементарни услови за живеење луѓето биле принудени да ги напуштаат селата и да започнуваат нов живот во градовите. Оваа масовна миграција село - град ги опустоши руралните средини, за чија ревитализација ќе треба многу повеќе и време и пари, а единствено таа може да биде иницијалниот двигатор за заживување на стопанството во ова сивило во кое се најдовме.

Позитивните примери што беа искажани за состојбите во некои рурални средини охрабруваат, но и во таа насока пресудна улога имала селективната политика на една или друга партија која била на власт за да покаже дека нивните локални лидери водат поголема грижа за средината отколку некој друг, но мислам дека сите ќе се согласиме дека најмалку во оваа насока ни е потребна дневна политика, туку реалноста налага една поинаква политика и поинаква сегашност во која предност ќе имаат ресурсите и потенцијалите како наше заедничко добро.

Паралелите што беа искажани за состојбите во Словенија воопшто не држат затоа што политиката што била водена во Словенија, ние повозрасните и се сеќаваме, уште во периодот по Втората Светска војна дијаметрално е спротивна на она што се случувало кај нас, па од оваа временска дистанца како да станувало збор за политика која се спроведувала во две различни држави, а не во два дела на една иста држава. Во Словенија приватна иницијатива во функција на кооперант на големите индустриски капацитети како Горење, Марлес, Леснина и други, лоцирано непосредно до граѓанинот беше присутно уште во 70-тите години, додека кај нас за тој тип на иницијатива дури беше забрането и да се размислува, уште помалку да се поддржува.

Исто така, многу често за да ја оправда сопствената теза за опстанување на 123 општини, колегите од опозицијата се повикуваат на Словенија која брои над 190 општини. А незнам дали тие го знаат податокот дека од толку големиот број општини во Словенија само 23 општини се самофинансираат, а другите се финансираат од страна на државата.

За поставеноста на локалната самоуправа повеќе говореше колегата Шапуриќ и не би сакала да го злоупотребувам вашето време и да се задржувам повторно на истите факти. Кога сме тука, добро е да ја споменеме уставната обврска што сегашната опозиција ја имала за донесување на закон за финансирање на локалната самоуправа до крајот на 2002 година. Доколку тоа беше направено, ќе имавме едно искуство повеќе и

сега со сигурност ќе знаевме која од постојните општини економски е одржлива и ќе може да опстои, а која не. Се' друго што се кажува сега е само претпоставка. Затоа, споредбите кои се базираат само на големината и на бројот на општините воопшто стануваат без предметни.

Исто така, многу често одделни мои колеги укажуваа, не би сакала да кажам дека заплашуваа, на можности за демографски промени на картата на Република Македонија. Сигурно дека ако се навратиме на некои историски моменти од нашето блиску или далечно минато на овие простори, а ќе се согласиме сигурно дека не само на нашите простори, туку масовна миграција е присутна и во Европа и надвор од Европа, така што демографските карти на многу земји со голема традиција веќе на некој начин се изменети. Постоеле миграции од различни причини, економски, социјални, политички, безбедносни и слично, кои ја исцртале демографската карта на Република Македонија. И многу често, кога се навраќам на овој елемент размислувам каде ли беа тие наши академици и историчари кога имавме механички прилив на население да кажат дека тоа не е добро и тоа ќе влијае врз изменување на демографската карта на Република Македонија. Сега имаме фактичка состојба со која треба да се соочиме.

Структурата на населението и припадници на одделни етнички заедници ни се добро познати, и каква и да е територијална организација нема да доведе до промена на структура на населението од етнички аспект.

Кога зборуваме за новаата територијална организација треба да го прифатиме фактот дека таа треба да одговар на нашата реалност и сегашните потреби ослободени од историските и етничките фрустрации кои не враќаат назад и за кои цивилизарниот свет се далечно минато. Иако опозицијата обвинува за создавање на бинационална држава, со новата територијална организација се отсликува делумно мултиетничкиот карактер на Република Македонија, затоа што покрај општини во кои се говори македонскиот и како втор службен албанскиот јазик, има општини во кои се користи турскиот, српскиот и ромскиот јазик. Сето тоа е условено од уставните одредби, кои пропишуваат проценки кои на некој начин му го даваат или не му го даваат правото на припадникот на некоја етничка заедница.

Почитувани колеги од опозицијата, во изминативе денови нагласено се обидувате да ги браните граѓанските права на помалите етнички заедници, а токму вие со уставните измени ги селектиравте нивните права со проценти. Ако сакаме да станеме дел од Европа и цивилизарниот свет, тешко ќе можеме нашиот патриотизам и гража за државата да им го објасниме, поаѓајќи од етнички аспект. Овој речник со кој комуницираме одамна го заборавиле и напуштле и затоа често при контакти со претставници на меѓународната заедница или не сме добро разбрани, или ако наидеме на разбирање сигурно со потсмев ќе бидат прифатени некои наши тези. Поинаков ќе беше пристапот на сите без исклучок, доколку оваа наша Македонија постоеше 50 или 100 години. Тогаш денес немаше да зборуваме за припадници на етнички заедници, туку за граѓани на Република Македонија. Во тој случај немаше да има потреба од Охридски рамковен договор и не ќе постоеја уставни поволници и ограничувања. Но, поради тоа што имаме само 13 години државност зад нас и силно будење на припадност на некој етникум, нормално е сите превирања припадници на одделни заедници да ги доживаат на свој начин, припадници на македонскиот народ како губење на дел од суверенитетот, а припадници на други етнички заедници како онеправдување пред Уставот и законте.

Од лошите искуства што ги имаме се надевам дека разумот ќе надвладее и во иднина за разрешување на некои проблеми, нема да има потреба од некој нов рамковен договор.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека општината како териријална целина треба да биде во функција на граѓанинот, а не обратно да ги задоволува потребите на поединецот или поединци, претставници на локалната самоуправа или на некоја

политичка партија. Ако се определивме да градиме граѓанско општество кое според Уставот како основен политички документ и највисок првен акт македонската држава ја дефинира како суверена самостојна, демократска и социјална држава, при што суверенитетот произлегува и им припаѓа на граѓаните, тогаш уставните измени кои произлегоа од Рамковниоот договор се во функција на зацврстување и владеење на правото, гарантирање на човековите права и граѓански слободи, обезбедување мир и соживот, социјална правда и економска благосостојба. Доколку уставните одредби доследно се почитуваат и спроведуваат, а всушонст тоа е обврска на секој, без разлика дали учествувал во неговото донесување и изменување, без разлика на тоа дали некому се допаѓа или не, тогаш не постојат опасности со кои граѓаните се заплашуваат и нивната иднина се прави неизвесна, од причина што Уставот и законите во Република Македонија не се селективни, туку важат за сите граѓани подеднакво, без разлика на која целна група припаѓаат.

Сосема на крај, почитувани мои колеги, треба да бидеме способни реално да размислуваме за сегашноста, неоптоварени со минатото, ако сакаме да имаме подобра иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

На госпоѓа Станковска би и реплицирала за две работи.

Прво, вие во вашето говорење признавте дека во Република Македонија имавме механички прилив. Само да ве потсетам дека механичкиот прилив го овозможивте вие, односно вашиот доскорешен лидер, ако не е сеуште ваш лидер, и тоа треба јасно да и го кажете на македонската јавност.

Што се однесува до интелектуалците, тие добро укажуваа дека такви вештачки приливи ќе доведат до менување на демографската структура, меѓутоа вашата партија тоаш се оглуши, исто како што сега се оглушува на говорењето на интелектуалците дека овој процес не е она што и носи добро на Република Македонија. Тоа е првата работа.

Втората работа колешке, вие сега ја злоупотребивте говорницата за еден сосема празен говор бидејќи ништо не кажавте за, бидејќи претпоставувам дека ќе гласате за предлогот, да ни објасневте зошто ќе гласате, да оспоревте барем дека Струга, Кичево, Скопје, Облешево или други општини, според ваши сознанија не можат да опстојат како општини. Барем две реченици да образложевте зошто дел од овие и други општини кои не ги набројав не можат да опстојат во сегашните граници, зошто е потребно механичко спојување на конгломерати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Станковска, една минута.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Очигледно, колешката меѓуетничките проблеми мошне малку ги познава и годините на механичкиот прилиц, а тоа се годините на социјализмот кога живеевме во поранешната СФРЈ. Но, дури и на тој прилив не можевме да имаме забелешка заради тоа што живеевме во една иста држава.

Колешке, кажувате дека интелектуалците укажуваат на сите аномалии на овој закон. Јас ќе кажам тешко на тие интелектуалци, какви ли се тоа интелектуалци, кои главно беа дел од некоја партија или беа дел од СДСМ, а кои требаа 14 години за да сфатат што претставува СДСМ и неговиот лидер. Тоа се интелектуалци без визија, а такви интелектуалци кои после 13 години заклучуват незнам како да ги наречам.

За Струга, колешке, рековте - еве да кажам, на граѓаните на Струга, тие сигурно тоа го знаат затоа што многу граѓани се во заблуда. Струга сега е двојазична, првиот јазик службен е македонски, а вториот е албански. Така и ќе остане, а само борба за власт и функции, нормално е она примарното што ги води граѓаните односно опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, а потоа нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, дами и господа,

Навистина веќе после двегодишно искуство во парламетот првпат ја користам говорницата да се обратам до вас како колеги, да се обратам до целата јавност и би сакал да се навратам точно на оние денови кога почна кампањата 2002 година. Јас бев носител на листа во Изборна едница 2 "Кооалицијата Заедно" и ќе ги спомнам денешните пратеници. Тоа сум јас, Трифун Костовски, Славица Грковска, Ристе Бислимовски, Иван Анастасовски, Славица Станковска, Кирил Дојчиновски, Петар Апостолов, Јордан Михајловски, Иван Стоилковиќ, Нејдет Мустафа, и Рафет Муминовиќ. Сакам само да напоменат кои беа заложбите за време на кампањата, нудевме мир, нудевме економски развој, нудевме стабилност, нудевме институции кои ќе бидат деполитизирани. Каде сме денес. Толку сакав само да кажам во воведниот дел и повеќе нема да ве узурпирам вон темата.

Што подразбирам под децентрализација ? Истата имам две димензии: функционална и фискална. Морам да кажам дека за мојот настап денес се подготвувам со луѓе кои оваа материја во Македонија и вон Македонија многу добро ја познаваат. Таа означува функционално пренесување на надлежност од центарално на локално ниво, односно од централната на локалната власт. Фискалната димензија подразбира дислокација на соодветни финансиски средства на локално ниво, зашто надлежноста е виртуелно право, ако не е покриената со адекватни извори на приходи. Првата, односно функционалната страна на децентрализација во Република Македонија нормативно се реализира преку широкиот круг надлежности на општините загарантирани со член 22 од Законот за локалната самоуправа, како и со пакетот закони со кои ќе се операционализираат надлежностите.

Втората, фискалната димензија треба да се реализира преку законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа и дополнителните закони од оваа област кои како следна точката треба да ги донесеме.

Да заклучам, суштината на децентрализација е во горенаведените димензии, односон пакетот закони за децентрализација е составен од двата горенаведени клучни закони и дополнителното законодавство во функција на нивното конкретизирање. Точно е дека територијална организација односно реорганизација може но не мора да има директна врска со децентрализацијата. Еве зошто. Земји како Унгарија, Чешка, Словачка кои се земји од Централна и Источна Европа или Франција во Западна Европа се исто така во процес на децентрализација, а непосегнаа по територијални промени заради отпорот на граѓаните кои во сите случаи велат дека историјата, а не државата е креатор на локалните заедници, дека се реална историска творба, а не вештачка креација и дека суштината на локалната самоуправа е демократско учество на граѓаните во вршењето на јавните работи. Проблемот на премалите општини тие го решаваат со задолжителна и факултативна заедничка администрација, односно различни кооперативни тела особено во така наречените скапи системи како здравство, образование, социјална заштита, екологија, какви што познавам и нашиот закон за локалната самоуправа.

Освен тоа во сите нив се промовира филозофијата за постепени градоални, а не радикални промени заради опасноста од создавање вакум во вршењето на функциите чии жртви ќе бидат токму граѓаните, значи ние. Каде се овие земји со ваквата филозофија сите знаеме. Денеска се веќе тоа членки на Европската унија.

Република Македонија не е пример на фрагментиран систем на локална самоуправа. Напротив таа е во горниот дел на табелата на држави со просечен број на население. 15.800 жители и просечна големина на територија од 209 км2. Да споредиме: Словачка има 58 од општините под 1000 жители. 1900 жители во просек и територија 17 км2. Чешка има 80% општини под 1000 жители, просечно население од 1700 жители на просечна територија на 13 км2. Унгарија има 54% од општините под 1000 жители, 3300 жители во просек и просечна територија од 32 км2. Очигледно е дека овие земји кои се пример на успешна децентрализација во Централна и Југоисточна Европа во пакетот закони го немале и Законот за територијална реорганизација. Франција е посебна приказна со повеќе од 36 иљади општини и најголем отпор против окрупнувањето.

Што се случува со децентрализацијата во европски рамки и какви се состојбите со територијалната организација на европски план. Бран на децентрализација ја зафати Европа на крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години од минатиот век. Европа живее во ера на дистрибуција на моќта во интерес на локалните власти како најблиски до граѓаните. Значи, европската децентрализација пред се значи реформа насочена кон проширување на надлежностите и зајакнување на финансиската сила на локалните власти. Со територијалните промени работите не се еднолики, туку шаренолики.

Компаративниот предлог открива дека Обединетото Кралство Скандинавски земји, Холандија имаат релативно големи општини, но ако ја споредиме Холандската територијална шема со 20.500 жители во просек на 60 км2 просечна територија во актуелната состојба во Република Македонија ќе видиме колку сме слични. Во втората група влегуваат Германија, Белгија, Србија, Црна Гора и Полска, но Полска со 16 иљади жители во просек на 130 км2 простор, исто така не е многу различна од Македонија. Далеку пофрагментиран систем од Република Македонија имаат Словенија, Финска,

Албанија, Норвешка, Хрватска, Романија, Италија, Естонија, Шпанија, Украина, Унгарија, Словачка, Чешка, Франција. Сите се во процес на децентрализација и денес.

Да потсетиме, во периодот на распаѓањето на комунизмот процесот на транзиција речиси сите земји на Централно - Источна Европа посегнаа по фрагментирање на територијалниот модел заради демократизација на системот кој најдобро се остварува во помали единици. Во овој процес беа поддржани од Западна Европа. Ни Република Македонија не беше исклучок, од земја со речиси најголеми општини во Европа, 60 иљаид жители во просек и речиси 700 км2 стана земја со средно големи општини.

Сега би сакал да дадам едно појаснување како се вршат територијалните промени во компаративните европски модели, бидејќи патот ни е кон Европа, иднината таму ја гледаме. Можеби не е лошо да го цитирам Баварскиот министер за внатрешни работи, а тој вели “Територијалните промени се најсензибилниот пат и најтешкиот чекор поврзан за локална самоуправа. Тие не смеат диктаторски да се наметнуваат со удар на перото преку ноќ. За нив треба време, соработка со локалната власта, а најмногу со граѓаните. Драстичните реформи ќе предизвикаат отпор. Подобро да се следи примерот на Шветска и нејзиниот општ консензус околу кој и позицијата и опозицијата и граѓаните го имаат истиот став отколку примерот на Гана и опструираниот модел”. Каков пример ќе следи нашата власт навистина прашувам отворено.

Реформите на територијалниот план во европски земји во просек траеле од 5-10 години. Во Словенија, Чешка, Унгарија, Словачка не може да се извршат територијални промени без согласност на локалното население изразено на референдум. Се прашувам, а тоа и вас ве прашувам зошто исчезна референдумот предвиден во Законот за локална самоуправа од 1995 година и вграден во работната верзија на Законот за локална самоуправа од 2002 година. зошто граѓаните од општините кои претрпеа статусни промени не беа претходно консултирани од централната власт, како што бара член 5 од Европската повелба за локална самоуправа? Што стана со член 78 од Законот за локална самоуправа што предвидува дека општините ќе бидат благовремено и соодветно консултирани за прашања што се однесуваат на нив.

Зошто Владата го заборави член 80 од Законот за локална самоуправа каде што се вели дека Владата соработува со општините за прашања што се однесуваат на законите што се од нивен интерес односно законите што се однесуваат на нив.

Зошто Владата не приложи извештај за прашањата за кој е постигната согласност, прашањата за кои не е постигната согласност, иако е обврзана да го стори тоа според член 80 став 2 од Законот. Што стана со Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и ЗЕЛС, во кој под точка насловена како активност на планот на децентрализацијата е предвидено дека ќе се овозможи соработка со ЗЕЛС во изработка на законите преку кои ќе се имплементира Законот за локална самоуправа, како и претходно консултирање на единиците на локалната самоуправа во врска со законски проекти од значење за нив.

За споредба, Република Словенија е членка на Европската унија. Таа во Законот за локална самоуправа напиша дека општината треба да има најмалку 5000 иљади жители, иако заради геогравски, историски и економски причини, или кога тоа е национален интерес може да има исклучоци од овој критериум. По реформата половината од нејзините општини имаат под 5000 иљади жители. Се разбира словенечката власт е свесна дека административниот и финансискиот капацитет на малите општини е недоволен за развој, но со оглед дека Словенија е домократска земја во 1996 година го донесе Законот за постапка за основање на општини и одредување на нивните територии во кој референдумот е инструмент кој го користат граѓаните. Референдумот, повторувам.

Што ни препорачаа експертите пред да пристапиме кон територијалните промени?

Без физибилити студија за досегашните ефекти од локалната самоуправа, како и без студија за капацитетот на општините да се справата со новите надлежности не треба да се посега кон нова територијална организација. Тоа го велат експертите.

Имено, така е напишано во заклучоците од расправата одржана во Охрид 2002 година под покровителство на Советот на Европа на која учествуваа странски и домашни експерти, претставници на локалната власт, како и министерот за локална самоуправа.

Во извештајот на господинот Холтер Пин од Данска октомври 2002 година меѓу останатото се вели: Законот за локална самоуправа содржи добри одредби за меѓуопштинска соработка што можат да се искористат за компензирања на недостатокот на административниот капацитет во малите општини. Треба да се развие систем на соседски општини, што е најважно, прв чекор на Владата треба да биде изработка на студија за задачите на општините. По примерот на данското искуство господин Пин предлага да се симулира со неколку клучни надлежности, како на пример локалниот економски развој и социјалната заштита и заштита на децата. Се разбира тој и препорачува на Владата да ангажира македонски експерти за евалуација на општинските капацитети за справување со горе наведените надлежности.

Тој исто така смета дека со телото за децентрализација што ќе се формира во Владата најдобро е да претседава или министерот за локална самоуправа или угледна личност.

Исто така потенцира дека сите интервјуирани лица посебно меѓу кои и мојот колега овде го посочува господинот Никола Ќуркчиев и Азис Положани, актуелен министер за образование кои ја истакнале потребата од одбегнување на партиско политичкото мешање и политичко етничките критериуми и респектирање на објективните критериуми, економските капацитети, инфраструктурата, човечките ресурси, географијата, поврзаноста и хомогеноста на просторот. Тој ја истакнува потребата од утврдување на вакуми од временски план критериумите за формирање нови општини, постапките за консултација со локалните власти и граѓаните и постапките на имплементација.

Во врска со предложената, а не реализирана студија ме интересира може ли некој со сигурност да каже дека териоријална организација, инаку да повторам, творба на СДСМ од 1996 година беше неуспешна ако недостасуваше вториот односно финансискиот елемент на децентрализацијата, зашто со 2% бруто општествен производ општините не можат да градат локална самоуправа. И уште да додадам на ова дека во изминатиот период Македонија ја погодија две многу клучни работи, бегалската криза и воениот конфликт во 2001 година. Но, и покрај најмалите издвојувања за општинските

потреби во европските рамки на пример општина Велешта, Лабуништа, Зајас, Зрновци, Зелениково, Сарај, манифестираат способност за одржлив развој. Публикацијата “општините во Република Македонија”, во издание на ЗЕЛС 2002 година открија интересни импозантни податоци за бројот на деловните субјекти и бројот на основните училишта, изградба на здравствени домови, културни домови, инфраструктура и слично. Навистина не ми е јасно кој од објективните критериуми не ги исполнуваат Лабуништа, Велешта, Зајас или Осломеј, особено со оглед на жителите, човечкиот ресурс, територијата, економската способност. Познато е дека институционализацијата во смисла на свој градоначалник, свој совет и своја администрација пропратена со сопствни надлежности и пари со новиот закон е сигурна гаранција за развој.

Од друга страна познато е дека урбано руралната симбиоза има логика во услови на хомоген простор, а при постоење на урбано рурален јаз ќе има тешки последици во дадениот простор, но и во градот во услови на економска рецесија. Да не заборавиме дека справувањето со нашата рак рана, криминалот и корупцијата е далеку поуспешно во помалите средини. Наместо да ги развиваме успешните рурални општини ние ги укинуваме заборавајќи на потребите и интересите се сосема различни од оние на градот. Значи, неможноста да се задоволат сите надлежности може во духот на европските искуства да се оствари пред заеднички административен орган на меѓуопштинска соработка.

Сите во салава и во државата се повикуваме на Охридскиот договор, па и јас ќе го искористам тоа право да се повикам. Во точка 1.2. од основните начела се вели дека нема територијални решенија за етнички прашања. Се разбира не се мисли само на кантонизација или федерализација, туку и на демогравската геометрија во смисла на етничко кроење на општините во функција на 20%. Потенцирам дека се работи за закон за територијална организација, а не за закон за јазиците на заедниците што не се мнозински во Република Македонија. Не може да се тргне од бројка и со математичка операција да се креира заедница со методот на социјален инжинеринг. Напротив треба да се раководиме од објективните критериуми, па во средините со 20% припадници на заедниците да го видиме членот 7 од Уставот. Никој не го негира значење на

остварувањето на правата на заедниците на локално ниво. Ако го решиме проблемот таму каде што никнува нема да ни се манифестира проблемот на централно ниво. Но, ако Струга се посочува како добар пример за соживот и мултикултурен амбиент зошто се менува.

Најдобрите познавачи на локалните состојби и проблеми се локалните власти, па затоа ревизијата на општинските граници се врзува за локалните и централните власти со меѓународно учество. Територијалната ревизија исто така се поврзува и за пописот, за што еден од основните критериуми при обликувањето на општините е секако бројот на жителите, најчесто посочен и во законот.

Иако предлагачот во образложението посочува 5000 жители како критериум не се држи до него во многуброојни лсучаи. Некаде оди под него, а некаде има и двојно повеќе жители и ги укинува општините и ги припојува кон градот, случајот со Лабуништа, Велешта, Осломеј и Зајас.

Дека интенција на Рамковниот договор е ревизија на Законот за територијална организација од1996 година, а не радикална организација изразена со нов закон, покажува точка 4.1. од Рамковниот договор со која се посочува амандмирање на Законот за општински граници. Суштината на амандманот е дополнение односно измена а не радикална промена.

Чудно е Владата да се претставува како навистина најзаинтересирана за децентрализација, за себе развластување, а локалните власти и ние граѓаните да се претставуваме како кочничари на тој процес. Навистина живееме во едно време во кое што многу работи се манифестираат и во јавноста и се интерпретираат овде, а морам да кажам дека не само овде во јавноста, туку и надвор. Во денешното издание на нашите дневни весници читам од англиски економист дека Македонците ги кочат законите за децентрализација. Па, Ве молам има ли некој во салава кој ќе го закочи тој процес на децентрализација. И дентификацијата на територијалната организација и законите за децентрализација немаат ништо заедничко. Тоа се два оддлни пакети на закони.

Односот на Владата кон локалните финансии покажува кој е за децентрализација, кој е за статус кво. Ако во европската научна јавност прашањето на

територијални промени се смета за едно од најранливите тогаш нужен е консензус не само помеѓу коалиционите партнери, туку и меѓу власта и опозицијата, особено меѓу локалната и централната власт, но и меѓу граѓаните и локалната и централната власт. Неприродно е да креираме локална самоуправа по мерка на државата наместо по мерка на граѓаните. Неприродно е да креираме виртуелно единици што не се заедно. Ако граѓанинот е центар на демократијата да го почитуваме неговото мислење и став изразено на 41 референдум ширум нашата земја. Не е точно дека референдумите се етнички, но точно е дека се етички. На нив не пишува дека само за Македонците, туку тие се граѓански инструменти. Каков е референдумот во Лабуниште. Референдумското прашање дозволува и да и не. Ако организираат моите сограѓани Албанци паралелен референдум никој не може да им забрани на граѓаните од македонска, турска, српска, ромска, влашка или бошњачка национална припадност да не учествуваат во него.

Се надевам дека власта ќе има доблест овој мој став да го прифати како факт. Не би сакал да промовирам негативна енергија туку сакам да изразам сепак желба дека овие ставови сакаме да ги насочиме кон мир кој и тоа како ни е неопходен и потребен.

На крајот сакам да кажам една работа.

Апсурдно е да се прават вакви темелни работи, територијална организација без да имаме сметка колку сето тоа кошта. Да сме земја која изобилува со богатство би се согласил дека можеме сето тоа да си го дозволиме себе, меѓутоа со нашите скромни ресурси од нашето скромно стопанство и во многу големата помош од Меѓународната заедница што ни ја даваат со цел да функционираме како држава, навистина за мене ова прашање е многу суптилно.

И прашање до министерот: господине министре сакам да знам како пратеник колку ќе чини сета ова територијална организација на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министер, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Костовски ми се обративте на крајот, а не ми се обративте на почетокот, многу жалам за тоа, дали е намерно или не е тоа е ваше прашање.

Исто така многу жалам, бидејќи ве знаев како човек кој има сопствено мислење и кој консултира луѓе како успешен човек а ви презентирале експерти нешто што знаеле дека сакате да го слушнете и вие го прочитавте.

Прво, на почетокот оваа Влада изработи оперативна програма во која јасно беа напишани сите чекори и презентирана пред експертите во која јасно стоеше дека треба да се донесе закон за територијална организација и никој не реагираше од тие експерти. Сакам да ви укажам цитираниот експер, кој вие потврдивте дека Министерството и Владата организираа работни столови со меѓународни експерти, домашни експерти кои присуствуваа, господинот Пин даде во основа целосна поддршка на Предлогот за донесување на Закон за територијална организација во 2003 година во Охрид. Погрешно Ве информирале.

Господине пратеник, дали се консултирани, самиот факт што имаме 41 референдум по Предлогот за донесување на закон, кој беше најдемократски, најјавно објавен во сите медиуми, беше достапен до граѓаните и граѓаните беа консултирани со највисоката форма на непосредното изјаснувње, тоа е референдумот и собири на граѓани. Владата, сиге тие консултирања со граѓаните во општините кои се спојуваат и се припојуваат, ги разгледуваше. Затоа, од првобитниот предлог во кој беа делот на 62 општини во Република Македонија, 9 во Скопје, го донесе, ако ви е познато. Ако експертот кој го пишувал тоа, со последните амандмани на Владата на 84 општини, што значи прифатени се 13 изјаснувања на граѓаните.

Зошто е избришан референдумот од законот. Би ве упатил на експертите и на пратениците на претходната Влада, бидејќи оваа Влада учествуваше, го поддржа Законот за локална самоуправа во февруари 2002 година, но беше предлагач и не може да му го упатуваат експертите и тука ви го напишале она што мислеле дека сакате да го знаете, дека оваа Влада не е одговорна зошто референдумот на локално ниво како консултативна форма, не е задолжителен. Оваа Влада за тоа нема одговорност. Многу погрешно ви напишале за Меморандумот за соработка, која оваа Влада и овој министер го потпиша со ЗЕЛС и во кој постои во две или три други европски земји. Вие сте сведоци, доколку слободно го искажувате вашето мислење и ја следите сцената во Република

Македонија, претседателот на ЗЕЛС во сите дебатни емисии, во секој дел, во сите сегменти на процесот на децентрализација, сите законски проекти се доставувани до ЗЕЛС, до комисии на ЗЕЛС, добивани се мислења и соработката меѓу Владата на Република Македонија , Министерството за локална самоуправа, можете директно, изворно да го видите од ЗЕЛС за остварување на Меморандумот. Тие експерти, кои во основа, се знае сме го пишувале тоа, тие во своите искази најотворено ќе ви кажам, зборуваа потценувачки за општините во Република Македонија кои немаат капацитети, во свои трудови, нарекувајќи ги патуљаци. Да, најотворено. И, тие кои пишувале во делот на спојувањето, да, можно е спојување на урбани и рурални, не би напишале кои општини, бидејќи ние расправаме по Предлогот на текстот на законот. Јас сакам да ви укажам дека во целокупниот дел од 123 општии во Република Македонија, продолжуваат 84 и престануваат 41 општина. Правени се напори за спојување на рурални со рурални, рамнински со рамнински, во целокупниот тој период имаме, без Струга за која вие зборувавте и сигурно посебен акцент имавте за тие општини во Струга, некаде околу 16 општини ссе припоени кон урбаните. Тоа е делот на Битола, делот на Гостивар 4 општини, Охрид една, Прилеп две, Куманово една и Струмица две, кои не можат врз основа на тие критериуми, експертите кои ви ги напишале. Сметам дека со конкретни примери, со делот на овој Предлог на закон, а не теоретски размислувања кои ги пишуваат експертите, требаше вашите размислувања, кои сигурно со посебен акцент ги следев и како министер заинтересиран, ги изнесувавте на прес конференции, на дел на заедничкиот ваш коалиционен настап пред овој Парламент, а не со дел на недоречени, експертски мислења, теоретски мислења, кои во основа амблок не ги прифаќам, бидејќи ве заварувале и ви кажувале она што сакате да чуете. Што ви направиле експертите, господине пратеник? Не ви кажале да читате од почеток во публикациата која ви е доставена и вас. Почнале од точка 17, Велика Британија 140 илјади просечна општина, Литванија 66 илјади, Ирска 45 илјади, Бугарија 35 илјади Португалија 33 илјади, Шведска 30 илјади, Холандија 29 илјади, Данска 19 илјади, Белгија 17 илјади и Полска која добро ја познавате и требаше да го кажете примерот 16 илјади. Не е добро да се почнува да се чита од половина надолу. Тоа би го направиле пред македонската јавност и пред овој

Парламент. На директното прашање кое ми го поставивте колку ќе чини процесот на децентрализација, процесот на децентрализација од кој аспект сакате да го гледате, во Министерството постојат студии, постојат елаборати за иден економски развој, не знам кој сегмент, прашајте ме ако сметате во делот на трошоците, делот на изворните ги имате сите податоци, врз основа на делот на пилот општините, на делот на остварување согласно законот за финансирање на можностите и капацитетите на општините. Во тој дел сигурно ќе имате можност, кога ќе го разгледувате делот на законот за финансирање, да ги видите и пресметките и да добиете одговори од министерот за финансии, кои сигурно ги правеа тие пресметки врз основа на територијалната организација, експертите кои добро знаат, не може да се прави територијална односно процес на децентрализација, како што се прави во Република Македонија. Точно е дека во Франција тој процес траел со години, сега го надоградуваат. Одредени мали измени кои се прават во Франција, експертите не ви кажаа дека имаат илјада амандмани само за одредени мали надлежности во Парламентот на Франција. Во Република Македонија овој процес е започнат од претходната Влада, добро знаат експертите кои го пишувале, направена е стратегија од претходната Влада во воениот конфликт, тој е прекинат, а роковите, брзината, потезите се во голема зависност, јасно и прецизно определени со дел на динамика во Рамковниот договор, кој сите политички релевантни субјекти застанаа. Не сакам да спорам дали законот за финансирање требаше да го донесе претходната Влада врз основа на пописот, не требаше. Резултатите за пописот за законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, почитуваниот Чашуле кој полемизираше, јасно стои, во мандатот на овој парламентарен состав треба да се донесе закон за финансирање, нема никаква врска со пописот. Претходната Влада требаше да го донесе, но не го донесе. Територијалната ревизија на границите и законот за измена треба да се донесе во рок од една година по пописот. Јасни и прецизни се роковите. Чисто опозицијата, бидејќи овде имаме опозиција во дел и на македонските политички партии и на албанските кои велат не се остварува Рамковниот договор. Мислам дека го немам тоа право, вие осврнувајќи се на експертите, многу погрешни податоци ви дале, па би ве молел во основа тоа да го поткрепите со конкретни податоци, врз основа на 84 општини

кои врз основа на дискусијата, првобитниот предлог на Владата, сметаме дека даваат реална основа, не идеална за започнување на процесот на децентрализација, одразувајќи ја македонската реалност, сигурно надградувајќи ги меѓуетничките односи и на последното конкретно прашање што ви го кажале експертите дека во територијалната организација се користат неутрални критериуми, општо познати критериуми дека немаат политичко етнички критериуми. Да, господине пратеник, во нашата територијална организација има етнички аспект и од рамките на уставните задолженија, не се намерно правени општини во кои вештачки пренесувани преку општини, преку сечење на катастарски граници, да овозможиме, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да има во службена употреба и јазик на припадниците на заедниците. Тоа го кажав и тоа го тврдам најодговорно. Вие го сметате тоа со Скопје, со Сарај и Кондово и делот на Чашка. Повелете кажете друг пример, во кој намерно тоа е направено, за да имаме службена употреба на друг јазик. Повелете со примери на општини во кои намерно се приклучувани од политички аспект одредени рурални општини кон урбани општини. Повелете, слободен сум да дискутирам, доколку решението на Владата го сметате неприфатливо и не доведува до овие цели, кои ги поставува Република Македонија и сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, три минути имате реплика на ова излагање.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Ќе ми извините господине министре, но чувствувам во вашата дискусија толку се осврнувате на експертите, кои мене ме советуваа, така што чувствувам дека имате некаков комплекс од нив. Соработката меѓу локалните власти и централната власт, за жал, и денешните дискусии овде, покажуваат и она што се остварува и што го гледаме на виделина дека се еднонасочни односи на централната кон локалната власт. Значи, говорам за тоа дека таа консултација не е двосмерна, туку едносмерна.

Второ, ако референдумот е испаднат од претходната власт, зошто ние немавме доблест амандмански да го дополниме, согласно Проектот што беше направен. Сепак, сметам дека тоа е во ваша ингеренција.

Би сакал да го слушнам составот на вашиот експертски тим, бидејќи често пати се наведувавте на моите советници кои јас, отворено, пак ќе повторам, се советувам за секоја тема за која што сакам јас да учествувам активно. Сакам да имам издржани ставови. Навистина, би сакал да го слушнам составот на вашите експерти, па можеби да го дознаеме кој е тој дел кој што го носи правиот избор.

Сметката, се извинувам, вие ја делите одговорноста на Владата и покрај тоа што сте министер за локална самоуправа, не можете топката да ја префрлате во Министерството за финансии. Бидејќи, вие сте предлагач на законот, вие морате да имате, не можеби точна цифра, но ориентациона цифра колку сето тоа нас ќе не чини. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, министре за локална самоуправа и ве молам бидете кратки.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Ќе почнам господине Костовски од последното прашање. Повелете, процесот на децентрализација е сложен процес, комплексен процес кој се обавува во подолг временски период, кој постои во повеќе фази. Ако ме прашате во делот на територијалната организација, нема потребни средства. Ако ме прашате за делот на другите сегменти на трансферот, не може ниеден експерт да ви укаже, покрај сите сегменти колку ќе чини процесот на децентрализација и во која фаза. Повелете, вие со експертите ваши кои ги кажувате, направете го тоа. Особено, затоа ве упатив во Министерството за финансии во соработка со Министерството за локална самоуправа.

Во никој случај не можам да се согласам и никој од пратениците тука не рекол дека соработката на оваа Влада, посебно на Министерството за локална самоуправа е еднонасочна во целокупниот процес на остварување на локалната самоуправа. Ви укажав дека на претходната Влада му беше понуден Меморандум за соработка во сите сфери, критериуми за распределба на средствата и ниеден, ви тврдам, врз основа на

искуството и врз основа на мојата лична соработка со органите на единиците на локалната самоуправа, дека таа соработка е на највисоко ниво, а тоа ќе ви го потврдат и релевантните претставници. Тоа се претседателот на ЗЕЛС, потпретседателите на ЗЕЛС и сите одбори и комисии во ЗЕЛС, во кои со најголемо внимание сум соработувал и тие односи сум ги изградил. Повелете, ви е доказ дека соработката меѓу Владата и единиците на локалната самоуправа не е на највисоко можно ниво, тоа би сакал да го докажете. И, тоа што ви го кажале експертите, да, ќе ви кажам, оние експерти кога во Република Македонија правеле три или четири територијални организации, неуспешни, кои наутро ги пишувале законите, поручек ги критикувале и не ги ангажирав. Тоа најотворено го кажав и лично разговарав со нив и им кажав зошто не ги ангажирав. Правеле неуспешни закони, биле министри за локална самоуправа, учествувале во законот за локална самоуправа, во кој ги ставале надлежностите. Ќе ви кажам само еден пример пред овој Парламент. Во консултациите околу Предлогот за донесување на закон, кај претседателот на државата, покојниот Борис Трајковски, кој ангажира експерти од негова страна беше Гордана Силјановска и Владо Поповски, од друга страна беа претставниците на политичките партии. Еден од изготвувачите на законот за локална самоуправа беше господинот Беџети, претставник на ПДП. На тој дел на таа расправа кај претседателот на државата, господинот Беџети кажа, да, госпоѓо Силјановска, ние кога го правевме законот за локална самоуправа со овие надлежности, знаевме какви општини ќе имаме. Ние уште тогаш рачунавме дека треба да имаме 34 општини. Овие надлежности, капацитетите, експертот од страна на претседателот Гордана Силјановска тогаш кажа да, овие надлежности се шведски на африкански услови.

Господине Костовски, кога ќе се прави еден закон, треба да се мисли и на понатамошниот дел на имплементација на тој закон. А, бидејќи тие експерти кои вас ви го пишувале тоа не се ангажирани и ќе ви кажам кои се ангажирани, а тоа се: д-р Рената Треневска, во делот на изготвување на критериумите од Правниот факултет од Скопје, д-р Јорде Јакимовски од Институтот за социолошки и правни истражувања, д-р Алија Алиу од Штуловиот универзитет, бивш пратеник, м-р Пене Пенев, Дончо Герасимовски и вие кои тврдите дека немаме соработка со ЗЕЛС, двајца претставници од ЗЕЛС,

градоначалникот на Дебар и градоначалникот на општина Велес, кои беа делегирани од ЗЕЛС за изработка на критериумите. Можеби овие не се големи имиња, но се луѓе кои во своето работење сигурно имаат и титули научни и сигурно даваат свој придонес во развој на теоретската и практичната мисла. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, 3 минути реплика и тука го завршуваме дуелот меѓу вас и министерот.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе ќе бидам пократок.

Јас не паметам многу територијални организации, како што господинот министер ги спомна три или четири. За сега имаме само две, говорам од поствоена Југославија. Не сакам да бидам погрешно сфатен. Господата од СДС ја донесоа актуелата територијална организација, а не експертите кои ги спомнувам.

Втора работа, мислам дека сепак министерот не располага со додатни информации, иако морам да признам дека во последно време се трудат многу се да дознаат што е оклу нас, како размислуваме и тн.

Господине министре, што мислите за мислењата на д-р Ксенте Богоев, бивш гувернер. Ве молам, немојте да етикетирате личности овде, за кои јас не сум ви дал право да ги споменувате. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине министре, бидејќи ова беше директно, само една минута, ве молам, повеќе од тоа не.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Костовски, немојте да го правите она што на другиот му викате да не го прави. Немојте да го ставате името на познатиот признат академик Ксенте Богоев, бидејќи почитуваниот академик не сум слушнал за конкретни забелешки и мислења по предложената територијална организација.

Јас укажав и јас ќе ви укажам дека МАНУ во националната стратегија за економски развој на Република Македонија, изготвена од 1977 година, има дадено свое гледање на

процесот на територијалната организација на Република Македонија. Јас можам слободно да ви кажам и во Министерството и во Владата, забелешките, мислењата, согледувањата на Центарот за стратегистки истражувања се вградени во оној дел колку што е можно во овој процес на територијална организација. Ако вие мислите дека забелешките на почитуваниот Ксенте Богоев во предложените решенија ги имате и може да ги искажете, повелете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, господине Шапуриќ, имате три минути реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Како изминува расправата, така сите колеги пратеници, на кои се приклучи и господинот Трифун Костовски, се согласни дека процесот на децентрализација, треба што побрзо да се одвива и дека веќе во Македонија во овој Парламент, верувам дека нема оној кој што го оспорува процесот на децентрализација и тој се придружи на тоа дека, тој процес мора што побрзо да се одвива, односно Република Македонија мора да донесе одредени закони.

Меѓутоа, господинот Костовски кажа дека територијалната организација нема никаква врска со децентрализацијата. Апослутно има. Зошто? Затоа што децентализацијата на власта значи пред се транфер на надлежностите согласно Уставот и Законот за локална самоуправа значи огромен број на надлежности каде од централната на локалната власт.

Сосема е јасно дека одредени општини од овие 123 кои егзистираат, не можат да го издржат тоа бреме и обврските кои немам време да ги набројам, да ги извршуваат квалитетно, со оглед на тоа што имаме едностепен тип на локална самоуправа, значи немаме двостепена.

Од друга страна самата финансиска автономија не може да значи апсолутна независност на општините. Земји со најразвиен систем на локална самоуправа имаат трансфери од централната власт. Значи било каква финансиска децентрализација не значи апсолутно елиминирање на државна интервенција.

На крајот би кажал господине Костовски, согласно амандманот 16 од Уставот на Република Македонија, законите за локално финансирање, локални избори, општински граници и град Скопје се донесуваат со мнозство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови на присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Значи, ако сакаме да одиме во децентрализација, мора да го донесеме овој закон и кажете ми, ве молам, кој е тој модел што ќе добие двојното мнозинство и она мнозинство од вкупниот број пратеници од заедниците, бидејќи тоа беше понудено на опозицијата да го направат, но не успеаа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Многу ми е мило што на крајот сфативме дека сите сме за децентрализација во салата. Тоа го ценам од господинот Шапуриќ.

Меѓутоа, морам да му спомнам, ние имаме постојна територијална организација и не мора за секоја измена или законска регулатива да менуваме се што претходно постоело. Да не заборавиме господа, ние сме постконфликтно општество во кое мирот, повторувам мирот ни е најважен. Враќање на довербата меѓу народот, меѓу граѓаните, не е избран најадекватниот момент за вакви хирушки зафати во нашето секојдневие. Тоа е мојот став.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Дојчиноски, имате 3 минути.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

Колега Костовски, добро напишана дискусија, но не го разбрав авторството зошто не ми личи на сознанијата на интепретаторот со кој бевме во иста изборна единица.

Тоа што денеска вие сте многу задоволни што сме сите во салата каде се расправа за децентрализацијата, јас сум уште позадоволен што ве гледам вас по подолго време.

Вие рековте на изборните митинзи каде одевме заедно, ветувавме многу, но што направивме на економски план за Македонија?

Дали знаевте пред тоа во каква состојба се наоѓа Македонија кога ние се јавувавме пред народот и тогаш кога вие се кандидиравте како независен кандидат без 500 потписи.

Ако знаевте, ве прашувам за овие две години зошто како пратеник кој никој не ви го ускрати тоа право, како експерт, како бизнисмен не понудивте на овој Парламент проект или одредени законски решенија за кои ние пратениците ќе ве поддржевме. Во ниеден момент јас ваша дискусија на овој план не слушнав.

Второ, дали господине Костовски знаете дека живеете во Македонија или не, по свои специфики од сите аспекти и дека прилепување на одредени решенија на кралства и други средини во Европа кои се далеку различни од нашето е практично несвојствено. Ние бараме свои специфики.

Спомнувавте исто така дека во овој момент соработката еднонасона меѓу двете власти. Затоа ја правиме децентрализацијата. Каква двонасочност бараме од Витолишта и централната власт во овој момент кога таму имаме само 200 жители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Мислам дека мојот почитуван колега со кој заедно настапувавме на изборните митинзи малку ги помешал работите. Владата е таа што треба да го предлага економскиот развој, а Парламентот е највисокото уставно и законодасвно тело.

Спрема тоа, ако господинот Киро Дојчиноски, очекувал дека јас тука преку говорница ќе давам насоки како да се подобри економската ситуација, мислам дека е погрешна тезата.

Жалам што луѓе од таков еснаф, овие работи не ги разликуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Адеми, имате три минути реплика.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседателе,

Ќе започнам да раплицирам со дискусијата на претходниот говорник од почеток.

Тој спомна дека за време на процесот на децентрализација нема соработка со позицијата и не се земени во предвид мислењата од експертите, јас ќе го потсетам дека процесот на децентрализацијата почна уште од моментот на потпишувањето на Охридскиот договор пред три години, а потоа продолжи со Законот за локална самоуправа, продолжи со предлогот кој произлегува за новата територијална организација а тоа беше кон крајот на 2003 година. Од тогаш до сега имало јавни дискусии, два пати дискусии во Партламентот, не стојат оценките дека процесот не бил транспарентен.

Зема примери од другите земји во транзиција, сакам да го потсетам дека Македонија покрај другото има уште една голема обврска и пред меѓународниот фактор и пред нејзините граѓани да го имплементира Охридскиот договор. Освен другите обврски ја има и оваа обврска, а земјите кои вие ги спомнавте господине Костовски каде велите дека има општини со две до три иљјади жители, тие имаат неколкустепена локална самоуправа, потоа спомнувате експерти, јас ќе кажам дека оценките на експертите на кои им побелеле косите загрижени се дека албанците ќе дојдат на позиции на кои ќе ги остварат своите права, тие не ни требаат. Експерти со мокри коси кои паднале на испит уште пред десет години со нивите оценки не ни требаат.

Господине Костовски од вашата дискусија не слушнав ваше лично мислење туку што велат другите за децентрализацијата.

Кога пратеникот од нашата парламентарна група господинот Невзат Бејта зборуваше за Охридскиот договор и кога претседателот на Парламентот го прекина вие ракоплескавте, а во вашиот говор за чудо вие го спомнувате Охридскиот договор и велите дека во Охридскиот договор зборот ревидирање на границите не значи нова територијална организација, туку предложениот закон го прави ревидирањето на границите на општините и прави постхумни општини да ги реализираат компетентните кои ќе ги имаат врз основа на Законот за локална самоуправа и ќе им понуди на граѓаните подобри услуги, неможеме да имаме децентрализција..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван господине Адеми, навистина многу внимателно го слушав вашиот став и би сакал да го дадам следниот одговор.

Во секоја нормална земја овој процес на нова територијална организација е долг процес и трае неколку години, а ние за жал, тоа го скративме  во неотворена и нефер атмосфера за разговор за новата територијална поделба сето тоа го ставиле точно во летниот период 995 страници да ги добиеме пред започнувањето на амандманската, потоа распавата во Парламентот по ова прашање.

Меѓутоа, сликата во Македонија сама за себе говори колку овие нови закони за нова територијална организација, навистина наишла на прием доколку велите дека сме успеале.

Второ, ќе го спомнам Охридскиот договор. Во Охридскиот договор е предвидена корекција, велиме корекција на постојната територијална организација, не донесуваме комплетно нова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Алити, имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе,

Јас со внимание ја проследив дискусијата на господинот Костовски, но жалам што спомна неколку држави од Европа и нивната територијална организација, но заборава дека живееме во Македонија, а Македонија има свои спедификци врз основа на кои се врши оваа територијална организација.

Во текот на неговата дискусија ги спомна референдумите. Би го потсетил дека во Македонија и претходно имаше референдуми од овие кои денеска ги организираат. Велам дека се одржани,  но никогаш не се дискутирале во ова Собрание. Како и да е мислам дека референдумите Македонија не ја водат на прав пат кон нејзината индина. Напротив ја оштетуваат државата, ги оштетуваат нашите стремежи како граѓани на Република Македонија.

Свесен сум дека господинот Костовски е еден политичар кој знае да ги каже работите и знае да ги прочита во политиката. Но, тој заборава дека и во ова Собрание и надвор од него тие кои го следат знаат да читаат меѓу редови на што алудира. Доколку мисли дека и понатаму со неговата дискусија ќе ги лаже албанците, албанците од неговиот говор ќе мислат дека се рамноправни со другите, мислам дека греши во таа насока.

Неговата дискусија беше во насока албанците и понатаму да го прифатат стастусот на граѓани од втор ред во Република Македонија и со право обичниот албански граѓани се прашува себе си, тој ги исполнува сите обврски во однос на државата, зошто некој како Костовски и граѓанските иницијативи кои ги преземаат е против оваа лојалност на албанците во Република Македонија и каде не води сето ова.

Вие господине ги спомнавте Струга, Кичево, Скопје, но не направивте еден баланс спрема Струмица, Гевгелија, како тие граѓани да размислуваат кога вие немате ништо против албанците. Јас спомнавте Струга како мултиетничко место и место на соживот. Би ве прашал со што ќе се наруши овој соживот и кој беше заслужен во 2001 и по 2001 година овој соживот да продолжи не нарушен. Дали не беа албанците кои се мнозинство во Струга? Господине Костовски ваквите тези.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитуван колега, никогаш во животот не ме бодел антисемитизмот, а посебно чувството за соживот меѓу моите најблиски. Тоа ви го гарантирам, така се однесувам и во животот и на јавните места.

Референдумот е основно уставно загарантирано право на граѓаните и кога го спомнав референдумот не мислев за постапката која се води низ Републиката за собирање потписи за референдумско изјаснување, туку говорев за референдуните кои беа одржани во општините кои не се согласуваат со новата актуелна промена.

Спрема тоа, мислам дека сум погрешно разбран и сметам дека дисквалификацијата која се обидувате да ми ја ставите како антиалбанец, не држи,

бидејќи сум присталица на градење на Македонија како модерна граѓанска држава каде сите граѓани подеднакво ќе ги уживаат своите права.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Велиу, реплика од три минути. Вие сте последен за реплика.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Благодарам претседателе,

Немав намера затоа што мислев дека говорникот ќе биде способен да не убеди заради што се прави децентрализацијата, меѓутоа, со оглед на тоа што имаме сомнежи и јас го имам своето право да зборувам директно.

Најпрво, не сме тука во салата само гледачи, туку сме избрани пратеници од народот и решаваме од името на народот. Ние сме највисока институција во државата и како таква неможеме да бидеме под влијание на индивидуи било да се експерти или дојдени од САД или друго место, ние сме тукашни и ние треба да решаваме.

Треба да разбереме дека Владата за време на нејзиното постоење има право да донесува закони и да ги носи во Парламентот во највисоката законодавна власт. Дали некоја индивидуа се согласува или не како дел од Парламентот, сакам да му се обратам зошто сака рурални општини да нема поврзано со градот. По мое мислење руралните општини ќе го запрат развојот на популацијата, тие се поврзани со патријархалност. Зајас то спомна како пример, ќе ви речам дека Зајас како општина воошто не напредна само гурбетчиите го одржаа, а што се однесува до еднострананоста, мислам дека нема еднострaност во овие процеси особено под 2001 година сите мислат, резонираат и работат длабоко, имаат активности и да кажам доколку не се анализираат процесите за соживот ќе се случеше спротиното, ние тоа не го сакаме затоа што сите припаѓаме на една држава, сите сме граѓани на оваа држава.

Што се однесува до активноста на општините, јас доаѓам од запад, ги знам случаите каде Франција и Швајцарија сорботуваат со една оделена општина меѓу двете држави и тоа многу добро. Сакам да кажам дека и ние припаѓаме на Европа а не доаѓаме од друг континент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Господине Велиу морам да кажам дека можеби не сме се разбрале, меѓутоа, за сите ваши забелешки што сакаме да постигнеме, пред се сакаме да постигнеме граѓанска држава, за тоа заедно се бориме. Тука сме идентични и не гледам никаква разлика во поглед на вашиот приод. Можеби разликата е во тоа што е многу побитно сето тоа да го направиме здружено со еден општ консензус меѓу сите, меѓу вас и албанците. Многу ми е криво што вашите колеги од ДПА ги нема, а ќе се изгласува многу важен закон. Многу е битно да има конзензус за сите работи да се договориме и да изгласаме. Тоа е основата за еден наш напредок и просперитет.

Што не красеше во минатото? Пад на индустриското производство, економски колапс, господинот Хисни Шаќири за луѓе кои не можат да преживеат во Липково.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ: (продолжение)

Г-дине Трендафилов имате збор?

Опростите, г-динот Камчев бара збор процедурално.

Повелете г-дине Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, извесно е дека законите за децентрализација ќе ги донесеме. Но не е ивесно колку ќе се оддолговлекува расправата.

Затоа, согласно член 64 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам денешната работа на Собранието да продолжи и после 17,00 часот.

Барам поддршка од 10 пратеници и молам предлогот да го ставите на усвојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има поддршка од 10 пратеници.

(скоро сите присутни пратеници креваат рака)

Колку што гледам скоро сите пратеници, дури и опозицијата крена рака).

За тоа предлогот да се работи по 17,00 часот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 гласале за, нема воздржани, 2 против.

Консттирам дека предлогот е усвоен.

Г-дине Трендафилов, повелете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Јас ќе ги почекам овие кои сакаат да работат и после 17 часот децентрализација да излезат од салата.

(Претседателот предупредува за ред и тишина со звончето).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, оние кои се упатиле надвор од салата да излезат побрзо.

Почнете г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, г-дине Гештаковски, почитувани пратеници,

Во последниве некоку дена и македонската јавност, за прашање за кое дебатираме од 26 јули е бомбардирана со инфорамции дека станува збор за исклучително тешко и значајно прашање од кое што директно зависи опстанокот на македонската држава.

Без оглед колку во пред се во амандманската расправа се обидуваше воденото мнозинство во Собранието да го занемари тоа предупредување, кое во тоа време доаѓаше воглавном од опозицијата, сепак во овие некоку дена, некаде од минатата седница тие предупредувања се навистина сериозни особено што изворите во кои се третира прашањето за евентуалната иднина на македонската држава во поглед на Предлог законот територијална органицација и пакетот закони за децентрализација тие извори не ретко биле користени од министри во Владата на г-динот Црвековски и од пратеници припадници на парламентарното мнозинство како авторитети, значи, како авторитет да  поткрепат одредено свое тврдење кое во тој момент верувале дека оди во прилог на актуелната владина политика.

Од тие причини, поради сите тие предупредувања во поглед на престојниот законски текст, ние можеби треба да изградиме еден поинаков однос иако верувам дека за жал за тоа е најверојатно доцна сега да го изградиме, но се обидуваме во принцип да

прифатиме барем јас зборувам, се извинувам ќе зборувам исклучиво во прво лице еднина, во принцип да прифатам дека креаторите на предложениот законски текст, ги имале во предвид сите тие работи, дека тие се обиделе да го извлечат максимумот кој би одел во прилог на Република Македонија, безбедноста и просперитетот на граѓаните кои живеат во Република Македонија. За жал, иако претпоставувам дека имало добри намери ќе се потсетам само на Вергилиј  и на неговиот стих дека “патот до пеколот е поплочен само со добри намери”. Значи добрите намери не се секогаш доволни. За жал и овој законски текст  би потпаднал во таа група дека е недоволна добрата намера.

Мислам дека впечатокот кој го стекнав без оглед дали учествувам, активно, повеќе активно или помалку активно во амандманскста расправа, имам впечаток дека и еден дел во нашата јавност , не можам да претпоставам за бројка, но во секој случај станува збор не за она што се нарекува публика туку за оние кои можеби малку повнимателно ги следат пораките без оглед дали доаѓаат од Собранието или од некое друго место. Значи луѓе кои сакаат повнимателно да донесуваат заклучоци да не избрзуваат со тие заклучоци, оние кои прифаќаат еден принцип на еволутивност во креирање на сопствените ставови, дека најверојатно, за жал Владата на Република Македонија и немала многу избор и  дека Владата на Република Македонија за жал, се согласила од тие добри намери, за кои зборував за почетокот на ова излагање,  да дојде до еден ваков договор со одредена група на милитанти и екстремисти кои за жал дел од нив се и тука со нас во Собранието, дел од нив се во Владата, дел од нив се во државните институции, со цел бидејќи една таква изјава беше дадена во јавност и додека траеја преговорите меѓу коалиционите партнери, која изјава беше најобична закана, дека македонците го имаат мирот и што уште повеќе сакаат од тоа.

Значи Владата оди свесно во амандманската расправа за Струга и за Кичево го спомнавме оној период од 4 години, периодот од 4 години јас го поврзав со период меѓу две страни, меѓу две страни, значи меѓу два меѓународно признати субјекта, меѓу два партнери, меѓу 2 страни во еден договор кој има нели обврзувачки страни, но апсолутно не може такво нешто да се прави во рамките на Република Македонија и да се остава еден период од 4 години за да не знам видиме, согледаме некои работи, или да чекаме и

да се надеваме дека интерцијата и меѓународната асистенција ќе ни помогне да не ни се случи нешто што некој сака да ни се случи, или барем ние да ги амортизираме на тој начин користејќи ја таа временска инерција да ги амортизираме проблемите.

Значи ние едно отворено прашање сме решиле да го тргнеме на страна. Јас сум решил, не решиле ни претениците од ВМРО, но тоа не значи дека ние не ја споделуваме истата одговорност како и пратениците кои ја поддржуваат Владата на г-динот Црвенковски, затоа што ние функционираме како Собранието, а не функционираме во прво лице еднина, така функционираме само во нашите дискусии.

Значи, истовремено во текот на прговорите барем јас прв пат ја слушнав девизата промовирана од г-динот Бучковски, дека ова е еден начин Република Македонија наскоро или во блиска иднина да стане Европска Македонија. И во име на некаква Европска Македонија, тој може би подразбира или би требало да биде попрецизен дека зборува за институционалниот дел на Европа. Значи зборува за ЕУ, не зборува за Европскиот контитент, затоа што учебник по географија , ќе прочитате каде е лоцирана Македонија. Токму на Европскиот континент. Но за жал г-динот Бучковски, промовирајќи ја девизата на Европска Македонија, без оглед колку и на некому можеби ќе звучи излитено, заборава дека во Македонија сеуште егзистира, можеби скромно, можеби не толку атрактивен во овој момент, уште еден лозунг, кој многу постар и од г-динот Бучковски и од мене заедно, а тоа е лозунгот кој едноставно гласи е напишан некаде во минатиот век, а едноставно гласи “Македонија на Македонците”.

Занемарувањето на реалноста, а таа е реалноста содржана во тој лозунг, за некаква награда која треба да ја очекуваме во Европска Македонија, г-динот Бучковски заборава дека ние со еден афроазиски наталитет, во рамките на Република Македонија во рамките на една малцинска заедница инородна, не можеме да претендираме влез во Европсксата Унија. Тоа мислам дека на повеќето овде ни е јасно, затоа што се базира на едноставни цивилизациски појави кои се карактеристични за поголемиот дел од Европскиот континент, при расправата за тетовскиот униерзитет, малку проговоривме и за преведувачката дејност во Република Македонија, посочивме примери, колку класици

во секоја област, поезија, филозофија, наука, математика, авторските дела на големите умови кои се припадници на Европскиот континет не се преведени . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов, првото право на дигресија ви помина, помините на текстот на законот ве молам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Јордановски, јас овде слушав кратка историја на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, вие не ја прекинавте, почитуваната колешка,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Таа е кратка, да. Имате право на уште две дегресии ве молам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, но јас сега можеби таков ми е начинот за дискусии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако ги трошите сите три, кажете ми.

Повелете, за текстот по законот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, значи, зборувам за наградата г-дине Јордановски, кога беше промовирана од г-динот Бучковски, наречена Европска Македонија, дококу ние законот за територијална организација и пакетот закони за децентрализација ги усвоиме што е можно побрзо, и ги распишеме изборите, јас тоа го компарирам со актуелната фактичка ситуација во Република Македонија, каде што го имаме тој наталитет кај едно малцинство, имаме економска стагнација во сите сфери. Во годината кога Владата најавуваше и претседателот на Републиката економски бунт, а почетокот на моето излагање беше со сите оние силни предупредувања кои доаѓаат од сите страни во земјава, дека е ова исклучително важно прашање, за опстанокот на Република Македонија, односно за нејзината иднина. И оттука сметам дека не сте во право кога ме прекинуате, затоа што ако извори кои беа наведувани како фактори за исправната политика на Влдата на

Република Македонија сега тие избори велат дека е доведена, можеби, во прашање стабилноста и иднината на земјава, мислам дека треба да бидеме малку пофлексибилни, во тој поглед.

Значи, ние би требало да се движиме во правец на Европска Македонија, креирајќи граници така како што се предложени од Министерството за локална самоуправа. Ќе повторам, верувам дека имале намера да извлечат максимум но намерите реков, добрите намери каде водат, и резултатот на тоа ќе биде создавање односно фактичко функционирање на некаква бинационална држава по содржина, затоа што можеби некои колеги знаат јас не знам на пример дали некој плаќа струја, вода, кој плаќа струја, вода, за тетовскиот универзитет затоа што таа зграда е узурпирана, утринава влегуваат полицајци во фабрика без никаков судски налог физички малтретираат луѓе, создаваат непријатности во една средина каде што апсолутно нема причина за тие работи. Значи, полека се доведува во некоја, за жал, зона на самракот каде што од прилика ќе се знае што до каде е, кој до каде може да се движи, да прави да работи, или незнам што да му следува. И тоа ќе ни биде кажано дека оваа територијална организација на Република Македонија треба да резултира, без оглед што можеби ќе ви остава впечаток на некаква лабава заедница, но таа ќе резултира со мир.  И тоа сум подготвен да го прифатам дека да г-динот Бучковски во рамките на таа визија која ја опишуваше, Европска Македонија ќе има мир. Но, г-динот Бучковски, треба да биде свесен и сите други кои размислуваат во негова насока дека таа Европска Македонија е истата што и оваа во овој момент, значи географски поставена на Европскиот континуитет, но така структурирана Македонија не може да се надева дека ќе влезе во оној институционален дел од Европскиот континент кој се нарекува ЕУ, и кон кој ние како држава се стремиме да се институционализираме.

Од друга страна опозицијата го критикува предложениот текст и со амандмани и во општата расправа, поаѓајќи од другата максима, која поаѓа со тие кратки три збора Македонија на Македонците. Без оглед кој што ќе сфати во тоа, верувам дека некој намерно нема да сфати, така како што е напишана таа девиза, која вели дека Република Македонија ќе биде и мора да биде држава во која ќе бидат почитувани на најширока основа индивидуалните граѓански права и слободи.

Да ве потсетам, нема ниту една држава во светот, која вели дека е таа држава, дека е таа граѓанска држава. Да ве потсетам дека во светот државите кои се демократски ориентирани, тежнеат сопствените општества да ги трансформираат како граѓански општества. Да ве потсетам, дека Република **Чиле,** во времето на диктатурата на Пиноче, по својата функција таа беше национална држава на Чиле, но до ден денеска 50% од жителите на Чиле, таа држава во времето на војната хунта не ја чувствуваат како граѓанско општство. Значи, тоа беше класично узурпации од страна на државата и државните институции врз општеството.

Значи, таа магла што се фрла пред македонската јавност веќе 15 години, дали ова ќе биде национално, или ова ќе биде граѓанско, да ја заборавите. Општеството е тоа што може да биде граѓанско, и мора да биде граѓанско, затоа што општеството им дава можност на сопствените граѓани да ги уживаат и да ги промовираат сите свои разлики. Значи граѓански општества, се и државите каде што има во состав 95% се еднонационални или еднорелигиски. Исто како што беше и Чиле, еднонационална, еднорелигиска но таа немаше граѓанско општество. Државата не може да биде граѓанска. Државата или може да го поттикнува граѓанското општествода се развива, или може да го гуши.

Во овој момент Република Македонија не оди во таа насока дека барем најмалку со овој закон дека Република Македонија ќе го поттикнува развоот на граѓанското општество. Република Македонија на овој начин, ќе поттикнува вкопување на ровови меѓу македонскиот народ како автохтон, како носител на суверенитетот, и една инородна малцинска заедница која самата себе си, значи нивните експоненти на македонската политичка сцена, самите експонети на политичката сцена ги одземаат можностите за граѓанско општество во средините каде што тие ќе можат да ја креираат локалната самуправа.

И бидете сигурни, дека еве ова кога ќе помине, еве овој закон кога ќе помине бидете сигурни дека нема да помине многу време, ние нема да знаеме кој што како плаќа, не само ние, нема да знаат луѓето таму што живеат, без оглед дали биле македонци, роми, албанци, турци или било што. Тие нема да знаат. Граѓаните кои не се обременети

со висока политика, туку кои се обременети со секојдневни проблеми. Кој инспектор ќе му доаѓа да, ако има некаков семеен дел, ако има некој семеен деловен простор да му ја проверува бакланицата, да му доаѓаат да му наплаќаат сметки, да плаќа за водовод, за школство, тоа нема баш така да функционира, токму заради, тоа што дел од македонските граѓани кои се со инородно потекло, нивните политички репрезенти не сакаат да им дадат можност на луѓето кои сеуште се приврзаници на некои идеи кои тие ги промовираат, да ги развиваат.

Доколку би се случиле да се прифатат сугестиите на ВМРО и воопшто на опозицијата една држава во која максимално ќе ги поттикнува граѓанските права и слободи на поединецот неминовно доведува до функцонирање, профункционирање , конечно ако сакате на правната држава, на она кое што сите ние тука деклартивно го кажуваме затоа што во една таква држава кога ние му се обраќаме во прво лице еднина на даночниот обврзник, на гласачот воопшто на било кој како луѓе кои на периоди од 4, 2, три години одиме на избори ја враќаме самодовербата. Во земјава нема самодоверба, ако не сте забележале, затоа што сите институции и оние кои се државни и оние кои имаат примарна обврска да ги промовираат, зајакнуваат и унапредуваат граѓанските права и слободи свајќајќи ја демократијата на начин дека таа е процес кој никогаш не завршува, дами и господа.

Така поставените односи ја будат самодовербата меѓу граѓаните и тогаш не ќе може да им се продаваат или да се спровираат на мала врата некакви законски решенија како што досега била праксата . Но, очигледно овие институции го немаат тој капацитет па затоа го одбрале првиот начин и излегле со ваков текст, предлог закон за територијална поделба, одејќи по мала линија, малку ќе се договориме со милитантите и екстремистите, малку ќе се договориме со овие, ќе постигнеме некаков одржлив мир, бидејќи зборуваме за некаков одржлив развој мораме да имаме одржлив мир без оглед ние како ќе функциомираме како лабава заеница, ние некако ќе се тркалкаме додека ја имаме асистенцијата од Меѓународната заедница, ќе го имаме мирот, но верувајте ниту ќе се доближиме до институционалниот дел до Европа на таквиот начин, ниту оваа 2004 година ќе донесе некаков економски бум, а уште помалку 2005 ќе донесе некаков

екоонмски бум, туку постепено таа самодоверба кои би ја поттикнувале кај сопствените граѓани, да бараат отчет од мене од вас од сите овде што сме, да бараат отчет од оној на шалтер, да бараат отчет точно за што се плаќа, на локално ниво со достоинствени луѓе потешко се манипулира.

Има уште еден момент кој сакам да го истакнам околу предложениот законски текст за територијална организација. Имено, полемизираат повеќе пратеници и како што е ред повеќето од нив се повикуваат на секакви европски искуства, незнам, Обединетото кралство, почнале во 80-тите години, во Франција почнале незнам која година, тоа се факти кои се такви какви што се. Но, сега сме 2004 година и тоа што е почнато и е преземено и од нашите експерти и од оние кои работеле за Владата и конечно Владата како предлагач заборава дека сега е 2004 година, 24 години се поминати одкако почнале да размислуваат во Обединетото кралство за децентрализацијата. Овде беа прочитани цитати од скандинавски политичари, од германски политичари дека тоа е тежок, бавен и мачен процес. Е, видете сега, од една Македонија на која и се закануваат дека може да исчезне ако направи една грешка, бараат тоа да се направи за 24 часа, практично.

Не остава впечаток тоа никому, од вас почитувани дами и г-да кои вредно молчевте за сите тие стопечеесет амандмани кои ВМРО ги поднесе. Не гледате дека на овој начин како и досега многу прашања што поминавме, најголемото е за Тетовскиот универзитет. Една малцинска заедница постојано се јавува во улога на уценувач и вели јас го сакам тоа веднаш и сега. Претпоставувам дека повеќето тука сме семејни луѓе, ние понекогаш такво однесување имаме од сопствените деца. Сакам ова веднаш да ми биде купено, ама тоа му личи на дете. Така зборува, така оди, така размислува.

(реакција на некои од пратениците во салата)

Г-дине ако сакате да полемизирате кога ќе завршам, а вие не ми кажувајте јас кога да одам дома или не. Ако не ви се допаѓа она што го зборувам, повелете излезете. Значи, тоа личи на деца.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете г-дине Трендафилов јас ја водам седницава, продолжете.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи некои прашања се бараат од оваа држава да се случат веднаш, сега и тука. А, кога ние ќе се повикаме дека, видете Република Македонија не е во состојба да измисли пет дрим-тим кошаркарски тимови за оваа Влада да ги гледа во Скопје. Ние едноставно немаме толку добра лига. Република Македонија може да направи преку кошаркарскиот сојуз со некаква едукација со воспоставување спортски програми низ училиштата во Република Македонија  и да се надеваме за околу 10-тина години ќе имаме некаква добра стартна позиција. Свесни сме за тоа дека ништо неможе да се случи преку ноќ, дека за се треба време, труд и работа.

Вака поставената територијална организација ќе ја доисцрпи и онака лошо поставената не само развојна политика на земјата туку воопшто економските односи во Република Македонија. Токму поради тоа што во Република Македонија постои некаква политичка идеја дека од Република Македонија може постојано да се зема, да се црпи, да се граба, но да не се враќа. Змислите во една прилика зборувавме во една дебата дека се доведуваме до прашање зошто да плаќаме за училишта во кои не одиме, за патишта по кои не се движиме. Тоа е целта да се докаже, човек да крене рака од се во земјава, да не совлада очајот и да речеме ексик од вас повеќе. Затоа што, очигледно е дека финансиското исцрпување на Република Македонија ќе продолжи и понатаму затоа што Република Македонија  е веќе обврзана преку ноќ да произведува дипломати, полицајци, подофицири, офицери, државна администрација. Значи, на сите нивоа на државната администрација, Управа, како на национално така и на локално ниво. Ние овде три пати или четири пати баравме од министерот за финансии и оние шест регионални управи од Управата за јавни приходи да видиме како тече наплатата во земјата никако да ги добиеме. Го баравме тоа и од г-динот Кокаровски и од заменикот, сеуште не сме го добиле. Добивме некое образложение, незнам таму се плаќало во западна Македонија, во источна Македонија не се плаќало. Во источна Македонија каде ќе одите да прибирате данок. Во Пробиштип во Злетово што има таму. Што сме направиле ние за таму да ги направиме луѓето да бидат платежно работоспособни. Значи финансикото исцпување на земјава ќе продолжи.

Ние можеме овде да се расправаме дека нашиот рејтинг од БД се качил на АБ. Незнам каде отишол нашиот рејтинг, но нема за жал дами и господа, 2004 веќе длабоко е влезена кон својот крај. Ние не видовме ништо од економски бум. 2000-та година при тешки услови , неколку пати денеска ја обвинуваа поранешната Влада зошто не завршила..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дибне Трендафилов втората дигресија ви истекува, повелете по законот за територијалната организација.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Поранешната Влада беше обвинувана во неколку наврати но при тоа никој не сака барем гласно да каже дека тогаш имаше 386 илјади бегалци. 2001 година имавме војна и потоа функционираше онаа Влада на широка коалиција. За тоа никој не зборува. Практично таа Влада функционираше еден краток период кога ја имавме ми се чини најдобрата шанса од формирањето на Република Македонија како независна држава да зачекориме по еден нормален слет и да лзаличиме на држава која го поттикнува развојот на сопственото граѓанско општество без при тоа да се користи со разни донации, помош од било каков вид, сугестии барем што досега ги имаме.

Законот за територијална организација и оваа поставеност зборува за тоа дека вака поставените работи и понатаму ќе продолжат да ја исцрпуваат финансиски Република Македонија, најверојатно ќе имаме мир, незнам што ќе се случи или што треба да се случи во следните 4 годни за да помине тој период кој е даден за општина Кичево. За жал, верувам дека во Владата постои расположение, временската инерција ќе ги залечи прашањата, па ќе се случи нешто друго. Сериозноста на ова прашање барем со оглед на тие предупредувања верувајте јас ги сватив максимално, сериозно дека тие не се така наивни штом особено во текот на минатата недела почна да се појавуваат и се воглавно цитирани од македонските медиуми и се цитираат и се коментираат од нашите граѓани. Во нашата средина тоа се дискутира, дека не е воре ова што се случува, дека ова е нешто што не знаеeме дали и како ќе заврши.

И сега, доаѓаме до полемиката која се равиваше во главно во амандманската расправа, оние дофрлувања или обвинувања од страна на палраментарното мнозинство за опструкции, за национализам, за лажен патриотизам, незнам што уште не беше кажано од некои, не од сите, се разбира од неколкумина пратеници на парламентарното мнозинство. Не мора да се трудат во иднина да ги кажуваат тие работи, ние можеби ќе налетаме во некоја дискусија, реплика. Имено, јас себеси се сметам дека сум македонски националист. Тука нема ништо страшно, апсолутно ништо страшно, без оглед, пак верувам дека некој тоа нема да го сватат на начин како што тоа јас го мислам, но тоа е нивна грешка и нивни проблем. Тоа лвоопшто не е моја работа.

Намерата на држава која не се обидува, сега малку ќе излезам од темата и ќе се повикам повторно..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов никој не ви замери дека сте македонски националист, но и македонскиот националист треба да се држи до темата. Затоа држете се до темата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да, што би рекол г-динот Бучковски и неговата Европска Македонија. Би сакал сите тие т.н. псевдоевропјани во Македонскиот парламент кој може да ги кажат наназа сите самити и половина од лкомесарите до 75-та година дека во средината на 90-тите години па до денес, до овој момент постои една жива научна пред се расправа во рамките на земјите на ЕУ каде што истакнувањето на националните и културните разлики, јазичните разлики е предност за што ќе ве потсетам, бидејќи беЗ оглед што зборувавме три дена за Тетовскиот универзитет на преводот на зборот “космос” од каде што доаѓа космополит. Тоа значи гердан, дами и г-до. Герданот е различен по форма, герданот е различен, не еист но сепак тие егзистираат во една хармонија токму поради тоа што нема униформност, поради тоа што постојат разликите кај секого.

Значи, г-динот Бичковски неможе да биде добар европјанин, ако пред се не е добар македонец. Тој може насекаде да зборува за ЕУ и за НАТО, но додека г-динот Бучковски и сличните на него не почнат да зборуваат за Република Македонија и само за Република

Македонија и пред се за Република Македонија верувајте дека г-динот Бучковски нема да биде прифатен никаде како добар европјанин. Најмалку што можат да го сватат е да се запрашаат како е возможно овој човек е министер за одбрана а се чувствува и се однесува како апатрит.

Да ве потсетам дека во рамките на дебатата за европскиот устав почитувани псевдоевропјани..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов ова ви е трета опомена во врска со дигресиите и уште еднаш ако направите ќе ве исклучам.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Да ве потсетам дека постои силна иницијатива која беше и јавно кажана дека во рамките на европскиот устав, во неговите основи мора да биде јасно, гласно посочена христијанската традиција и христијанските темели на Европскиот континент воопшто. Значи, ова е во спротивност од онаа научна дебата што ви ја кажувам, но и во едната и во другата ќе најдете дека се истакнува на разликите, но во смисла дека разликите не треба по дефиниција да се сфаќаат дека се исклучуваат една со друга. Туку разликите треба да ги вклучуваат и да ги упатуваат луѓето еден на друг.

Овде за жал оваа Влада инсистира на политиката на униформност, на политиката на еднакви стомаци и на политиката на исто размислување на бројки, на колективитети без при тоа да се обраќа на луѓето во прво лице еднина очекувајќи ги нивните индивидуални разлики, специфики кои секој од нас, тоа е човечност секој од нас се чувствува поразлично од другиот, па без оглед во какви пријателски, роднински или незнам какви односи се наоѓа. Тоа е едно од основните човечки состојби. Свеста, само свеста, за јас, за прво лице еднина. За жал почитувани пратеници, особено почитувани псевдоевропјани, ова нема да стигне до вас и јас неможам тука многу да ви помогнам. Се надевам дека вие прво ќе умеете себеси да си помогнете.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Трендафилов.

Како јавно прокламира македонски националист, јас сум изненаден како го респектирате г-динот Бучковски бидејќи 30 пати го спомнавте. Обично народот вели не сакам името да му го спомбнам.

А што се вели за цивилно, за граѓанско општество, ова е моја реплика, за граѓанско општество, Чиле е граѓанско општество, само Чиле не беШе цивилно општество што вие измеѓу граѓанско и цивилно општество не правите разлика, тоа е веќе друго.

Повелете имате една минута контра реплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Јордановски, да ве потсетам, тоа што Демократска Република Кореја се нарекува демократска, тоа што поранешната Демократска Република Германија се нарекуваше демократска, не претпоставува дека тие општества по функција беа слободни, граѓански општества.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Граѓански беа, не беа демократски, не беа ни цивилни. Разликата измеѓу граѓанско и цивилно треба да ја знаете вие.

Повелете г-дине Шајновски процедурално.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Предлагам Собранието да ја прекине работата за 15 минути како би се оформила една пратеничка делегација која веднаш би отпатувала во Охрид и ќе биде сведок како без никакво судско решение се влегува во ЕМО-Охрид, се крши имотот во присуство и со помош на полицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам не е тоа процедурално.

Повелете г-дине Таљат Џафери, имате три минути реплика.

ТАЉАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-дине претседател, јас ќе почнам од крајот на претходниот говорник со тоа што ми се обрати како псевдоевропејци да му кажам дека новиот европски устав е основа на барањето, на имплементацијата, на утврдувањето, на христијанското утврдување. Но, немисли на ниту еден начин на истокот, на македонски националисти туку мисли, западното христијанство знаете што значи тоа.

И, два, г-динот од македонски националист е малку понапред во македонски нацист, значи е малку понапред, е претворен  од националист во македонски нацист. Ќе ви кажам зошто.

Република Македонија ја смета од 1991 година, а мисли од 1903, наваму,  но мислам дека од тогаш па до денес во неговиот дел учествуваат и албанците во изградбата на оваа држава, говори за значењето на офицерите и подофицерите, на полицајците внатре во НАТО. Заборава дека законите предвидуваат 6 месечна обука која сите тие курсисти што ја завршија ги поминаа овие 6 месеци, врши компарација, споредба дека само децата го добиваат тоа што веднаш го бараат тука и на лице место, заборава дека е најголемото дете кое постои и кој го знае и овој Парламент и македонската јавнсот, а неговиот нацизам се гледа во неговата реченица за наталитетот наводно афроазиски на една националност во Македонија, алудирајки на албанскиот наталитет. Но, тој доколку има проблеми со правење деца, нека побара помош.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако некој може да ве испровоцира, да биде некултурен, не морате и вие да бидете. Ако некој има начин да навредува меѓу редови, атоа ве молам г-дине Талат Џафери немојте и вие директно.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

А тоа за идеата што подразбира и што сака да каже авторот, ќе го прашате вие, значи Трендафилов. И на крајот г-дине претседател, јас мислев дека вие ќе ја спречите неговата дискусија, бидејки дозволивте така да се случи и така да говори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас неговата дискусија не можев да ја спречам бидјеки има начин, како што го кажа тоа и точно вие го лоциравте, само не требаше така тие изрази да ги користи.

За реплика се јави г-динот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван претседател почитувани колеги, навистина е тешко да се реплицира и да не се повторуваш, затоа што сите дискусии на опозицијата се од ист профил и со еден концепт. Така што и репликите кои што  ние ги правиме се од ист профил и од ист концепт. Ова ме мотивираше да реплицирам кога  го спомена тетовскиот универзитет. Затоа што и кон тетовскиот универзитет имаше иста стратегија опозицијата да направи опструкции низ дускусиите, така што да го искористи тетовскиот универзитет, до максимум да го поврати својот рејтинг што го загуби  кај електоратот. Исто така, истото беше и за државјанството. Меѓутоа, многу е тешко да се поврати рејтингот со една ваква политика. Предлог законот за новата територијална организација се користи до максимум да се поврати рејтингот за  идните локални избори. Мислам дека треба да се изменат нивнит еконцепти, затоа што не може да се  рехабилитира никој, еден политички субјект кој што за време на четиригодишното владдење го уништи се што беше државно. Не верувам дека може да се рехабилитира и да се каже јавно дека си националист. Мислам дека со еден посериозен концепт ќе имаме поголем респект кон заедничките процеси и ќе ги постигнеме и тие така ќе бидат поблиску до електоратот и народот. Се спомена да се создаде и репрезентација во кошарка. Навистина дека претседателот, нивниот почесен претседател игра кошарка некаде на некоја плажа во Шпанија или можеби фудбал.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Па каков однос поинаков човек да има кон универзитет во кој беше напишано дека е сопственик на пет сунгери, две кофи за вода и три декари земја и плинско решо. Каков однос сакате да имаме, да зборуваме за афроазиски менталитет од средина која доаѓа со рудиментирани односи. Зарем такви ќе не примат во Европската унија? Па вие не држите 20 години како заложници. Земјата ќе биде примена кога ќе има рамномерен развој во секое катче на нејзината територија, земјата не може да биде примена ако едни односи важат во едниот дел од земјата, а други односи важат на другиот дел од земјата, ако едната половина од земјата се наоѓа во 21-от век, другата се наоѓа во 17-от век. Каков е тој рамномерен развој?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-дин Џезаир Шакири:

ЏЕЗАИР ШАКИРИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседател, сакав да му реплицирам на претходниот говорник во однос на делот каде спомна дека Македонија е на македонците. Јас знам дека тој не е виновен, дека со Охридскиот договор се договоривме дека во преамбулата на Охридскиот договор на почетокот вели, Македонија да биде на рамноправни граѓани на Македонија, а не се наведе ниту малцинство, ниту мнозинство, ниту некоја националност. Но, после Али Ахмети прифати измената Македонија да биде на македонците и на албанците и на другите. Во однос на автохтоноста на населението и албанците се автохтони г-дине, биле овде пред да се говори макеоднскиот јазик. Толку многу се говори против албанскиот јазик и употребата на албанскиот јазик во Скопје, за правата на албанците во овој Парламент, во ова Собрание, а што не можат да се дешифрираат овие изјави од ваша страна. Значи, ние немаме ништо против албанскиот, но го мразиме албанскиот, ние немаме ништо против албанците, но ги мразиме албанците. Ние албанците можеме да ви кажеме, се додека вие не мразите и не не сакате и ние нема да ве сакаме, ниту вашиот јазик, ниту друго. Доколку продолжиме со овие повреди врз национални основи се излишни и мислам дека имате погрешен пат господине. Албанците се автохтони во оваа Република, сакале или не, ќе живеат во оваа

држава. Доколку вие не ги сакате и не мразите и ние нема да ве сакаме. А доколку сакате да продолжите така, тогаш ќе работите во штета на оваа држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Навистина незнам што да мислам после овој говор на колегата. Прво, би го прашал како јас да се чувствувам како албанец и европеец бидејки тој сака да биде прво македонец, па после европеец. Јас што да правам? Да аминувам на сета ваша филозофија или против вас да се борам во една борба  до истребување. Што препорачувате? Вие навистина, бидејки ве познавам, знам дека имате завидни интелектуални можности, но сето тоа сметам дека е сместено во еден простор што американците велат ронтајн, ронплејс. И понатаму, да поткрепам со еден факт,  еден модерен и современ француски писател рекол: ако денес некој пишува како Балзак, тоа е како да се вози со фијакер по париските улици. Мислам ја разбирате алузијата. Сето ова ваше ми изгледа како еден музејски експонат со историски  вредности.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитуван колега, претпоставувам дека вие подобро од мене, можеби и лично познавате француски државјани со германски имиња во обласга Алзас и Лорен. Тие нека ви го пренесат нивното искуство како истовремено можат да имаат германски имиња, да се добри француски граѓани и добри европски граѓани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Јас навистина ќе го искористам времето кое што ми го давате за реплика да упатам еден апел. Господо, овде сме собрани да градиме, а не да растураме. Тоа се однесува за сите субјекти, за сите колеги пратеници овде. Затоа молам тензијата да се симне, да бидеме рационални, прагматични, бидејки ние сме овде овие простори, овде сме биле и ќе бидеме и ќе останеме. Тоа е нашата иднина.

ЛИЛЈНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитуван министре Гештаквоски, претставници на Владата, почитувани коелги, најпрво би го истакнал моето жалење што Владата иактуелното парламентарно мнозинство не ги услиша апелите пред се на граѓаните на Струга, Кичево и Скопје, не ги услиша апелите на граѓаните на Република Македонија, на институциите како што се МАНУ и ЗЕЛС и на многуте експерти и поединци поради што по завршувањето на амандманската расправа резултира Предлог законот за територијална организација на општините онаков каков што е пред нас. Притоа ќе истакнам дека сосема го разбирам правото на Владата да понуди и да стои зад Предлог на законот за територијална организација бидејки доби мандат на последните парламетнарни избори, но барам од министерот и од парламентарното мнозинство да има трпение да ги сослуша и нашите аргументи и тези како легитимно демократско право на опозицијата. Впрочем опозицијата за тоа и постои и е потребна во повеќе партисктие парламентарни политички системи.

Почитувани колеги без оглед на тоа какви и да имало ставови во минатото од претставници на ВМРО и од претставници на другите политичка партии во врска со територијалната поделба во минатото и сега, допуштам тие ставови да еволуирале или да еволуираат во зависност од општествените текови кои го детерминираат процесот на децентрализација вклучително и територијалната поделба. И токму сега е моментот тие ставови да се корегираат и искристализираат бидјеки токму сега се носи законот за територијална организација на општините. Токму затоа сега треба да се настапува отворено, да се испразни душата, да се укаже на сите опасности што ја демнат државата. Сакам да го убедам министерот Гештаковкси, а и другите колеги од парламентарното мнозинство дека нам на опозицијата не ни е целта да шириме страв и да ги нарушиме меѓуетничките односи, туку да ја потсетиме Владата и парламентарното мнозинство на тежината на моментот и одлуката и на историската одговорност што ја наметнува

донесувањето на законот врз оние што го предлагаат и евентуално го гласаат со ваква содржина. За да се одбегнат евентуални недоразбирања би сакал да нагласам дека мене и на пратеничката група на ВМРО многу добро ни е познато дека донесувањето на пакетот закони за децентрализација на власта се обврски од Рамковниот договор и според тоа нивното донесување е неопходно и неспорно. Децентрализацијата е основа, или база за подобро и поефикасно функционирање на власта на сите нивоа. Пренесувањето на дел од надлежностите кои се точно таксативно наброени во законот за локална самоуправа од централната на  локалната власт е многу важен процес со кој власта ја доближуваме до секој граѓанин. Децентрализацијата на власта исто така преставува еден би рекол од најважните  услови што не носи чекор поблиску до Европската унија, Што е наша заедничка  цел. Децентрализацијата ќе овозможи доближување на власта дограѓаните и можност за понепосредно влијание врз она што се вика нивно секојдневно живеење во локалните средини, а тоа е образованието, примарната здравствена заштита, урбанистичкото и комуналното  уредување на местото на живеење и т.н. На овој начин централната власт се откажува од дел од своите надлежности и им остава простор на локалната самоуправа и на граѓаните да ги моделираат во согласност со сопствените можностии потреби. Меѓутоа, морам да напоменам дека делегирањето на ингеренциите од централната на локалната власт не значи и обврска за ново кроење на општините. Нема таква територијална поделба, односно територијална организација на општините што ќе создаде инфраструктура за ефикасна локална власт, ако не се плаќаат даноци и ако целиот пакет и проект наречен децентрализација се подразбира само како етничко прегрупирање на државните плацеви.

Сакам да ви напоменам дека пред околу месец дена имав средба со претставници на ОБСЕ, набљудувачка мисија во Скопје, канцеларија во Куманово, господата Бернард Сегара, офицер за градење на доверба  и г-динот Зурот Ломашвили, офицер за градење на доверба. Нивнот  интересирање беше да им одговорам на прашањето, зошто јас,односно како претставник на опозицијата и моите колеги опозицијата се противат на донесувањето на законот за територијална организација на општините. Очигледно дека тие не беа многу информирани за оваа работа и јас морав да им кажам. Тие најпрвин

настапија со тезата дека децентрализацијата е добра работа и дека таа ќе не доближи чекор поблиску до Европската унија и дека треба да ја прифатиме безрезервно. Меѓутоа кога им објаснив дека зад пакетот закони за децентрализација сака да се протурка нова територијална поделба во етничка основа, на нив им стана јасно и тогаш прекина состанокот и рекоа дека ќе ги информираат своите канцеларии на онаков начин каков што го разбраа од моето објаснување. Сакам да кажам дека владеачките коалициони партии во еден подолг временски период екстензивно и во функција на дневно-политички потреби ги толкуваат обврските од Рамковниот договор. Потребно е да се нагласи што точно е содржано во Рамковниот договор по однос на децентрализацијата на власта.

Во едно мое претходно обраќање од оваа говорница, кога дебатиравме за Тетовскиот универзитет јас реков дека легализацијата на Тетовскиот универзитет е исчекор од Рамковниот договор, кој исчекор отвора нов опасен проблем за во иднина а тоа е проблемот на релавитизирање на Рамковниот договор и излегување од неговите рамки, негово погрешно толкување, што по натаму ќе резултира со мултипликација на проблемите, со територијалната поделба и регионолизација надвор од секаква контрола, што албанската заедница во Република Македонија може да ја искористи за федерализација на Република Македонија, што е чекор до остварувањето на албанската кауза. Рамковниот договор точно вели дека не постојат територијални решенија за етничките прашања. Во точка 3, подточка 2 стои: “во рок од 1 година од завршувањето на новиот попис, кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот до 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество”. Значи оваа одредба од Рамковниот договор што конкретно се однесува на Територијалната поделба не дефинира и не наметнува обврска каде треба да има намалување или зголемување на бројот на општините туку упатува на тајмингот за исполнување за обврската за ревидирање на општинските граници, а тоа е по завршувањето на пописот.

Значи, да заклучам тезата за намалување на бројот на општините воопшто не може да се црпи од одредбите на Рамковниот договор.

Потребно е да се нагласи дека во Рамковниот договор е содржана само обврската за донесување закон за територијалната поделба, но не навлегува во моделот на таа поделба, што всушност е внатрешно политичко прашање парекселанс. Ова можеби и затоа што нашите европски пријатели многу добро знаат дека постојат европски стандарди утврдени во Европската повелба за локалната самоуправа ратификувана од страна на Република Македонија во 1997 година, во чиј член 5 децидно стои дека за било каква територијалната поделба и промена на териториите на локалните заедници мора да се консултираат истите тие заедници. За моделот на територијалната поделба според тоа треба да се разговара и креира на транспарентет начин со пошироко вклучување на јавноста, на институциите на државата, на стручната јавност и на локалните заедници, наспротив на централизираниот начин единствено меѓу носителите на власта. Само така може да се дојде до квалитетен модел на територијалната поделба кој ќе продуцира политички и економска стабилност, наместо нови тензии на етнички и политички план. Притоа, треба да се има предвид дека децентрализацијата не е акт, едноставно донесување на закон, таа е сложен процес во кој внимателно и со проучени состојби на теренот, треба да се изгради автентичен модел кој ќе одговара на нашите услови.

А какви се состојбите на теренот? Според Хелсиншкиот комитет за човекови права и слободи Република Македонија постепено го губи карактерот на мултиетничка држава и се претвора во биетничка. Хелсиншкиот комитет тврди дека наспроти декларираанит интегративни процеси, во текот на 2003 година е видлива отворена дезинтеграција на населението и на територијата на Република Македонија врз етничка основа. Според некои други теоретичари Македонија ниту формално веќе не се развива како граѓанска држава, односно како граѓанско општество според колегата Трендафилов, туку од едно муллтинационално општество што реално постои во Македонија се движиме во насока на двонационално општество. Три години по војната и Рамковниот договор гледаме дека малку е поправено на меѓуетнички план дека сме поодалечени едни од други од кога и да било и дека продолжува политика на радикализирање на политичките односи. Македонија се дезинтегрира, се федерализира и доведено е во прашање нејзиното опстојување како

самостојна суверена и унитарна држава. Двојазичноста, најавената децентрализација во образованието, во здравството и урбанизмот, контролата на полицијата од страна на локалната власт и финансиското осамостојување на општините , но пред се во контекст на новата територијалната поделба по етничка основа предложена со законот за територијално раазграничување е добра основа за кантонизација и федерализација на Македонија, што упатува понатаму на правото на самоопределување до отцепување.

Овде треба да се нагласи фактот што од 2001 година до денес Владата не остварува ефективна контрола во северозападниот дел на Република Македонија сите оворени прашања во Република Македонија се решаваат под притисок со уцени и со политички пазар меѓу коалиционите партнери во власта односно СДСМ и ДУИ. На тој начин оние што дојдоа божем да ја соочуваат Република Македонија од претходните, сега со кванташки манир ја прават последната кројка на Македонија. Сите одлуки, струкктурни промени во државата претставуваат резулатат од непосредно партиско договарање во затворени партиски кругови што доведува до целосна нетранспарентност на процесите на одлучување. Децентрализацијата  е придобивка за граѓаните таа не е пазар на чии тезги се мери кој имал среќа или несреќа, кој изгубил или добил. Овој политички пазар меѓу СДСМ И ДУИ, едните со цел да останат на власт, а другите да ја остварат вековната кауза е со краток век на траење бидејќи може да доведе до немири од големи размери, кревките меѓуетнички односи да се радикализираат до степен на усвитеност, да дојде до дестабилизација на државата со можен конфликт од поголеми размери и тешки последици врз суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Затоа, овие процеси стимулирани со ваков предлог за територијалната поделба мора да запрат од проста причина што тие не се во интерес на граѓааните на Република Македонија, без разлика на нивната етничка припадност. Македонија не смее да се подели на 2 дела и да се федерализира туку да се направи организација на локалната самоуправа  која првенствено ќе биде во функција на зголемување на квалитетот на живеење на граѓаните и развојот на општините, без притоа никогаш да се загуби од предвид фактот дека иднината на Република Македонија е нејзината унитарност. Во една

ваква фактичка состојба во која се наоѓа Република Македонија само по себе се наметнува прашањето колку предлогот на Владата за нова територијалната поделба е во функција на вистинска децентрализација а колку се повеќе е чекор до кантонизација односно федерализација на Република Македонија .

Во услови кога се говори за потребата од интензивен процес на интегрирање на сите македонски простори, се навестува состојба на отворени можности за ново дезинтегрирање, но овој пат со административно - технички мерки. На територијата во Западниот дел на Македонија ќе се создаде механизам за етничка мајоризација преку институциите и функциите на локалната самоуправа. Со овој предлог се врши сменување на етничкото управување со просторот во Македонија по пат на вештачко создадено мнозинство со спојување на неколку општини. Тој процес понатаму ќе резултира со ислеување на неалбанското население од овие простори. Понатаму, ќе се формира политички поим Западна Македонија, кој со текот на времето ќе стане база за реализација на радикалните албански концепти за територијално прекројување на балканските простори и со сите можни последици по дезинтеграционите процеси во Република Македонија.

Инаку , идејата за извеснса федерализација на Република Македонија датира од осамостојувањето на Република Македонија. Настаните хронолошки се редат од “Илирида”, преку албанската паравојска со негирањето на атрибутите на македонската држава, химна, државно знаме, националните правнизи, за да кулминираат со вооружената агресија на ОНА против Република Македонија за освојување на “албански територии”. Денес е во тек практична реализација на идејата за федерализација на Република Македонија како начин и пат за полесна сепарација. Освоените територии практично останаа недостапни за македонскиот дел од државната власта, без исполнување на законските и граѓанските обврски и формално се обележени со знамето на Република Македонија. Нефункционирањето на институциите на државата во одредени делови од државата, процесите во образованието, како и фактичките резултатит на пописот ја дополнуваа сликата за деструкција на Република Македонија како држава. Новата распределба на општините во форма на предлог законот за

територијално разграничување на општините ја скицира конечната карта на идната за сега неформална федерација. Тоа всушност е верикација на фактичката состојба. Претстои нови и уште посилно етничко иселување, односно прочистување. Избрканите македонци од војната во 2001 година, сместени во собирните пунктови во импровизирани и без елементарни услови за живот, ќе добијат само придружници.

Во контекст на овие факти и ставови ќе го цитирам пратеникот Али Ахмети. Цитатот на господинот Ахмети кој никогаш не го демантирал е од “Њус Вик” објавен на 22 март 2001 година. Во текстот “измачен сон” новинарот Дејвид Биндер го цитира Ахмети: “Нашата единствена цел е да ги отстраниме словенските сили од територијата што историски е албанска”.

Едногласноста на припадниците на сите албански политички партии во Македонија да се донесе ваквиот закон говори во прилог на стремежите и намерите преку предложњената територијалната поделба да се оствари крајната цел, поделба на државата. Ова едногласно кореспондира со непројавениот отпор на општините со претежно население од албанско етничко потекло, кои со новиот предлог закон за територијалната поделба се укинуваат, што значи веќе нема да постојат наспроти јасно изразената реакција на општините со претежно македонско и друго неалбанско етничко потекло, кои се укинуваат, кои отпорот кон таквиот предлог на Владата го изразуваат низ оргнаизирање реферндумите, кои до сега во 100% се успешни. Неотпорот кон укинувањето на сопствените општините на граѓаните од албанско етничко потекло говори дека тие сакаат да се припојат кон другите поголеми општини како што стои во законот, на кој начин преку процесот на мајоризација се постинува општата цел и покра тоа што постинувањето на таа општа цел се плаќа со оддалечувањето на граѓанинот од неговото непосредно учество во општинската власт, односно локалната самоуправа.

Основна грешка на новиот закон за територијално разграничување е што авторите на овој предлог не појдоа од анализа на искуствата на Законот за територијалната поделба од 1996 година, кој по мое мислење со сите негови мани има мнгоу подобри решенија од актуелниот предлог, како и поголемо вклучување на стручната јавност. Кога сме кај стручната јавност, би сакал да потсетам дека науката денес познава бројни

критериуми кои што се однесуваат на воспоставување на еден успешен модел на територијалната поделба како: физичко - географски, демографски, демографска - гравитационен, традиционалеен, економски, инфраструктурен, административен, политичко-регионален, стратешки и тн.

Поаѓајќи од ова, фако го анализираме предлог законот што е пред нас ќе го заклучиме следното:

Предлогот е изготвен крајно нетранспарентно и централизирано, главно меѓу носителите на власта далеку од очите на јавноста и без елементарна консултација на локалните заедници, како што налага Европската повелба за локалната самоуправа. Од методите за градење модел на територијалната поделба е користен само етничко политичкиот, што е мошне опасен за стабилноста на земјата, и наместо кон подобрување на меѓуетничките односи, ќе доведе до нивно уште поголемо нарушување или да бидам уште подиректен, јасно е пораката на авторите на овој модел за тивко повлекување на етнички граници кои ќе ја овозможат идната федерализација на земјата. Оваа идеја почитувани колеги може да се согледа и со најповршно читање на предлог законот, што врз авторите на овој текст фрла голема несогледива историска одговорност за развојот на настаните и иднината на земјата. Авторите на овој текст лукаво го направиле политичкиот дил и следејќи го етничкиот критериум таквите свои мотиви ги спакувале во наводна потреба од намалување на бројот на општините, што воопшто не е европски тренд и одново ќе не вратат во редот наземјите со најголеми и гломазни општини во Европа. Напротив, европските стандарди претпоставуваат помали локални заедници поблиску до граѓаните и нивните потреби. Еве, на пример Словенија која има ист број жители како Република Македонија има 192 општини и бројни иницијативи за нови општини кои централната власт ги почитува. Впрочем и во нашито случај зголемувањето на бројот на општините имаше позитивни искуства. Само неколку примери. Општината Маврови Анови, Мариовскиот крај, Општината Самоков, Вевчани и други и со мали финансиски средства успеаа да постигнат значајни резултати во сите области на организирањето на општественото живеее на општинско ниво.

Референдумите што се одржаа во над една третина од општините во државата, во кои граѓаните со висок степен на излезеност на гласачите и спротивставување на укинувањезто на одделни општини, говорат за тоталното промашување на моделот на територијалната поделба, предложена со овој предлог на закон. Обврска е на Владата и според Европската повелба да ја земе предвид и вака изразената волја на граѓание од соодветните општини. Политичкиот дил и опасноста од федерализација на земјата може да се заклучи и низ предложените решенија за општините Струга, Кичево и Скопје, како и во други општини, така и во овие се оди кон укинување на руралните општини, како што се општините Луково, Лабуништа, Делогожда, Велешта, Другово, Вранештица, Зајас, Осломеј, Сарај и Кондово, со што се прави така да речам трајна штета, се припојуваат кон градовите ваквите рурални општини кои во услови натешка економска состојба ќе резултираат со запоставување на руралните средини, ќе доведе до замирање на руралните средини со самопоместување на општинските центри и што е особено важно, со нарушување на етничката структура на населението се создава почва за нови етнички тензии и конфликти, кои одново можат сериозно да ја загрозат стабилноста на земјата. Впрочем, некои од руралните општини кои ќе се припојат кон општината Кичево беа примери на успешно организирани единици на локалната самоуправа пред овој предлог закон.

Овде би го цитирал и господинот Марјановиќ, кој во врска со приклонувањето на руралните општини кон урбаните општини во Кичево и Струга, зборува наместо да се урбанизира селото, СДСМ и ДУИ одат кон поселанчување на градовите. Од друга страна ова значи дека утре или задутре тетовските реалности ќе станат и кичевски и струшки, а богами и скопски. Значи, она што се случуваше во блискиот период претходно во Тетово во врска со Тетовскиот универзитет и некои други негативни општествени појави, ќе се аплицира и во новите конгломерати на општините кои се добиени како резултат на спојување на селските и градските општини Кичево, Струга и Скопје.

Авторите на законот како да заборавиле дека е многу поважно како ќе се изврши децентрализација на власта, во кој обем согласно материјалните можности на централната власт и општините, како ќе се моделира нивното финансирање и слично, за

да се овозможи функционирање на локалните заедници блиски до граѓаните и способни да решаваат дел од нивните потреби, но и да ги мобилизираат граѓаните во решавањето на локалните потреби.

Почитувнаи колеги, сите овие проблеми укажуваат на исклучителната важност на моделот на локалната самоуправа, кој ќе генерира стабилност, а не нови поделби и конфликти. Еве и за момент да се отклониме од сомневањата за политичкиот дил меѓу СДСМ и ДУИ, останува констатацијата за аматерскиот пристап на Владата, ако таа со моделто што го имаме пред нас да претпоставиме дека сака да ги релаксира меѓуетничките односи. Зошто аматерски? Затоа што локалната самоуправа е многу чувствителен терен за такви намери и може со сигурност да произведе сосема спротивен ефект, затоа што очигледно е дека ги задоволува барањата само на албанската страна, а тоа практично значи политичко-етничка поделба на Република Македонија.

Мојот однос кон понудениот предлог закон е амбивалентен. Од една страна, свесен сум од потребата од брзо донесување на овие закони, кои се од особено значење за нашата апликација во Европската унија, кон која сите тежнееме, но поради можните последици што претходно ги елаборирав, јас ќе бидам против донесувањето на овој закон.

Морам да напоменам дека од досегашниот тек на дискусиите произлегуваат два става во однос на понудениот концепт на територијално организирање на општините понуден од Владата со предлог законот. Едниот е на Владата и парламентарното мнозинство, а другиот е на опозициајта. И едните и другите имаат свои аргументи, но би рекол и одредени претпоставки врз основа на кои ги бранат своите ставови. Владата и парламентарното мнозинство се потпираат на довербата кон албанскиот фактор, наспроти опозицијата која ја потенцира недовербата кон албанскиот фактор, пред се' поучени од искуствата од случувањата на овие простори од поодамнешното и не толку дамнешното минато. Пример за едно такво однесување, кое налага таков однос кон албанскиот фактор е последното палење на знамето во Гостивар и неприсуството на актуелните албански политичари и функционери на прославата на АСНОМ. Која претпоставка ќе се потврди ќе одговори нашата блиска иднина, па во зависност од тоа

секој ќе ги понесе соодветните консеквенции, во зависност од местото и улогата што ја зазема во општеството.

Исто така да напоменам дека Владата на Република Македонија не успеа да ја убеди јавноста и граѓаните во Република Македонија во исправноста на понудениот закон, за што говорат непосредните анкети, дали причината за ова е што овој закон се прави за граѓаните за да им го подобри нивното општествено организирано живеење, а овој закон нуди нешто друго. Би рекол, во целата оваа кампања за донесување на законот единствена светла точка беше саботниот настап на министерот за локална самоуправа Гештаковски, кој доста широко се обиде да ги објасни механизмите за одбрана на законските права на етничките заедници, кои во идното организирање на териториите со новиот закон ќе бидат во малцинство.

На крајот би кажал дека јас ништо не би имал против овој закон ако кореспондираше со еволутивните или природни општествени текови, како што се процесот на наталитетот и доброволната миграција. Вака доаѓа овој закон како една наметнато механичко и императивно решение кое ни налага јас да бидам против овој закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Абдулаким Адеми:

АБДУЛАКИМ АДЕМИ:

Мислам дека вие како човек кој што ја водите оваа седница требаше најмалку три пати да го прекинете говорникот затоа што не се придржуваше на дневниот ред. Ова не се случи не знам зошто и говорникот во својот збор и другите пратеници зборуваше за транспарентноста на процесот на децентрализација.

Мислам дека процесот беше многу транспарентен, отворен и во соработка со сите релевантни фактори. За време на овој процес требаше да има и директен пренос од процесот на разговорите за децентрализацијата. Доколку беше и овој пренос тогаш ќе беше навистина максимална транспарентност.

Вие господине цитирате еден странски весник кој што дал изјава на господинот Ахмети. Не знам зошто му верувате на тој напис во 2001 година, а денеска сме 2004

година. Мислам дека имавте доволно време да се убедите во спротивното. Господинот Али Ахмети и неговата партија ДУИ што прават за Република Македонија.

Потоа велите зошто Албанците не реагираат за време кога нивните општини не остануваат општини. Албанците господине не реагираат затоа што им е јасно дека процесот на децентрализација не може да се направи со 123 општини. Ова го разбрале многу добро.

Потоа зборувате за општините околу Кичево дека се добар пример за развитокот на руралните општини. Јас би го рекол спротивното. Можеби вие никогаш не сте биле во Осломеј, Зајас и Другово, затоа што тие се меѓу најсиромашните општини во Македонија и потоа споменувате дека во Струга и Кичево ќе настане тетовската реалност. Која е таа реалност? Може ли да ни разјасните која е таа реалност, за нас и за јавноста.

Потоа, некои опасни тези дека со овој закон се прави федерализација а потоа се добива правото за отцепување, за етничко чистење и Македонија од мулти етничка држава се претвора во бинационална. Многу грешите. Мислам дека со овој закон тоа нема да се случи. Карактерот на државата веќе е одреден во Уставот на Република Македонија, а составот на Република Македонија е одреден во преамбулата. Можеби овие се некои ваши желби.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г. Краљевски:

ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:

Јас навистина ќе бидам среќен ако навистина на сите овие опасности на кои укажав во моето излагање останат само на хартија и како една наша недоверба, како што реков во излагањето, кон албанскиот фактор и дај Боже во идниот период во развојот на Република Македонија да ме демантира.

Исто така реков дека два се приодите кон понудениот концепт, едниот на позицијата, едниот на опозицијата, дозволете ми и ние да имаме право на размислување и на приод кон понудениот владин концепт за територијална организација на општините.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е господин Невзат Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ќе му направам реплика на г. Краљевски кој во неговиот говор се занимаваше само за Албанците, а не да расправа за точката која е на дневен ред - Законот за територијална организација на локалната самоуправа. Мене ми е јасно дека Краљевски има голем товар во однос на Албанците, но Албанците се во своите места и нема каде да одат.

Без никаков аргумент излегува пред јавноста и вели дека на 2 Август во Гостивар е изгорено државното знаме. Господине Краљевски вистина е дека е изгорено државното знаме на 2 Август пред Домот на културата, но органите на Министерството за внатрешни работи, подрачната единица Гостивар истражуваат за да го откријат авторот кој го има извршено ова дело. Не значи доколку е изгорено државното знаме на 2 Август пред Домот на културата дека тоа го направиле Албанци. Можеби го направил некој ваш активист со друга позадина, за да направи некој инцидент во Гостивар.

Уште нешто да ви биде јасно. Гостивар не е место за да се вршат експерименти, туку во Гостивар живеат сите граѓани така како што живеат и ние нема да дозволиме некој според своите желби да врши разни сценарија за да воведат недоразбирање помеѓу граѓаните во Гостивар. Јас би ви предложил на сите вас од страна на опозицијата да расправате околу Законот за територијална организација, а не да се занимавате само со Албанците.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Краљевски не одговара.

Има збор госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

Претпоставувам дека не постои друго прашање кое толку многу ја заинтересира македонската јавност како што е прашањето за процесот на децентрализација и

прашањето за територијалната поделба на Република Македонија и претпоставувам дека за ниту едно друго прашање Македонија и македонските граѓани не беа или не се толку информирани како во однос на ова прашање. Тоа потекнува заради засегнатоста на граѓаните од процесот на децентрализација и територијалната поделба бидејќи се претпоставува дека со процесот на децентрализација дирекно ќе бидат засегнати граѓаните на Република Македонија односно под претпоставка дека со процесот на децентрализација ќе им се олесни животот на граѓаните односно ќе се подобри квалитетот на нивното живеење.

Би сакала да започнам со она што мене лично ми пречеше, што го сметам за непринципиелно и неприфатливо во текот на едномесечната расправа во однос на ова прашање и во текот на договарањето за решавањето на процесот на децентрализација и моделот за територијалната поделба.

Она што најмногу ми пречеше е тоа што процесот на територијалната поделба се поистовети со процесот на децентрализација и тука би сакала да истакнам дека апсолутно нема никаква дилема за значењето и неопходноста за процесот на децентрализација и во однос на ова прашање сметам дека постои не само политички туку и граѓански консензус. Територијалната поделба е прашање која е само сегмент од процесот на децентрализацијата и кој можеше да се реши на овој или на оној начин без директно да се наруши целокупниот процес на децентрализација.

Исто така ми пречеше тоа што сите знаеме дека процесот на децентрализација е дел од Рамковниот договор, но исто така знаеме дека никаде во Рамковниот договор не пишува каков треба да биде моделот на територијалната поделба како треба да биде прекројувањето на општинските граници, колкав треба да биде нивниот број, дали тие треба да останат во постоечките граници, општините, дали да се зголеми или намали нивниот број.

Ми пречеше и тоа што членот 5 од Повелбата за локална самоуправа апсолутно не беше испочитуван иако ние како држава со нејзината ратификација сме обврзани да ја почитуваме. Ми пречеше тоа што ниту еден од 41-от одржан референдум на кој граѓаните го кажаа своето мислење во однос на понудениот предлог за

територијалната поделба не беше прифатено и уште еднаш тргнувајќи пак од значењето суштината и важноста на процесот на децентрализација сметам дека Владата апсолутно не смееше да си дозволи таков луксуз, кога велам луксуз мислам на нетранспарентниот однос што го имаше при договарањето на понудениот предлог закон за територијалната поделба на Република Македонија односно не смееше да си дозволи да одлучува зад затворени врати во затворен и тоа тесно партиски затворен круг притоа отфрлајќи го апсолутно мислењето на јавноста, на граѓаните и на експертите. Притоа, како образложение зошто не било земено предвид мислењето на граѓаните и на останатите експерти кои не се вклучени во дискусиите од страна на министерот дадено е образложение дека Владата најдобро знае што е најдобро за граѓание на Република Македонија.

Исто така сметам дека не е случајно што тајмингот односно темпирањето на расправата во Собранието на Република Македонија се случува токму во екот на годишните одмори. Веројатно парламентарното мнозинство и Владата сметаат дека голем број од граѓаните ги користат своите годишни одмори, не се во државата, се наоѓаат покрај плажите итн и усвојувањето на овој закон ќе помине помалку забележливо отколку тоа да се случуваше пред летните одмори или после завршувањето на летните одмори.

Парламентарното мнозинство претпоставувам дека со леснотија ќе го усвои овој Предлог закон за територијалната поделба но јас се прашувам што потоа. Што откако ќе го усвои овој Предлог закон за територијалната поделба. Дали сметате дека прекројувањето на општинските граници наспроти волјата на граѓаните ќе оди така лесно без разлика што законот ќе биде усвоен.

Да ја погледаме Струга, што се случува и што се случи со Струга. Од град на поезијата Струга стана град на нередие, град на протести, град на немири. Од град во кој никогаш немало меѓуетнички тензии и нетрпеливост создадовме град во кој тензиите ескалираа на најможен, највисок можен степен. Прашувам дали некој отиде во Струга и да им објасни на стружани дека тоа што сега се прави е најдоброто решение за стружани.

Како ќе им објасни на стружани кога тие на секој можен начин го манифестираат своето незадоволство дека е тоа најдоброто што се прави во моментот за стружани.

Да го погледаме Облешево. Од една идилична општина која треба да служи за пример како треба да изгледа и како треба да биде уредена една рурална средина Облешево стана село кое ќе биде препознатливо по блокадите кои се случуваа во текот на изминатиот месец. Прашувам дали ништо не ви значи што граѓаните по секоја цена се трудат да ја задржат општината, општинскиот центар во Облешево? Дали ништо не ви значи што буквално и жени и деца се наоѓаат на блокадите и по секоја цена се обидуваат да го задржат општинскиот центар во Облешево? Ако вас или нас не ни е толку важно каде ќе биде општинскиот центар да ги прашаме граѓаните, жителите на Облешево. Дали некој отиде во Облешево, дали се обиде на тие жители таму да им објасни дека е тоа најдоброто решение за жителите на Облешево. И доколку отиде што ќе им објасни, како ќе им објасни на жителите од Облешево според кој критериум се укинува општината во Облешево. Дали е тоа според демогравскиот критериум? Не, затоа што Облешево има 5300 жители. Дали е економскиот критериум во прашање? Не е ни економскиот затоа што Облешево е општина со исклучително економска одржливост. Дали е етничкиот критериум? Не е ни етничкиот критериум, чисто македонско население. Како ќе им објасните на граѓаните од Облешево зошто нивната општина се укинува. Дали сметате дека со помош на полициска интервенција и со помош на политичка асистенција ќе ги прекројуваме општинските граници. Дали како што се случи во Струга или во Облешево со помош на ќотек ќе им објаснуваме и ќе им докажуваме на граѓаните дека тоа е најдоброто за нив, едноставно нема друго решение. Мислам дека во овој момент апсолутно се однесуваме потценувачко кон граѓаните на Република Македонија игнорирајќи го на секој можен начин нивното мислење.

Претпоставувам дека вашиот одговор е дека Македонија се наоѓа пред историски момент, пред донесување на историска одговорност, одлука и дека парламентарното мнозинство и владеачката коалиција се подготвени да ја преземат таа историска одговорност. Дали сметате дека тоа е некаква утеха за жителите на Струга, Кичево кои по 3-4 илјади граѓани го блокираат секоја недела патот кон Кичево. Дали е тоа

утеха за граѓаните од Облешево. Повторно политичките партии се ставаат во центарот на сите случувања. Се однесуваме како светот да се движи за политичките партии и како светот да постои за политичките партии заборавајќи дека пратениците во Собранието на Република Македонија дека се наоѓаат во овој највисок законодавен дом благодарение на гласовите на граѓаните. Ние сме го добиле мандатот на граѓаните, но сме го добиле да ги штитиме нивните интереси, а не сме го добиле мандатот само да одржуваме на власт некоја владеачка коалиција.

Во текот на дискусиите во изминатите денови многу пати ни беше предочено од страна на пратениците на парламентарното мнозинство, се мисли на пратениците од опозицијата, ни беше посочено и посоветувано да се соочиме со реалноста.

Да се биде во опозиција почитувани колеги и не е некоја голема привилегија, не е некоја предност, тоа го знаете и вие бидејќи бевте до скоро во опозиција, па повторно ќе бидете, па ние повторно ќе дојдеме, така е тоа во услови на демократско живеење, но да се биде во опозиција има една голема предност.

Предноста е да бидете дел од реалноста. Ние секојдневно ја живееме реалноста. Ние се соочуваме со реалноста. Затоа јас ве молам да не не советувате да се свртиме кон реалноста, да се соочуваме со реалноста, можеби јас добронамерен совет ќе ви дадам да се обидете во Струга, во Облешево и во Кичево да отидете и да им објасните на граѓаните дека тоа што во моментот се прави во Собранието на Република Македонија е најдоброто решение за граѓаните на Република Македонија.

На крајот би сакала, бидејќи навистина сметам дека многу кажавме во текот на дискусиите,  да кажам или да предвидам што ќе се случи со усвојувањето на овој Предлог закон за територијалната поделба.

Ќе се случи создавање на нефункционални конгломерат општини ќе се случи етничко чистење и создавање на етничко чисти територии и општини. Ќе создадаме меѓуетнички конфликт и онаму каде што досега воопшто не постоел. Земете ја Струга за пример. Ќе создадеме основ за создавање на бинационална држава, што е во спротивност со Рамковниот договор, ако знаеме дека суштината на Рамковниот договор е негување на мултиетничката димензија на државата.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Со спојувањето на руралните и на урбаните средини, ќе доведеме до миграција село-град и ќе доведеме до изумирање на селото, наместо обратно. Да се обидеме да направиме, да изградиме стратегија за развој на селото.

Со предложувањето, а претпоставувам и со усвојувњето, кое ќе се случи во следните денови на овој Предлог-закон за територијална поделба на Република Македонија се потврдува фактот дека апсолутно се нема ниту визија, ниту концепт за иднината на оваа држава. Ќе речете да, знаеме што сакаме, сакаме соживот, сакаме влез во ЕУ, сакаме влез во НАТО. Но, од декларативните заложби и од непринципиелните отстапки кои се прават во името на декларативните заложби ниту една држ ава не може да опстане, ниту пак се живее. Декларативните заложби, почитувани пратеници, не го полнат буџетот. Декларативните заложби не отвораат нови работни места. Декларативните заложби не го подобруваат животниот стандард. Декларативните заложби не го подобруваат квалитетот на живеењето на граѓаните. Декларативните заложби не го подобруваат соживотот, ниту пак со декларативните заложби ќе влеземе во ЕУ и во НАТО. Тогаш, кога ќе одлучиме што сакаме од оваа држава и со оваа држава, без разлика дали ќе биде тоа земја во која ќе ја развиваме индустријата, ќе го развиваме земјоделството, сточарството, селото, туризмот, културниот туризам и селскиот туризам и кога врз база на тие одлуки ќе утврдиме развојна стратегија, од која нема да отстапува ниту една влада, без разлика на нејзината политичка провиниенција, е, тогаш дами и господа, верувајте дека нам нема да ни треба Европа. Тогаш ние ќе и требаме на Европа како фактор на стабилост во регионот. Но, се дотогаш, додека носиме законски решенија со една единствена цел, остварување на теснопартиски интереси, се до тогаш ќе бидеме потенцијално кризно жариште и ќе бидеме фактор на нестабилност во регионот. Ви благодарам на вниманието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Киро Дојчинвоски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Госпоѓа Ганка, дали борбата и грижата за остварување на свои права не е доведена во прашање остварувањето на туѓите права. Дали во Облешево, таму каде што на неколку наврати ве гледавме, не им кажавте на тие граѓани дека со блокирањето на патиштата таму или во Кичево или во Струга, ние ги загрозуваме правата на другите граѓани. Дали им кажавте дека нема ниеден закон, кој што дозволува забрана, блокирање на магистрален пат, бидејќи тоа е против самите граѓани, против целата држава, против народот. Има болни луѓе кои не можат да си ги остварат здравствените можности. Според тоа, тоа кажете им го на граѓаните, а не таму да бидете поттикнувачи на таквите барикади.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Гособа Ганка Самоиловска-Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Господине Дојчиновски, таа чест и привелегија ќе ви ја оставам вам, вие да отидете во Облешево, доколку смеет и тоа да им го кажете на граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со реплики.

Госпоѓа Цветанка Гашовска.

ЦВЕТАНКА ГАШОВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувана колешке кажавте цврсто и јасно како опозиција, сте или живеете во реалноста. Значи, од 1998 година до 2002 година кога бевте на власт не живеевте во

реалноста и затоа ни се случи се што ни се случи, дури и воен конфликт. За среќа оваа владеачка партија живее во реалноста и затоа имаме мир. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Ганка Самоиловска Цветанова, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Еве, за да ни докажете дека живеете во реалноста, ве молам соочете се со реалноста во Струга. Вие сте пратеник од изборната единица број 5, па се надевам дека соочени со реалноста ќе можете да им објасните на граѓаните во Струга. Багодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке, кажавте неколку тези со кои што не се согласувам дека не е привелегија да се биде пратеник. Да ви кажам дека функцијата пратеник не е привелегија, туку претставува обврска и пред се одговорност пред граѓаните кои не избрале. Не е привелегија ниту на позицијата, ниту на опозицијата. Одговорност е со денови овде да се седи и да се слушаат тези, а не митингашки говори. За реалноста во која што живее позицијата и опзицијата доволно имавте реплики од претходните реплnetwork.

За вашите декларативни говори, за декларативните заложби на парламентараното мнозинство, вашиот говор ништо не беше повеќе од декларативен говор. Овде се изнесуваа аргументи на Владата, аргументи за амандманите, а вие доаѓате околу 12 часот и особено во гледаните термини попладне од 16 до 19 часот. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА - ЦВЕТАНОВА:

Бидејќи почитуваната колешка се повика на одговорност, јас ве молам почитувана колешке, прво или да ги следите моите настапи повнимателно, со цел да не изместувате некои тези. Јас кажав дека не е привелегија да се биде во опозиција, а навистина е одговорност, голема одговорност и голема чест и привелегија да се биде пратеник во Собранието на Република Македонија, особено кога мандатот го добиваме од граѓаните на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Јусуф Арифи.

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам потпретседателке.

Од сето она што го кажа госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова дека пречат во вој Предлог-закон, беше и тоа дека децентрализацијата е дел на Охридскиот договор, а територијалната организација предложената не е предвидена со тоа. Самиот факт дека со децентрализација, компетенциите на централната власт поминуваат на локалната, тоа значи дека и одговорноста и можноста да егзистира како општина ќе биде поголема. Порано имало 123 општини, а со новиот предлог сега се 84. Нормално е дека треба да се направи една ревизија и доаѓање до овој број на општини, за да можат полесно да се функционира со компетенциите кои што ќе ги презема. Доколку беа 51 општина, по мое мислење, ќе беше подобро. Можеби, доколку беа 34, ќе беа уште пофункционални. Така што, администрацијата која што била толку централизирана, ќе се адаптираше полесно на локално ниво и потоа да се создадат поголеми општини. Пред 1996 година, границите на општините беа, со тоа што во Струга имаше албанско мнозинство, Кичево исто така и Скопје. Јас не мислам дека ќе дојде до поделба на државата и дека ќе има федерализација. Не знам зошто ви пречи толку. Се повикувате на она што се случило

пред 1996 година. Мислам дека не се случило ништо посебно. Значи, животот ќе продолжи и понатаму. Мислам дека нема да има конфликти. Конфликтите не се независни и дека тие се организирани. Се прават обиди да се внесе страв меѓу популацијата. Ќе биде добро сите да дадеме придонес во тоа да ги смириме тензиите и да ја подготвиме популацијата за една поголема работа во функционирањето на општините. Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Почитуван колега, за мене е веќе некреативно по не знам кој пат да се осврнеме на она што го пишува во Рамковниот договор, а таму пишува ревизија на бројот на општините. Ревизија не значи ни намалување, ни зголемување. Ревизија значи утврдување на оправданоста за постоењето на сегашните општински центри.

Што се однесува до организирањето на протестите, да точно е тоа дека тие се организирани, но организирани се од граѓаните на дотичните градови. Конкретно, во Струга, би сакала еве сега да кажам, дека последните информации говорат дека Повелбата за независност на Струга ја потпишале сите политички партии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, одиме понатаму со дискусии.

Збор има господин Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, колешки и колеги пратеници, министре,

Еве, дозволете јас со оваа дискусија да дадам свој придонес, по моја оценка, ќе се сложам за еден од најголемите предизвици на Парламентот во овој парламентарен состав. И тоа, како и секогаш ќе го направам искрено и отворено, без партиски наочари, а ве уверувам дека немам ни контактни леќи. Законот кој се носи во амбиент, каде во преден план се наметна предизборната партиска реторика, а не суштинска расправа за тоа дали граѓаните ќе имаат повеќе сервиси, дали ќе им биде потешко или полесно, дали ги убедивме граѓаните дека се центар на сите случувања. Расправа, по која, по кој знае кој пат и тоа можеби добро на виделина ги појави различните концепти, однесување и одговорност што ја практикуваат парламентарното мнозинство или СДСМ, да не зборувам во туѓо име, и опозицијата или ВМРО-ДПМНЕ, или идеолошките разлики помеѓу тие две партии. Сепак, климата што се создаде непосредно и по обелоденувањето, на предлогот на Владата во јавноста, ми налага да ја променам реториката и да се задржам на суви факти и констатации, со кои сакам да се спротивставам на застапниците на црни сценарија за оваа земја. Така, наместо за иднината, присилен сум да се завртам кон минатото, од каде повторно и повторно се обидуваме да заживееме некои одамна застарени и заборавени тези, кои се одржуваат во живот само и единствено благодарение на вниманието што им го даваме.

Ќе се обидам да ја структурирам мојата дискусија во четири сегменти, некои впечатоци од амандманската расправа, еден краток историјат како е дојдено до овој Предлог на закон, главните спорни прашања и кои се перспективите на Република Македонија. Што покажа амандманската расправа.

Наспроти концептот на Владата кој беше предложен, сеуште не успеав да разберам за што се залага опозицијата, а притоа чувме и многу контраверзни, контрадикторни ставови и за време на амандманската расправа а и денеска. Главно, во дискусиите се претендираше дека опозицијата се залага за 123 општини. Но, бидејќи, јас ова го кажав еднаш, ќе го повторам и сега, но бидејќи факт е дека нема амандмани за 123 општини, таа теза веднаш паѓа во вода. Да потсетам, опозицијата не предложи

амандмани за 11 општини. Тоа се Цапари. Лозово, Клечовци, Орашец, Боговиње, Неготино, Полошко, Арачиново, Долна Бањица, Србиново, Вруток и Чегране. Останатиот дел од опозицијата не ја чувме, бидејќи си одбраа да одморат - Демократската партија на албанците. Се повикуваше на референдуми кои не се одржани, како на пример Вратница или заложби за веќе реализирани барања од граѓаните помеѓу двете фази, како за населеното место Подвис. Се повикуваше на референдум како оној во Чаир, кој не е верификуван од Советот на општина Чаир, а со тоа е и невалиден. Се призна дека се поднесени апсурдни амандмани и тоа од самите предлагачи на амандманите. Се предлагаше нов историски договор, како Македонија да има време на претег и може да преговара до 101 и назад. Изгубивме време за тоа што испадна побитно кој го предложил амандманот, а не дали се реализирала заложбата за опстојување на соодветна општина. Чувме дека имало ВМРО-вски општини, како на пример на Мешеиште, како таму да живеат ВМРО-ции никој друг, со што некој ќе помисли дека пак цела Македонија е СДС-ска, затоа што претседателите на Собранието и на државата се од СДСМ. Не, не е така, секако.

Се критикуваше недостатокот на етничкиот карактер, а се предлагаа множество на амандмани за формирање на чисти и етнички енклави. Чувме дека како аргумент се користи, на пример, таа општина мора да опстои, затоа што таму е РЕК Битола. Како да е само на општината и од тоа само таа да стопанисува. За жал, она што во најголем број на случаи се случуваше, најголем број од предлагачите не си гласаа ниту за сопствените амандмани. За жал, чувме овде и по медиумите некои елементи на тоталитарни тези и тоа чисто препишани од учебник. Прво, државата има непријател и тоа е голема Албанија. Тоа најлесно се прави како, има Меѓународна заедница, таа е против нас, таа не не сака, сака да не искористи и сл. Второ, има домашни предавници во ликот и делото на СДСМ. Никако почитувани пратеници, под поимот предавник не се подразбира човек кој се грижи за граѓаните, сакајќи да им овозможат подобро образование, поефикасно здравство, поголема контрола, како се трошат парите во облик на даноци на нашите граѓани. Под поимот предавник нашите граѓани знаат дека се подразбира и препознава, партиски олигархии кога ќе се дофатат до власта се обидуваат да приграбат колку можат.

Вториот дел од тоталитарните тези, тоа се скриените намери. Некој имал скриени намери. Каде ќе стигнеме ако полемизираме за евентуално скриените намери на македонците. Сте се запрашале ли каде ќе не одведе сето тоа.

Во изминатите неколку недели се изнаслушавме обвинувања на сметка на владината коалиција, особено на нејзиниот условно македонски дел. И, тука доаѓаме можеби до првата причина за ваквата, би рекол, зовриена состојба. Поделбата на наши и ваши, која за жал ја слушнав дури од уста на некои универзитетски професори, кои доста ги почитував. Ме замисли и ме врати назад далеку пред и воопшто некој да помисли дека еден ден ќе ја имаме привелегијата и одговорноста да имаме своја држава. Времиња на балкански војни, конгреси и конференции на кои се прекројуваат географските карти и судбините на цели народи. Територијата на денешна Република Македонија е распарчена и окупирана од соседите, кои со најразлични средства се обидуваат да го скршат нациналното чувство и достоинство на овој народ, со јасно манифестирана илинденска претензија за сопствена држава, која и турците и властие и ромите и албанците и сите останати кои живеат тука, ќе ја чувствуваат како своја. Илинденскиот дух на заедништвото и соживот, за жал на сите нас, е подзаборавен и ставен настрана, дури во годината кога прославуваме шест децении од АСНОМ и 101 година од 2 август 1903 година.

Почитувани колешки и колеги пратеници, Република Македонија му се допаѓало тоа на некому или не, ја живее својата независност и самостојност. пЃПериод преполн со предизвици, тешкотии, кризи и блокади, кои повеќе или помалку успешно заеднички го живееме. Секако, ова не се однесува на лажните душегрижници, кои секогаш кога е

најтешко не се во Македонија. Во личната карта на оваа земја стои членство во ОН, Советот на Европа, Светската трговска организација, Партнерството за мир, Република Македонија е асоцијативен член на ЕУ и се поблиску до НАТО, со перспектива за стекнување на статусот кандидат во скоро догледно време.

Република Македонија има свои институции, спортски клубови, уметници, музичари, научници, спортисти настапуваат под знамето на оваа земја бранејќи ги нејзините државни интереси.

Република Македонија во изминатите две години беше пример за модел на етнички соживот и кога се појави последниот чекор од имплементацијата..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, ова е првата дигресија, но не Чиле, туку Република Македонија. Продолжете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас се надевам дека јас и колегата Трајановски како координатори ќе имаме четири дигресии да направиме, секако.

Република Македонија во изминатите две години беше пример за модел на етнички соживот и кога се појави последниот чекор од имплементацијата на Рамковниот договор и тоа најкрупниот, некои поединци оценија дека нивните дневно-политички потреби и интереси се поважни од државните. Се потенцираше менталната поделба на наши и ваши со услови разговорите внатре во владината коалиција да се гледаат како преговори меѓу македонците и албанците, надмудрување и кршење на копјата околу сопствените национални интереси. Нејсе, ни дадоа шанса на сите нас да покажеме дека имаме капацитет да ја надминеме кризата на која во голема мерка кумуваат внатрешни фактори и од истата да излеземе како победници.

Голема Албанија и поделбата на Македонија станаа топ тема на анализите на домашната стручна јавност особено МАНУ, која по фијаското со предлозите за размена на територија и население во 2001 година се чини не може да излезе од етничката лушпа, очигледно еминентна за институции од ваков вид во соседството. Така, бевме сведоци на анализи на национални стратегии на соседни академии кои, барем според досегашното

искуство, беа погубни токму за нациите од кои произлегоа и чија голема иднина заговараа.

Небројани прес конференции, декларации, иницијативи и изјави на загриженост не заплиснаа како вода во Сахара оставајќи не без можност да се соземеме и да размислиме трезвено. Ќе помислам дека некој начекал ваков момент, па да истури врз јавноста еден куп обвинувања и закани врз власта и граѓаните во намера да го тестира нивниот капацитет и способност да се справат со ваква, по многу нешта, веќе сложена ситуација. Тој некој или некои ваквиот момент на слабост и неснаоѓање на власта во комуницирањето со јавноста го гледа како одлична можност за сопствена политичка рехабилитација и што е уште пострашно продолжување на политиката на контролирана нестабилност чија цел во целост спротивна на јавно декларираните македонски национални интереси.

Кој и да е најактуелните точки околу кои се полемизира во предложениот закон за територијална организација дали е последица или дел од Рамковниот договор, дали има етнички критериуми, мислењето на експертите Скопје, Струга, Кичево.

Рамковниот договор е гаранција за стабилност, развој и поинаква иднина на Македонија. Веројатно сите потписници тогаш беа свесни дека тој договор ќе донесе промени во нашата држава. Сметам дека деновиве на сите им стана јасно дека процесот на децентрализација е најсложената политичка тема која произлегува од Рамковниот договор, а воедно и негов најнедефиниран дел и затоа доаѓаме до апсурд, различни читања, различни аргументи. Покрај тоа се убедивме и се уверувме дека сеуште постојат емоции од Рамковниот договор и настаните од 2001 година, некои рационални, некои апсолутно ирационални.

Длабоко сум убеден дека брзата имплементација на Рамковниот договор и уставните амандмани е клуч за побрз пат на Македонија кон ЕУ и НАТО.

Дозволете  ми почитувани колешки и колеги пратеници да се послужам и да искористам една метафора која за соработката со Хашкиот трибунал ја даде потпретседателот на Владата на Србија господинот Мирољуб Лабус.

Имплементацијата на обврските од Рамковниот договор, преведена во наши услови, е како одлепување на фластер од раката. Можете да го одлепите споро и болно или само со еден потез страшно да ве заболи, но за час да ја завршите целата приказна.

Сметам дека нема одговорен политичар кој има интерес во Македонија да постојат нерешени прашања. Таа заложба оваа парламентарна коалиција многу пати до сега ја потврди на дело.

Јас и за време на амандманската расправа неколку пати истакнав апсолутно е погрешна тезата дека со Охридскиот рамковен договор не е предвидена нова територијална организација и има обврска да се донесе нов закон за територијална поделба и треба да се земат резултатите од пописот и да се потсетиме Рамковниот договор беше напишан, потпишан за да се менаџираат меѓуетничките односи во Република Македонија. Затоа процесот на децентрализација не може да ги избегне етничките теми. Затоа би било нечесно од нас како политичари да не признаеме дека во целата постапка нема и етничка димензија. Вие неможете да менаџирате меѓуетнички односи, не можете тоа да го направите со клучниот закон за децентрализација доколку нема такви елементи внатре во него. Инаку, ако воопшто не би постоеле или не би претставувале дел од меѓуетничките односи или дел од пакетот на закони и обврски за менаџирање не би биле дел од политичките обврски напишани во Рамковниот договор.

Еве еден мал преглед како дојдовме до оваа територијална организација или како се дојде до оваа територијална организција.

Да ве потсетам 1996 година беше закон со кој од 34 се формираа 123 општини. За оценката на повеќето експерти ќе зборувам подоцна, можеби најлесно ќе беше да се вратиме на тој концепт или Владата да го предложи тој концепт, ќеречевме друг го осмислил и тие се критериумите, не сме ги измислиле ние, некој пред нас тоа го направил. Но, во тој случ ај повеќето општини во западниот дел на Македонија ќе беше со доминантно албанско население и во истиот момент ќе не обвинеа за почеток на федерализција. Затоа сега во тетовската околина има општина со доминантно македонско население, потоа општините Маврово и Ростуше или Центар Жупа се исто примери кои ја демантираат тезата за федерализација. Да ве потсетам, експерите велат

дека двостепената локална самоуправа води поблиску до регионализација или федерализација. А што велат некои други? На пример Николас Вајд директорот на Меѓународната кризна група за Балканот каде што членува и пратеникот Трифун Костовски, не мислам дека сето тоа води кон поделба на земјата и некаква федерализација. Познавајќи го белгискиот модел  можам децентрализација ви кажам дека македонскиот е далаку подобар. Во Белгија се цртани лингвистички граници без да се води сметка за реалноста на теренот, што не е случај со Македонија.

Потоа доаѓаме до 1999 година. Владата на Република Македонија подготвува Стратегија за реформи во системот за локална самоуправа и тука доаѓаме до мислењето на експертите. Јас затоа цело време инсистирам во амандманската расправа кажете ги имињата  за да можам јас од оваа папка што ја носам да ви кажам за секој барем по еден контрадикторен став што го имаат кажано во медиумите за овие месец дена. Тука ќе кажам некои други експерти.

На пример профосорот Панов напишал, кога се подготвувал законот во 1999 година, сегашната територијална поделба на Република Македонија од 1996 година практично се покажува како неодржлива и ваквата просторна шема воопшто не соодветствува за спроведување на макроекономската политика  и во продолжение при ваква неповолна мрежа на општините добро е тоа што тие не ги добиле управувачките и материјалните ингеренции и средства кои би отишле во неповрат.

Еве уште едно мислење пак со име и презиме, професор Владо Поповски, кој во својот предлог од 2000 година или во подготовката 1999-2000 година до Министерството за локална самоуправа ќе напише: поради тоа логички се наметна или окрупнување на помалите рурални општини (што треба да биде правило) или по исклучок нивно спојување со градските општини ако воопшто не е можна првата алтернатива. Првата група причини не исклучува потреба и можност од постоење на помали општини било според бројот на населените места, било според бројот на жителите ако тие се покажале витални, способни за развој и ако постојат посебни причини и услови за нивен опстанок и за нивен развој.

Понатаму, во таа смисла нужно е укинување или припојување на оние општини кои навистина не покажаа способност, мотив и резултати во досегашното постоење и за кои се утврди дека не постојат ниту позначајни услови за нивна егзистенција.

Наведува една трета група причини за тоа.

Третата група причини ги врзува оние случаеви кои беа конструкција на политичкиот притисок и кои по правило се дел од друга поширока локална заедничност кон која треба да се приклучат независно од евентуално постигнатите резултати и манифестираниот мотив на граѓаните.

Можеби затоа во ноември 1999 година Владата на Република Македонија во својата Програма за работа на Владата за таа година ќе напише:

Предвидено е Владата да ги усвои и достави во собраниска постапка предлозите на закони за измени и дополнувања на Законот за локална самоуправа, Законот за територијална поделба и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа и Законот за градот Скопје.

Во продолжение пишува: Неопходноста за измени и дополнувања на Законот за територијална поделба во владината програма се аргументира со бројни дискусии кои одат дотаму дека со него не се решени на најадекватен начин можностите за целосна и објективна територијална поделба на Републиката при што се истакнуваат примери на несоодветно и чисто механичко приклучување на една територија кон друга, на едно населено место кон друго и слично. Во целите на реформата на системот на локалната самоуправа тогашната влада ќе напише:

Преиспитување на територијалната поделба заради отстранување на грешки, пропустите,неправилностите со стриктно почитување на критериумите природна целост, природни ресурси, големина на просторот, број на население, број на населени места, аграрна структура, економска развиеност и др, а како можно решение за надминување на постојните состојби во Акциониот план ќе напише: преиспитување на оправданоста за егзистирање на 123-те општини во Република Македонија.

Така некако зборуваа експертите за минатиот закон по име и презиме.

Да видиме што велат некои експерти сега, ама исто по име и презиме.

Професор доктор Андреј Токарев пишува: критериум за одредување на просторната големина на една локална самоуправа треба да биде методот на Гравиер со кој големината на единицата на локалната самоуправа се дефинира според временскиот изохрон на достапност од 20 до 30 минути. Критериум, метод да измисли некој.

Ако се примени оној критериум на случајот на Република Македонија произлегува дека бројот на општини треба да биде од 60 до 80, да ве потсетам ние во предлогот имаме 74 општини плус општините на градот Скопје.

Или пак магистар Марјан Николовски истакнува: Има еден графикон на кој се повикува  и вели: од графиконот се гледа дека со зголемувањето на бројот на жители во единиците на локалната самоуправа во Македонија се намалува и трошокот по единица жител за администрација.

Или пак експерт од странство господинот Тони Левитис. Македонија има слична траекторија на развој со останатите земји од регионот и ќе биде понапред  и од многу нив ако новиот Закон за територијална организација помине низ парламентарната процедура.

Или да чуеме што напишале за емпириски искуства за оптималната големина на општините  Џемси Боекс, Хорхе Мартинес Васкез и Андреј Тимохеев од Програмата за меѓународни студии - Џорџија Стејт Универзити во САД.

На крајот главниот заклучок во врска со оптималната големина на општините и оптималната структура на локалната власт треба да биде дека не постои единствен пристап за сите состојби иако економската теорија може да понуди некои насоки во општата дискусија оптималната структура на владите може да варира од регион до регион и од држава до држава. Воедно таа ќе зависи од видовите на добра и услуги кои ги обезбедуваат локалните власти, трошковната структура на локално обезбедените добра, политичкиот и институционалниот амбиент, како и демографските и географските прилики или ако може да ја парафразирам  потпретседателката на Владата Радмила Шеќеринска која вели нема единствен модел , не можете да немате софтверска симулација која можете да ја примените. Да имаше таков модел експертите, меѓународните олеснувачи за време на Рамковниот договор ќе го донесеа тој модел ќе го пуштеа на компјутер, резултатот ќе излезеше и ќе го ставеа во Рамковниот договор.

Да ве потсетам дека една од обврските на Рамковниот договор од 2001 година беше дека Собранието во минатиот состав ќе го донесе новиот закон за финансирање на локалната самоуправа и на единиците на локалната самоуправа, но тоа не го направи. Зошто тоа не го направи, тоа прашање неколку пати тука беше поставено од оваа говорница.

Доаѓаме до 2002 година јануари кога Владата предлага, Собранието изгласува Закон за локална самоуправа каде со членовите од 20 до 24 се дефинираат зголемените надлежности на општините.

Членот 34 ги дефинира големините на општините и таа фамозна бројка од 5.000 жители, а од член 19 се брише алинејата дека одлуките од референдумите се обврзувачки. Што мислите зошто тогаш се определиле и парламентарното мнозинство и Владата како предлагач да ја избрише  таа алинеа од членот 19. Така доаѓаме до предложеното законско решение за новата територијална организација со што уште еднаш ја потврдуваме нашата мултиетничка реалност или како што ќе напишат во Ф.Тајмс тоа претставува триумф на политичкиот разум и за целиот регион каде што политичарите премногу често биле заведувани од национализмот, тврди весникот, кој смета дека Македонија со постигнувањето на Спогодбата заслужи да биде земена предвид како кандидат земја кон ЕУ.

Почиувани колешки и колеги пратеници, мораме да бидеме свесни дека донесувањето на овој закон, без разлика на името, не е прашање од локално значење, туку е во надлежност на Собранието. Државата е таа која го креира, коорднира и контролира целокупниот процес кој во начело е полкитички, затоа е низбежно да има политика во децентрализацијата.

Сакам да потенцирам некои елементи од Законот кои некако сакаме да ги маргинализираме.

Со овој предлог се прифатија 13 одлуки од 41 референдумско изјаснување што за општини, што за промена на седиште.

Се потврди мултиетничкиот карактер на македонското општество. Има три општини со турско население, една со ромско, една со српско,при што има цврста политичка волја

за донесување на одлука во рамки на некои совети за употреба на бошњачкиот или турскиот јазик иако таму нема 20% од соодветните етнички заедници.

Доаѓаме до клучните проблематични точки. Употребата на албанскиот јазик во Скопје.

Употребата на албанскиот јазик како службен јазик во некоја општина не е ништо ново и не гледам зошто граѓаните би се плашеле со таа работа. Јас и господинот Груевски бевме сведоци како советници во општина Центар дека уште во 1996 година се почитуваше таа двојазичност. Јас не познавам многу луѓе на кои им пречело тоа, а и незнам колку биле запознаени со тоа. Зарем може во 21-иот век да им пречи тоа што некој го користи својот мајчин јазик. Европа секој документ го преведува и печати на десетина јазици и не гледам некоја паника околу тоа а и мотото на Европа, се договоривме во саботата, единство на различности.

Несакајќи јавно да се каже дека сме против употребата на албанскиот јазик во Скопје се обидуваме да се убедиме дали Сарај и Кондово се дел од Скопје. Сите се согласуваме дека и Матка и Езерото Треска и СРЦ Сарај се во рамки на урбанистичкиот план, но некако со населението тешко ни оди. Сакаме да ги земеме објектите, а населението како во онаа игра ризикот да ги ставиме на границата со соседната општина, па кога ќе фрлиме коцка некој ќе ги земе. Тука апсолутно чудејќи се полемизирам со тезата дека службената употреба на албанскиот јазик ќе доведе до федерализација на државата. Па, што видовме од таа федерализација кога и во Собранието се зборува на албански јазик. Зарем Скопје ќе не плаши нешто што се случило во Собранието на Република Македонија од немање аргументи  само заплашување со лажни и неаргументирани тези.

Струга не е само урбана целина, туку и центар на еден микро регион кон  кој гравитираат повеќе општини. Граѓаните на местата  кои гравитираат кон поголемите центри се упатени на безмалку секојдневна комуникација со овие центри каде што не само што се сместени подрачните единици на централната власт, туку здравствени установи, школи, бизнис центри, локални и културни центри.

Модерните светски трендови се отсликуваат и врз промените на овие урбани центри во Македонија. Потребата за подобра комуникација, поквалитетно образование, подобри услови за работа ги туркаат младите луѓе и семејства кон урбаните центри, така

што со текот на времето и со економскиот развој на овие микро региони поголемите урбани центри, а и Струга меѓу нив ќе ја отсликуваат етничката слика на микро регионот на населените места кои гравитираат кон нив.

Тука морам да се префрлам малку на настаните, еве ова е втора дигресија на настаните околу Струшките вечери на поезијата.

Можеме да зборуваме за разочараност, револт, гнев, можеме да полемизирме за сето тоа ама не можам да разберам како може некој или некои да се стават во улога на сите граѓани на Република Македонија и да се закануваат на светски препознатливиот фестивал на пишаниот збор Струшки вечери на поезијата или сега читам угледниот Филмски фестивал Браќа Манаки, па нели сите сме за промоција на Македонија во Европа и светот, нели сме сите за афирмација на нашата држава, на нашата култура, традиција, вредности. Како ќе ги промовираме со неодржување на најдобрите и нејстарата светска манифестација од овој тип еден од најголемите амбасадори, претставници на Република Македонија во светот.

Така ли се сака Македонија? Мислам дека со некои работи не можеме да се играме.

Претпоставувам дека ја читавте репортачата за фестивалот “Охридско Лето” во Московскиот “Интер-тас”, извештаите од Галичката традиционална свадаба во светските медиуми или пак мноштвото извештаи за успешни изложби на галичката колонија и другите колонии во Македонија? Затоа не ми е јасно што се сака да се постигне. За Македонија да се пишува само за опасноста од внатрешни и надворешни немири, конфликти и судири? Тоа ли треба светската јавност да го гледа, слуша и чита? Каде е запалено нешто, каде се фрлени молотови коктели, зошто не ни доаѓале туристите од надвор?

Крајно е време да престанеме да си играме со тоа и сите да дадеме придонес, колку што можеме, не само за одржувањето на традиционалните “Стсрушки вечери на поезијата” кои угостиле 83 земји, неколку илјади различни поети и неколку нобеловци.

Тука, паралелно и браќата Манаќи. Туку, да се трудиме за нивна што поголема афирмација и промоција.

Мислам дека е крајно време колеги, ако не повеќе, барем со исто толку внимание да се посвертиме на Струшките вечери на поезијата, колку што посветуваме на тн., Струшки вечери на отпорот.

За Кичево, ќе ја прочитам изјавата на градоначалникот, нема на друго дса се осврнам, што ја дал на 16.07, градоначалникот на Кичево Владо Коруновски, изјавил дека граѓаните на овој град се задоволни со најновиот компромис на коалициските партнери во власта, според кој Кичево останува во сегашните општински граници. Конечно преовлада разумот на што ние инсистиравме од почетокот на разговорите околу децентрализацискиот процес, и за пренесување на ингеренциите од централната на локалната власт.

Ние, за жал, колешки и колеги пратеници, целата расправа ја сведовме на тоа каде ќе има повеќе македонци, а каде повеќе албанци. Многу малку зобрувавме за позитивните перспективи со целиот паќет на закони за децентрализација, за примената на начелото на субсидијарност што ќе им понуди ингеренции на локалната власт и афирмација на учеството на граѓаните во проектирањето на развојот во локалната власт. Како да забораваме на неодговорното однесување и расфрлување со скромниот општински буџет на многу актуелни градоначалници. Зарем забораваме дека тука нема врска, дали е македонец, албанец, турчин, бошњак, србин или влав? Еве, македонецот Наумов, градоначалникот на Охрид ги задолжи македонците од Охрид за наредните 17 години.

Затоа, партиите, со оглед на новите ингеренции, тоа нешто го спомна и министерот ќе мора многу темелно да пристапат кон изборот на нивните кандидати. И, може многу лесно во интерес на граѓаните да се појаат многу различни интересни коалицирања на овие избори.

Сега сакам да се осврнам, ако сакате трета дигресија претседателот или, ќе зборувам малку за одговорноста.

Сметам дека е време да се прозбори и акцентира нешто што сакаме вешто да го избегнеме, а тоа е зборот “одговорност”. Мора еднаш да почнеме како политичари, повеќе да го цениме тој збор, без разлика дали сме на власт или опозиција. Не можеме ние да се надеваме дека ќе развиваме стабилна и просперитетна држава што бара да биде членка на НАТО И ЕУ, ако најодговорните во оваа држава, политичарите, посебно пратениците, без разлика дали се на власт или во опозиција велат дека државата ќе се распадне и им праќаат порака на сите македонци и албанци или други, во општините во кои живеат а во кои не се мнозинство, дека треба да се иселуваат. Тоа е врв на неодговорноста.

Опозицијата има право да критикува. И, тоа без пардон. Меѓутоа, нема право да се подигрува со иднината и судбината на сите овие луѓе. А, што е најлошо, таквото однесување е одраз на недостаток на доверба во сопствениот народ и во сопствените гласачи.

Граѓаните на Република Македонија не смеат да бидат заложници на неподготвеноста на политичарите да наоѓаат решенија и носат одговорност. Должност е на секој одговорен политички субјект во Македонија да прави се за да не дојде до дестабилизација. Никој нема мандат да прави политички капитал, заплашување за дестабилизација на Македонија.

Затоа мораме одговорно да се однесуваме, без разлика, да повторам дали сме власт или опозиција. Да не бегаме од одговорноста, без разлика дали самите сме актери, на тоа или нашите партии кога биле на власт.

На пример, зарем мислите дека тоа што креатарот и реализаторот на Законот за приватизација отишле да се движат, некој ќе ги тргне обвинувањата кон СДСМ за начинот и имплементацијата на приватизацијата? Не. Зарем мислите дека некој ќе ја обвини претседателката на Граѓанското движење за евентуалниот неуспех на Агенцијата за странски инвестиции, бидејќи два члена од таа агенција се членови на Движењето? Не. Сите обвинувања ќе одат на Владата на Република Македонија. Од тоа нема бегање.

Таа одговорност СДС ја има уште кога беше во опозиција. Само да ве потсетам, бегалската криза и настаните во 2001 година, кога, иако не го создаде проблемот и

уживаше најголем рејтинг, имаше храброст и доблест, дас го понесе и да ја сподели одговорноста со нашите политички ривали. Затоа, мораме да се определиме за нешто и зад тоа да стоиме и да сме подготвени да понесеме одговорност за тоа. СДСМ, и оваа Парламентарна група, за овој избран концепт на територијалната организација е подготвена да ја испроба својата политичка одговорност на избори и не бега од таа одговорност.

Но, тоа не значи дека, од друга страна и тековната опозиција може да бега од одговорност, како на пример за: претходните заложби за територијалната организација што ви ги прочитав; критиките 1996 година; планот 1999 година; планот во 2000-та година; неисполнетите обврски од Рамковниот договор и учеството во Законот за локална самоуправа донесен во јануари 2002 година.

Затоа, Демократската партија на Албанците не може со играње-топло ладно да избега од одговорноста. Не може повеќе време да поминува надвор од Собранието и да се фали дека ги брани интересите на нивни избирачи. Граѓаните на Македонија треба да знаат што е контра предлогот на предлогот на Владата. 123 општини? Не. Секако, зошто ако се залагавте за 123 опшртини ќе поднесевте 123 амандмани. Ви фалат 11.

Мислите дека е подобро ако се каже конгенитална аномалија, откоклу јас сум против двојазично Скопје? Граѓаните треба да знаат за што сте. За или против службена употреба на албанскиот јазик во Скопје. Без ама. Кажете. И, со тој капитал и ние и вие да одиме на локални избори. Без ама, без на овој начин или како што вели еден експерт - јас немам ништо против двојазично Скопје, но ми е криво што ме наместија. Каде ќе стасаме со такво размисллување и делување?

Граѓаните се прашуваат и треба да знаат зошто некој кој го критикува овој Предлог и се повикува дека пратениците имаат обврска, не поднел ни еден амандман на предложениот закон? Можеби не му се допаѓа Законот. Тогаш можел да поднесе амандман да се избришат сите членови, што сме го имале тоа порано и ништо страшно.

За кој морал алудирам и се повикува еден од фронтмените на Третиот ќорсокак Витанов? Зарем мисли дека граѓаните му заборавиле дека со службен автомобил . . .

(реакции во салата)

. . .  и службена кредитна картичка бил на одмор? Зарем Павле Трајанов мисли дека некој му ја заборавил одговорноста за настаните за време на претседателските избори 1999 година кога беше недостапен за штабот на . . .

(реакции во салата)

. . .  СДСМ кога активисти на ДПА тепаа еден актуелен нивен сегашен пратеник на СДСМ? Зарем граѓаните можат да му заборават на Циле, сега да не ги набројувам. Во политиката мора да се научиме да се одлучиме што застапуваме. Циле го прашуваат некни за кој тим навивавте, тој вели салата вака, салата така. Тој не може да каже за кој тим навива, а не кој. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Макрадули четвртата дигресија ја имате сега.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

. . .политички концепт го тера. Или пак лицемерието на нашиот колега Иванов Ѕинго. Тој може да сними спот. И економски е оправдано бидејќи му е добро за бизнисот со албанец на багер. Ама, кога истиот тој граѓанин, во реалниот живот треба да побара дозвола да гради своја куќа со багерот од  спотот, е тогаш тоа не може да го направи на мајчиниот јазик.Тоа не го дозволуваат Сител и Ѕинго. Така во политиката не може.

Каде е проблемот  почитувани колешки и колеги?

Би сакал да цитирам дел од излагањето на премиерот Костов, кажано на прес конференцијата по повод предложениот пакет закони за децентрализација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, се вративме на пакетот за децентрализација.

(реакции со дофрлање во салата)

Ве молам г-до.

Продолжете г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Треба да бидеме искрени и да си признаеме дека имаме уште многу работа за создавање добри меѓуетнички односи: јакнење на довербата, вистинскиот соживот. Тоа е вистинскиот предизвик на граѓаните на Македонија. Затоа мораме ние да даваме пример. Мојот однос на доверба што го изградивме со Рафис, Ејуп, Хисни, да го пренесеме меѓу нашите граѓани.

Дозволете да бидам малку личен. Деновиве беше дистрибуирана мојата фотографија по градските паркинзи, обидувајќи се на тој начин да ми упатат некаква заканувачка порака. На нив и на нивните наредбодатели можам само да им посакам пријатен пат назад во политичката и националната историја во која, се надевам, по ова ќе останат засекогаш заборавени.

Оваа земја оди напред и никогаш повеќе нема да дозволи сеништата од минатото, со усти полни демократија и национален интерес да ја влечат назад кон бездната. Оние пак, кои решиле да ловат на ситно, користејќи го празниот опозиционен простор и објективното незадоволство кај граѓаните од бавниот економски напредок, ќе завршат како и многу пати досега со празни раце и нереализирано его.

Наместо да ги плашиме македонците во Струга, постојано да зборуваме за доследна примена на Бадинтеровиот принцип дефиниран во членот 41 од Законот за локална самоуправа. Тој, би ркеол мониторинг мораме да го правиме паралелно со градењето на довербата.

Почитувани патеници,

Дали предложениот закон нуди перспектива и кон што се стремиме со ваква Македонија?

Ќе се сложите, верувам, сите дека доминантен интерес на граѓаните е влез во ЕУ и НАТО. Да видиме што велат од таму:

“Утврдените закони за територијална организација и за градот Скопје претставуваат позитивно решение за ова чувствително и комплексно прашање што бара политичка храброст и зрелост. Со ваквиот чекор македонската Влада покачува дека се

приближува кон Европа и кон целосната имплементација кон Охридскиот договор", наведува во своето писмо г-динот Солана.

Некои не подучуваат дека треба да се застане. Не, почитувани колешки и колеги. Македонија нема право да застане.

Или пак, имплементацијата на Рамковниот договор е дел од процесот на Европска интеграција на Македонија, што е ваша цел, а децентрализацијата е негов составе дел. Поради што таа не треба да се одлага, нагласи на својата прес конференција Шефот на Делегацијата на Европската комисија во Македонија Донато Кјарини, коментирајќи ги случувањата околу процесот на децентрализација и територијална органицација.

Според г-динот Кјарини најбрз начин да се стаса до целта е да не се застанува на патот. Но, зарем е логично и во интерес на граѓаните да се запре и стопира се? Собранието да стане заложник на некакви виртуелни чекања. Ние не смееме да запреме, туку мораме после донесувањето на овој пакет на закони да предложиме, да носиме нови закони што се со приоритетен интерес за граѓаните, а тоа се закони од економската, социјалната сфера и закони што ќе поттикнуваат подобар инвестиционен амбиент.

Почитувани колешки и колеги пратеници,

Без разлика кои и како ја правите територијалната организација, колку експерти да учествувале, на крајот гласот го даваат политичарите. И тоа, легитимни избраните пратеници. Оние, кои можат за своите одлуки да понесат политичка одговорност.

Едноставно, мора да се оди напред. Македонија нема време да се движи. Таа мора со помодерно превозно средство да брза кон Европа, а убеден сум дека ние пратениците од овој состав ќе бидеме последниот состав што ќе зборува за меѓуетнички теми и проблеми и со својата работа ќе придонесеме нашиот мандат да го завршиме како пратеници во држава со покана за членство во НАТО и земја кандидат за влез во ЕУ.

Благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега, Ве молам пријавувајте се за реплика

Повелете г-дине Трајановски, баравте збор процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, процедуралното се однесува до вас.

Јас бев тука во 10,00 часот и прв говорник беше говорникот Драго Шајноски. 10 пати го опоменавте, го деконцентриравте и не му дозволивте мирно да го искаже својот говор, при секое спомнување на Бранко Црвенковски.

Сега, г-динот Макрадули - Бранко Црвенковски, да спомнам, учествуваше во донесувањето на овој закон. И тој, практично пресече. Господинот Макрадули го спомнува Третиот пат, "Третиот ќорсокак", значи ги навредува, го споменува Витанов, го споменува Павле во негативна конотација, вие не најдовте за сходно да го опомените како што го прекинувавте колегата Драго Шајноски.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Коце Трајановски, г-дине Коце Трајановски, беше спомнат. . .

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Можеби треба да ги споменува, не знам.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можам јас да одговорам?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Меѓутоа, ако го имате тој принцип према еден пратеник од опозицијата имајте го и спорема друг, независно што г-динот Макрадули е координатор. Тоа воопшто не му да ва за право да вие не смеете да го опомените.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Точно е така, само што јас малку мерам на кантар. Г-динот Драго Шајноски го спомна 100 пати Бранко Црвенковски, овде беше по еднаш.

(реакции со дофрлања)

Г-динот Трендафилов го спомна г-динот Бучковски, три пати дека толку го респектира, 30 пати па не го прекинав.

(Реакции со дофрлања).

Ве молам, не ја прифаќам таа забелешка. Јас сум сосема коректен.

Г-дине Мавровски имате реплика од три минути. Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе.

Еве, конечно го слушнавме г-динот Макрадули со своите ставови. Долго време очекувавме, но сем репликите не слушнавме ништо.

Во секој случај останаа многу дилеми, па мислам три минути се многу малку за да расчистиме многу работи. Ќе се обидам само она што го започна.

Се повикува ма референдумот, кои биле нерегуларни, што со оние 41 што се регуларни? Асполутно ништо не кажа.

Кажувате за чисти етнички енклави и тука ја спомнувате РЕК Битола, а говоревме за Кондово и Рашче, затоа што Кондово со Рашче треба да го има изборот, вода за Скопје. Од друга страна јас ви предложив и РЕК Битола па ќе имате и енергија за Скопје, и така цела Македонија ќе стане една енклава.

Говорите дека опозицијата не верува во државата и го гледа како непријател. Ние ви кажавме, ние гледаме непријател и неверуваме во власта. Зошто? Вие тоа го потврдивте милион пати. Го потврдивте со името, со знамето, со тоа што пред 15-ти септември говоревте дека никогаш нема да коалицирате со ДУИ со ОНА со УЧК, коалициравте. Говоревте дека Струга, Кичево и за двојазично Скопје, ќе најдете решение, не го најдовте решението, Понатаму говорите дека ќе понудите подобро образование. Тетовскиот универзитет, за жал, вие не знаете накаде тера сега тетовскиот универзитет, а не дека е добро решение.

Друго, се повикувате на Илинденскиот дух. Поминаа, минатата гоидна, 100 години од Илинден, па тука на говорот во Собранието не се спомна ВМРО што беше организатор на Илинденското востание. Оваа година славевте 60-години АСНОМ, па не дојде ни народ, сем свирежи и една срамна работа за Македонската Православна Црква и Македонскиот народ, а тука си зедовте за право за тие 60 години АСНОМ да го спомените дури и Охридскиот договор. Дека тој произлегол и тој бил визионерски од тој дел. И тука сакате да ви веруваме.

Говорите за транспарентноста на законот, г-дине Макрадули, па вие не државте два месеци. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски немојте мене да ми реплицирате, реплицирајте му на г-динот Макрадули.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Реплицирам на она што го говореше г-дине пртседателе и. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, не г-дине Мавровски,

СПИРО МАВРОВСКИ:

. . . не ми земајте од времето за да завршам со репликата.

Говорите за транспарентност во Законот, ја државте цела Македонија во заложништво цели два месеци и на крајот во една минута г-дата Бранко Црвенковски и Али Ахмети се договорија. За жал, вие тука сте сите заложници, ќе го притиснете зеленото копче и ќе браните нешто што и самите не верувате дека е така. Тоа е најстрашната работа што ви се случува и што ќе му се случи на Македонскиот народ. Сето друго е само илузија и тука сеење и продавање на магла, дека некој ни кажал ако го смениме името ќе бидеме поблиску до Европа, ако го смениме знамето ќе бидеме поблиску. И сега, ако ја продадеме Македонија, уште поблиску ќе бидеме и стално ќе бидеме пред некоја врата на ЕУ. Пред која врата сме г-до стигнати, кажете ја годината и кажете што треба уште да направиме за од тие 25%, кога ќе стасаат 40%, уште кои права треба да ги оствариме за да влеземе во Европа. . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Мавровски.

Г-дине Макрадули имате една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Примерот со Илинден г-дине Мавровски е уште еден доказ за разликата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Ние, кон тој празник се однесува исто и со почит, и како опозиција и како позиција. Ние, и за време на опозицијата доаѓавме, чествувавме таму без да правиме никакви инциденти, за да не го нарушиме тој свечен момент за сите граѓани на Република Македонија. За разлика од Вас, кои само чекате момент да ги унакажете и тие

сите празници што се доблест во однос на некое време, а се гордост на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Блаже Стојановски, имате реплика од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Пратеникот зборуваше дека голема Албанија и големо Косово, како опасност, било измислено од опозицијата. За да нема г-дининот Макрадули дилеми, сакам да му цитирам еден новинар од Приштина кој е пренесен во Британскиот весник “Опсерве”. Тој вели:

“Познати ми се идеологијата, менталитетот и мотивацијата на силите што провоцираат оружен судир во Македонија. Ги запознав, особено нивните емигранти во Европа кои убедуваа дека Македонија е вештачка творба направена за да им наштети на албанската нација. Тие тврдат дека присилната поделба на албанската нација е историска неправда со цел да се спречи да добие рамноправен статус со своите регионални соседи. Оваа неправда ќе биде исправена, велат тие, со поделбата на Македонија на Словенски и на Албански делови и со спојување на албанските делови со Косово, и уште подобро со нивно спојување во една единствена албанска држава”.

И уште нешто, кажете ми на кој нажин е поврзана децентрализацијата во Република Македонија со решавањето на статусот на Косово идната година? И дали ова не ви личи на ставање на Република Македонија како заложник на Косово? И, зошто не се залагате за обележување на границите со Косово пред обележувањето на неговиот статус?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Па, г-дине Стојановски самите се демантиравте. Сакате да избегате од еден страв, сега наметнувате друг со вашата реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов три минути.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Г-дине Макрадули во голем дел бевте контрадикторни затоа што без малку на почетокот на ваШето излагање кажавте дека  после Охридскиот договор реално е да очекуваме дека Република Македонија ќе биде видоисзменета. Потоа продолживте да цитирате експерти за локална самоуправа, политичари, сеедно, за какви планови правела Владата на Република Македонија 1999-2000-та година, при тоа занемарувате дека самите рековте дека по 2001 година, по Охридскиот договор Македонија е поинаква. Вие можете истите луѓе да им ги читате нивните изјави во 2000-та  и во 2002 година, и мислам дека сте и вие свесни дека тие неможат да бидат идентични после извршената агресија 2001 година.

Што се однесува до сите препораки за еврокомисијата, изјавата на европремиерот Барозо од прилика се поклопуваше со посетата на претседателот на Републиката кога тој даде една навистина песимистичка изјава, перспектива за нашата земја. И, ако во нешто се согласи со вас, во вашето излагање тоа е дека констатиравте дека имаше лоша комуникација целиот овој процес се додека беше во рамките на вашите коалициони договарања без оглед дали станува збор за во или надвор од Владата.

Јас искрено верувам дека вие би сакале тоа да не се случуваше така, но за жал ниту вашето политичко влијание во СДСМ и воопшто во вашата пратеничка група неможе да го надомести тоа што го изгубивме оние два ипол часа и покрај сите наши заеднички добри намери.

Не се согласувам за степенот на одговорноста дека вие ќе ја платите политичката одговорност ја прифаќате цената. Јас пред 40-тина минути кога зборував кажав дека не се чувствувам дека ќе бидам помалку одговорен затоа што нема да го подржам овој закон. Напротив, уверен сум дека сите 120 пратеници овде ќе ја имаат сите истата одгвороност без разлика дали ќе го подржат или нема да го подржат овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Краџоски имате три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван г-дине Макрадули,

Она што можев јасно да го разберам од вашата долга дискусија беше почитувани предавници, меѓутоа тоа било лапсус.

Инаку во однос на целата дискусија многу малку слушнав за Струга. На пример малку слушнав зошто граѓаните во Струга реагираат. Некој став од вас во врска со таа работа. Не случшан како координатор на пратеничката група да се изјасните зошто во Вашата пратеничка група имате пратеник кој реагира исто како и стружани. Зборувате за Струшките вечери на поезијата, а не за Струга, тоа како она "село гори баба се чешла". Градот отиде, Макрадули вели Струшките вечери на поезијата.

Исто така овде во четири или пет дигресии зборуваше за одговорност. Така? Е, сега, почитуван г-дине Макрадули, одговорноста е многу битна, а бидете сигурни дека се знае кој ќе ја понесе одговорноста и тоа многу, многу брзо, на локални а можеби и на предвремени избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Г-дине Краџоски каде отиде Струга. кој ја премести Струга, зошто повторно ширите тези на заплашување и недоверба кон стружаните. Зошто мислите дека тие се неспособни да живеат таму. Кај ги терате да одат луѓето. Ниту Струга ќе отиде некаде, нити отишла некаде. Стушките вечеро ќе бидат таму бидејќи таму им е местото. Да не се мешаме ние политичарите во нешто што е традиција 43 години наназад, а тоа најдобрата реклама за Република Македонија . Не се борете да го уништите добриот имиџ на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-ѓо Којзеклиска повелете три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Најверојатно ова ќе биде 1008 пат што ќе го повторам, меѓутоа најверојатно ќе треба да го повторам додека не ни влезе на сите нас во глава дека новиот претседател на Европската комисија рече “за Македонија и земјите од западен Балкан само регионална соработка. Влез во ЕУ во идната деценија”.Тоа е едната работа.

Во однос на стручните експерти кои ги кажуваше и цитираше почитуваниот колега Макрадули, има професор Гордана Силјановска која во контекст на територијалната поделба рече  ако вака мине оваа територијална поделба јас ќе ја скинам дипломата, инаку професор на Правниот факултет.

Во однос на двојазичноста која ја кажуваше почитуваниот г-дин Макрадули, зошто сме биле против, кој е против дај јавно кажете, јас сега ќе го потсетам. Зошто во првиот предлог на Владата значи вопредлог на законот за донесување имаше алтернатива Арачиново со 11.992 жители, а во втората фаза имаме Сарај и Кондово со 35.408 жители. Кој сега глуми лудило пред македонскиe граѓани во однос на двојазичноста. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули една имнута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Секој различно ја сваќа политиката. Г-ѓо Којзеклиска, агендата за влегување на земјите од западниот балкан во ЕУ и приближувањето е дефинирана во Самитот во Солун. Вие ако не верувате во тоа, вие ако не сакате во тоа, оставете не нас да ја однесеме Македонија во ЕУ, па јавете се по 14 години и дојдете овде во парламентот. Оставете не нас да ја завршиме оваа работа во интерес на граѓаните на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Новиот комесар има само пет години мандат.

Повелете ѓ-ѓо Лалчевска, имате три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседател, колегат Макрадули набрзина го исчита својот реферат и мене ме врати во едно минато време и при тоа искажа толку многу извртени

тези и толку многу лаги. Јас за жал неможам за три минути сите да ги доведам на место, меѓутоа ќе се обидам барем некои.

Прво, мултиетничката реалност. Г-дине Макрадули вие заборавивте дека Владата овде со невиден политички маневар го прифати амандманот за центар Жупа за да докаже дека е мултиетничка. Ако направеше иште на старт таму ќе ги признаеше правата на турците зашто мултиетничноста немој да ја сваќаме ако црвени цреши на високите гранки, барем за повеќето етникуми во Македонија. Тоа е за овој проблем.

Понатаму, прашавте кој има против употребата на мајчиниот јазик. Ние овде воопшто не говориме за употреба на мајчин јазик туку говориме за упторeба на службен јазик. Тука има видна разлика.

Го обвинивте градоначалникот на Градот Охрид дека ги задолжил македонците. Прво не кажавте за кој градоначалник, а вака се добива впечаток дека се работи за сегашниот градоначалник  што воопшто не е така затоа што тој долг во Охрид е наследен од некои претходни градоначалници и не ги заложи македонците затоа Што во Градот Охрид покрај македонците живеат 5% албанци, 9% турци, власи, роми итн. на кои вие многу често заборавате или барем јас така добивам впечаток.

Зборувавте за Кичево и за изјавата на градоначалникот на Кичево, а при тоа заборавивте да го изанализирате членот 16 од Предлогот што според мене е најголемото лицемерие што е напишано во овој закон. Со овој член вие господа ја задолживте и следната Влада да ги исполни барањата од вашиот коалиционен партнер, а ветувањата што вие сте му ги дале. Тоа е невидено лицемерие.

Околу политичката одговорност јас веќе и со министерот дебатирав, вие прифаќате дека политичката одговорност ќе ја сносите ако се покаже дека овој предлог е најлош избраниот предлог. Меѓутоа, ниту од министерот не добив одговор, а претпоставувам дека и од вас нема да добијам што граѓаните ќе добијат од вашата политичка одговорност. Дали ќе ни биде подобро?

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добивте одговор и вчера од министерот и од мене ќе добиете. Ова е добар предлог и овој предлог ја води Македонија кон Европската унија. Она што вие најдобро се сеќавате на тие говори, може да ми раскажувате, јас сум млад и не можам да се сетам на тоа време, но врвно лицемерие е кога вие не дозволувате некој како што викате во службена, како ќе го разграничиме од мајчин јазик да го употребува во рамките на локалната самоуправа, а од друга страна се повикувате на истите тие етнички заедници во Охрид. Охриѓани знаат добро дека тековниот, актуелниот градоначалник ја фрли калдрмата вредна незнам колку векови и ја замени со мермер. Да не мислите дека тоа ќе му го заборават охриѓани, па ќе победи на избори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Костовски, имате три минути реплика.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас ќе се навратам на дискусијата на господинот Макрадули, и очекував дека тој ќе се појави на мојата дискусија, меѓутоа, за жал отсуствуваше, меѓутоа навистина радо го очекував.

Прво, јас сум тие од ретките кои што не поднесе амандман, меѓутоа тоа не значи дека нема и не учествувам во расправата, туку едноставно јас сум против донесувањето на овој пакет закони бидејќи сметам дека е тоа преурането и сеуште сме како општество посконфликтно и ова е добра база да и така реткиот мир да се разниша, да се донесе на дното.

Второ, мноту ми е мило што го цитираше господинот Вајт и морам да кажам јас сум член на Управниот одбор на кризната група меѓутоа јас повеќе би сакал да го чита извештајот од кризната група, а не господинот Вајт. Во кривната група многу работи се кажаа како што доликува,  и на начин кој што е соодветен на политичари да разберат, да прочитаат и да сфатат. Ќе се вратам, предлогот на господин Вајт беше пролонгирање на локалните избори со цел овие пакет на закони да се донесат во еден консензус од сите партии.

Трето, што значи тоа политичка одговорност господине Макрадули. Со што вие конкретно или СДСМ ќе плати, доколку се покаже дека овој пакет на закони нема да ги даде тие резултати.

И на крајот, да не се залажуваме од осамостојувањето на Македонија господо пратеници на СДСМ и на ВМРО вие ја водевте оваа држава. Ваша е заслугата што сме денес тука. За жал големи кадровски промени во лицата, лидерите кои ја водат оваа држава нема од самиот почеток па до денес. Ние сме денес на дното од редот на оние кои што треба да бидат членки на Европската унија. Европската унија не бара декларација, бара добро пакување. Добро спакувана земја со јаки закони каде законот и граѓанинот е во центарот на внманието и јака економска база.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа е господине Костовски демократијата и парламентарната демократија. Одиме на избори, се појавуваме со платформи, во тие платформи пишува дека партијата која што беше дел од коалицијата “За Македонија заедно” се залага за реализација на процесот на децентрализација на власта и за создавање услови ..

да не читам понатаму, можете да ја прочитате сега, ако не сте ја прочитале 2002 година. Иако виер не си верувате во вашата земја, во Република Македонија оставете ние да си ги донесеме овие закони кои по оценка на Европската унија и меѓународна кризна група се клучни во овој момент за Република Македонија.

Република Македонија за жал нема многу време да чека да се стасбилизира, туку мора да граби напред кон Европа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Макрадули.

Господине Даневски, имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Имаше еден инспиративен настап или читање реферат господинот Макрадули, и имавме анализа или ревизија на минатото, сегашноста и иднината. Она што требаше и треба да се спомне мислам дека не го кажа господинот Макрадули. Станувашe збор за Законот за децентрализација или територијалната организација на Република Македонија каде не даде одговор детално на три сегменти кои се битни.

Не кажа дали е направена анализа на постоењето на тие 123 општини.

Втората работа е, не кажа дали е тоа политички договор од чисто етнички критериуми.

И третата работа е што постои едно огрно незадоволство кај граѓаните на Република Македонија. Не тоа дали референдумите се задолжителни и по оној основ обврезувачки спрема Владата, не кажа затоа што механички се прават некои општини. Тоа е главната поента и тоа е реакцијата на сите граѓани.

Во однос на она другото што сакаше меѓу редови да ни спомне компаративни искуства во Европа што е службен јазик и мајчин јазик, мислам дека не држи не сакам да полемизирам за тоа, мислам дека настапот беше иритирачки и со потценување како на граѓаните на Струга, така на Република Македонија и на градот Скопје. Не го заслужуваат тоа граѓаните на Република Македонија. Мислам дека вие како политичар може да имате ставови, може да не се сложуваме, ама толку понижување на сопствениот народ не држи, нема оправдување, господин Макрадули, незнам зошто се повикувате на политичката одговорност. Ние ако направиме грешка политичката одговорност не се плаќа потоа. Криво дрво никој не исправил.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Па, морам да повторам некои работи, вие цело време ги понижувате и ги потценувате граѓаните на Струга, бидејќи не верувате во нив. Бидејќи ние веруваме во нив и знаеме дека може таму и убаво и просперитетно да се живее, ние застануваме зад

овој концепт. Ние имаме различни концепти и ние си веруваме во нашиот народ, во граѓаните на Република Македонија, во нашите гласачи. Вие немате доверба во нив, затоа тука ги плашите и ги застрашувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева, три минути.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам господине претседателе,

Почитуван господине Макрадули, вие пред малку ја обвинивте опозицијата дека ја дестабилизира државата. Во вашата илузија на моќ си правите проекција дека сите проблеми ви ги прави опозицијата односно ВМРО-ДПМНЕ. Вие не сакате да видите дека народот е тој кој што не го прифаќа вашиот политички договор, а ВМРО-ДПМНЕ само го слуша народот, само го слуша гласот на народот и е само дел од народот.

Вашите наследени тоталитарни инстикти насочуваат само кон едно да се однесувате како окупаторска власт кон сопствениот народ, затоа што наместо крајно демократски слушајќи го гласот на народот јасно искажан преку референдумите и на тој начин да ја направивте териториајлната организација, вие со аргументот на манипулација што и пред малку добро го одигравте и аргументот на сила со тепање со електрични палки, со гумени куршуми, со шок бомби, а после тоа со огромен број на кривични пријави што го спроведовте тоа врз граѓаните од Струга, а понатаму и со влечење на жени и деца во Облешево му се одмаздувате на сопствениот народ за непослушноста со цел да го дисциплинирате, да го проголта тоа што му го зготвивте.

Конечно, треба да ги отворите очите и да видите дека вие сте тие што продуцирате нестабилност во сопствената држава.

Понатаму велите дека одговорност сте имале дури и за време на кризата. Јас само ќе ве потсетам вас а и македонската јавност за вашата голема одговорност кон сопствената татковина за време на кризата коај се огледаше во тоа што правевте организирана опструкција на одбраната на сопствената татковина, тогаш кога ваши активнисти одеа од куќа на куќа велејќи им на граѓаните дека не треба да се одзват на мобилизацијата, дека не треба да одат да ја бранат сопствената татковина, бидејќи ВМРО-ДПМНЕ треба да си ја брани државата.

Тоа беше вашата одговорност и верувам дека се срамите барем денес како власт од ваквата одговорност кон сопствената татковина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете, г-дине Макрадули една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Госпоѓо Бонева, мене ми е жал зошто има толку гнев во вас. Јас навистина овие две години не можам да откријам зошто има толку гнев во вас. Кога кажувате, окупација, не ме навредувате мене, ги навредувате оние луѓе што биле под окупација. И јас да ве потсетам СДСМ и луѓето овде од пратеничката група сите нивни членови на фамилијата имаат македонски пасоши. Прашајте се вие дома.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец, имате три минути време.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Со г-динот Макрадули би се сложил во две работи. Прво, од потребата дека мора да се направи децентрализација која е неоспорна. Втора работа, дека не постои идеален концепт за децентрализација. И едното и другото е точно, јас со тоа ќе се сложам, меѓутоа тоа не значи дека не треба да се направи оптимален концепт. Што значи дека во целата оваа процедура на законот г-дине Макрадули, не е направена проекција на бенефитот на она што треба да произлезе и она што треба да се реализира. Зборувате дека немаме концепт, дека зборуваме за 123 општини, а немало толку амандмани. Јас ќе викажам, можеби не е оптимално ни 123 општини, меѓутоа многу е поблиско тоа како оптимално до ова решение што сега го имаме. Наметнувате тези за чисти општини. Па не можам јас да ги направам чисти, или нечисти и не гледам дека некој водеше таква полемика овде. Не можете во Струмица, или незнам каде да направите поинаква од онаа што е општината. Меѓутоа, како одговор на сето тоа беше и вашата, да кажам Фројдовска проекција, има една посебна книга од Фројд, се вика “грешки, или омашки” каде што излагањето на пратеници со предавници дефинитивно ја разоткри вашата потсвест во оваа работа. Наметнување на прашањето дека ние овде сме поставувале, дали ни се

допаѓало, или не, Македонија еве постои 14 години. Не може Македонија да ни биде предмет дали мене ми се допаѓало, или на вас, мислам тоа е веќе крајно омаловажувачки . Јас незнам како воопшто дојдовте до таква реченица, или ви беше потребна за да ја растурите и демагогијата која што во голем дел или во сегмент постоеше во вашето излагање. Потоа делбите на ваши и наши. Јас тој метод не го воведов, ниту сакам да го практикувам. Меѓутоа, вашите коалициони партнери секогаш  викаат, тоа што е наше, наше е и таму вие не треба да се мешате. Значи, имате проблем со вашата коалиција околу тој поглед.

И на крај би се задржал на уште неколку елементи кои што ги изразивте, тоа е дека ете и етничкиот елемент е дел од целото ова така да ја наречам папаз јанија од децентрализација која ја направивме. Од старт почнавте како партија дека нема етнички. Сега, потоа, дека има.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Макрадули една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Бидејки немаше време г-динот Оровчанец да ја докаже својата реплика, јас ќе се откажам од контра реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Коце трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да му реплицирам на г-динот Макрадули кој како често, така и сега се обиде да направи анализа на говорите на ВМРО-ДПМНЕ и Либералната партија и делови да негира. Значи, би се задржал на неговите искажувања. Тој рече дека најголем број од поднесувачите на амандманите не гласале за своите амандмани. Г-дине Макрадули, земете го листингот, видете за Струга како гласале вашите пратеници. Второ, рече, му се допаѓа некому, или не, Република Македонија живее 14 години, има своја репрезентација. Добро утро, г-дине Макрадули, кога ВМРО-ДПМНЕ во 1991 година пратениците кажаа на говорница дека Македонија ќе има репрезентација, тогаш од вашите претставници на вашата политичка партија беа страшно исмеани. Македонија  има репрезентација од

тогаш наваму. Да не кажувам и за другите атрибути на РМ. Рековте дека го сметате за голем успех што сте успеале на потегот од Скопје до Струга да има македонска оштина Јегуновце, Маврови Анови, Ростуше и Центар Жупа, значи исто така од другите националности. Мислам дека е тоа минорно, дури и жалосно за тоа што сметате дека сте постигнале успех, занемарувајки ја Струга и Кичево како фундаментални. Понатаму, полемизиравте со професорот Панов, рековте дека добро е што општините не добиле ингеренции тогаш, а сега веќе спротивното. Сметам дека и добро е, професорот мислел бидејки во првата фаза добро е што биле територијално разграничени, ингеренциите понатаму доаѓаат. И тоа е тој дел од таа фазност која што ние често во нашите дискусии ја дискутиравме дека можеби сега треба да се направи финансиска, а понатаму и територијална децентрализација во однос на овие 123 општини.

Уште нешто што би сакал да кажам рековте дека граѓаните се ставиле во улога на сите граѓани на РМ ги забраниле Струшките вечери на поезијата. Значи, би ве потсетил во која улога се ставате вие, не мислам лично, туку како парламентарно мнозинство што во името на граѓаните на Струга одлучувате какви ќе бидат нивните граници и покрај нивните протести и покрај нивниот отпор кој што е континуиран скоро 15 дена.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, г-дине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Мислев дека само г-динот Костовски не го знае ова. Тоа е парламентарна демократија. Одиме на избори, на парламентарни избори, имаме мандат од 4 години, потоа ќе го тестираме нашиот рејтинг. Да ги оставиме Струшките вечери, она за што и јас се залагам, на Стружани без да има таму политичари и без нас. Тие се еден од најдобрите амбасадори на Република Македонија во светот. Направив анализа на вашите говори, сигурно тоа е дозволено. Сакав и од ДПА, вашиот коалиционен партнер, ама не се тука. Да се разбереме, не е неуспех, или успех тоа што Владата го направила во Западниот дел од Македонија. Тоа е една реалност. Ние не пренесуваме, или трансферираме население. Тие се таму и сакаме да имаат подобри услови за живот и овој концепт Владата го застапува и ова парламентарно мнозинство. А за амандманите

пак ќе ве потсетам, па вие сите излегувате од салата за да нема наводно кворум и не си гласате за вашите амандмани што сте ги предложиле.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, еве работиме повеќе од 8 часа. Од името на пратеничката група, барам еден час пауза. Тука е координаторот, имам овластување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да го видам писмено овластувањето. Може и координаторот да побара.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што имав реплика, затоа г-динот Караџоски побара пауза. Во името на пратеничката група барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од еден час.

(Пауза од 18,40 часот до 19,20 часот).

Има збор г-динот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, пред нас се наоѓа еден пакет закони за децентрализација и територијална поделба за кои можеме слободно да констатираме дека за прв пат воисторијата на оваа држава се донесуваат во една посебна и напната атмосефера. Политичкиот проблем кој што власта го создаде со ваквото решение како и катастрофалните консеквенции кои што сите ние ги чувствуваме е всушност резултат на пропаста на преговорите преку капитулација на македонскиот дел од власта, ароганцијата и неспособноста тоа да се признае и да се повлечат соодветни корекции додека сеуште има време за тоа, невидената политичка изолација на СДСМ од народот и од сите релевантни фактори кои што би можеле да дадат придонес кон ова законско решение и тоа таква изолација која што е незапамтена во сегашната историја на независно опстојување на нашата држава. Голема е листата на субјектите кои што најостро се спротивставија на ваквиот катастрофален законски проект. Покрај сите

парламентарни и непарламентарни опозициски партии, здруженија на граѓни, невладини организации, научни и образовни институции, научната и експертска фела, граѓаните преку голем број на референдуми и истражување на јавното мислење, сите партии на етничките малцинства освен партијата на албанската етничка заедница која што се наоѓа во владеачката коалиција па се до индивидуи кои што се приапдници на македонските партии на власта. Но, и покрај тоа Владата, или поточно една мала корумпирана и неспособна елита во неа упорно останува глува  на ваквото незадоволство и упорно сака да го протурка  својот предлог. Не се зема во предвид фактот дека на тој начин може многу лесно да дојде до  блокада на системот во нашата држава. Имено, демократијата се заснова на успешноста на процесот на канализирање и институционализирање на разните интереси и незадоволството помеѓу разните интересни групи кои што постојат во општеството. Успешноста на опстојвуање на системот зависи од умешноста на балансирање помеѓу овие различни интереси. Овде нема ни обид за некакво балансирање и не само тоа, туку се донесуваат решенија кои што одат во прилог на 20% од граѓаните од оваа држава, а кои што длабоко ги иритираат и одат против интересите на останатите 80% граѓани. Опасноста од блокада и уништување на системот е очигледна. Вакво непочитување на интересите на граѓаните и изолирање на власта од нив, како и донесување на одлуки во тесно кабинетски услови е незабележливо и во најголемите тоталитарни режими. Законот за кој што сега се расправа, а кој што функционално е поврзан со претходните два закона, односно законот за локална самоуправа и за финансирање на локалната самоаупрaва е законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа.

Во Охридскиот договор е невидено територијалната организација на локалната самоуправа, меѓутоа исто така треба да се нагласи дека во Охридскито договор стои дека треба да се направи ревизија на територијалната организафција на општините, а не нивно целосно преуредување. Суштината на овој закон е тоа што треба да се види кои од постојните општини би биле во состојба ефикасно да ги вршат своите досегашни функции, а кои општини  не се во состојба да одговорат на новата положба и одговорности на локалната власт. Значи, тоа е логиката што се бара, соодветно

регулирање на територијалната големина и состав на општинтие. Врз таков принципиелен пристап треба да се согледа дали има општини каде што нема основни услови успешно да се изврши децентрализацијата и алиментирано според принципите пропишани во законот да се формираат единиците на општините. Критериумите се објективно пропишани во законот, економска и географска целина, сообраќајна поврзаност, економските основи за некакво динамизирање и развој и т.н. Денес наместо според тие критериуми да се оцени кои општини немаат капацитет да прифатат нови проширени надлежности и за нив да се предложат решенија кон кои општини да се приклучат и кон кои гравитираат и наместо да се насочи дискусијата, вниманието, подршката на јавноста и да се ангажираат надлежните служби да ги подготвуваат условите за децентрализација за таа да се спроведе на време и ефикасно, наместо централната власт добро да ги одмери дотациите и трансферите што ќе ги пренесува на локалната власт за да се задоволи принципот на еднаквост, на соодветност на расходите и приходите на нивото на локалната власт, дискусиите се насочија и се концентрираа изопачено на сосема други прашања. Во Охридскиот договор не може да се најде ниедна основа во која при дадениве проблеми можат да послужат за ваквите недоразбирања кои произлегоа од овој законски проект. Тие се длабоко надвор од било која одредба на Охридскиот договр. Така во две преостанати урбани населби два града во Западна Македонија каде што инаку се практикува употребата на албанскиот јазик како втор службен јазик, покрај макеоднскиот, поради тоа што албанското население учествува со преку 20%.Барањето е сега тие два града да станат мнозински албански општини. За такво стојалиште не може никој да се повика на Охридскиот договор. Тие две барања апослутно не можат да најдат никаква потпирка во Охридскиот договор, затоа што ќе анстојува вештачки да се припојуваат нови селски населби со што албанското население би станало мнозинско население во уште овие две општини. Зошто не се поставува обратно прашањето, зошто во Гостивар, во Дебар, во Тетово не се одвојат некои населби да се создаде макеоднско мнозинство, или слично. Потоа исто така би сакал да споменам нешто околу преговорите преку кои се дојде до ваквото решение. Тие се водеа далеку од јавноста помеѓу политичките субјекти од два етникуми од истата

Влада, во истата држава и тоа преку преведувач за децентрализација и финансирање на локалната самоуправа. Притоа како главен предмет на расправа се уфрлуваа територијалната распределба при што како суштествен фактор и централна тема ќе претставува и двојазичноста на урбаните центри, а пред се двојазичноста на главниот град на државата. При тоа како основа се инсистира член 3 од Рамковниот договор, иако таму акцентот се поставува врз законот за локалната самоуправа и законот за финансирање на локалната самоуправа, потоа тенденциозно се толкува изразот ревидирање на општинските граници од страна на локалните и националните власти. Во членот 3 точка 2 бидејки ревидирање не значи и прекројување, уште помалку врз етнички принципи. Всушност се изместува основната цел, децентрализација на власта и централната децентрализација во финансирањето на општините и сето тоа се прави без претходно проучување на пробелмите, без мислење на науката и без слух на практиката. Ваквите преговори и договори водат прво кон создавање услови за менување на унитарниот карактер на државата загарантиран со Охридскиот договор и со Уставот. И второ, менување на етничкиот состав на одредени територии по два основи преку миграција на историските етникуми и асимилација на македонскиот етникум. Ние мораме да останеме на принципот на граѓанска држава и да не создаваме вештачки аргументи и за тоа пред светот карактерот на државата да се претставува поинаку. Во Охридскиот договор некои работи се многу јасно формулирани. Во оснвоните принципи на автентичниот текст на Охридскиот договор покрај целосното и безусловно отфрлање на насилството за остварување на политички цели. Втората точка зборува дека суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се чуваат.

Во Охридскиот договор стои дека не постојат територијални решенија за етнички прашања. Во Охридскиот договор во врска со локалната самоуправа се вели дека развојот на локалната самоуправа е од суштенствено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот и за унапредување и почитување на идентитетот на заедниците.

Со ваквото територијално прекројување се прави етничка граница на штета на македонскиот народ и македонската држава како кога не одговорно и недржавнички неповратно се губи огромна македонска етнокултурна територија се крои картата на една привремена федерација. Сето тоа се спроведува преку реториката дека Скопје се нуди да станало Брисел, заборавајќи при тоа дека Белгија е Федерација на Фламанците и Валонците, кои со векови живеат на својата историска територија и се декларираат како белгијанци, а не може да се замисли некакво етничко и територијално прекројување и со тоа етничко чистење.

Поради сето тоа сметам дека е неопходно енергично да се укаже и да се спротивставиме на присилното уценувачко неуставно и незаконско изнудување на двојазичноста. Тоа впрочем никој од Меѓународната заедница не ни го ни бара, ниту може и смее да го бара. Тоа со ниеден  збор не се бара  ни во Охридскиот договор, иако со него многу неодговорно се манипулира. Уште помалку некој по насилнички и вештачки пат може да ни создава двојазичност во главниот град па дури па и да се заговара за двојазичност на целата држава. Затоа, државнички злосторно да се донесуваат избрзани политички и етногеографски решенија за најсуштествените прашања што се најсудбоносни за народот, интегритетот и воопшто опстанокот на државата.

Народот, жителите на населбите најдобро знаат што е најдобро за нив и дали и колку можат да опстанат по децентрализацијата. Се поставува прашањето кон што не води ваквиот политички пазар. Пред се, кон рапидно слабеење на кокензивната моќ на државата со видливи тенденции за нејзина насилна дисолуција преку веќе најавената федерализација и потоа осамостојување на албанците, а ваквите идеи ДУИ ги спроведува.

Тука мора да се нагласи дека клучна е улогата на претставниците на актуелната власт за судбината на народи на државата. Тие не смеат да пројавуваат наивност и неукост и неодговорно да се однесуваат кон изразената волја на граѓаните. Тие се должни да го чуваат она што го наследиле и во никаков случај јазикот не може да се употребува како лост за етничко прекројување на територијата.

Со ваквата произволна повелба се направени три грешки.

Прво, погрешен е Рамковниоот договор односно одредбата дека нема територијални решенија за етнички прашања, напротив, власта ги решава етничките права токму со територијалното прекројување.

Второ, ова е комплетен дебакл на македонските преговарачи, бидејќи основните решенија се барањата на Ахмети. Кичево е само одложено решение,.колку да можеме да го голтнеме 2008 година.

Трето, прекршена е варијантата дека треба да се одржат мултикултурните средини во Рамковниоот договор. Операцијата на правење на малцинства, мнозинства нема врска со одржување на мултикултурата. Решенијата за Скопје се исто така крајно грозоморни, но исто така и за Кичево и Струга. Поделбата на градски и селски општини по потреба е произволна поради политичките и етничките барања за да се дизајнира бројот, а не да се одржи мултикултурната атмосфера која веќе постои таму. Рамковниоот договор преку оваа точка е пробиен, генерално служи само за подбивање и сега кој како сака може да го интерпретира во манир на политичка злоупотреба и волја на некоја група.

Преговорите меѓу коалиционите партнери и решенијата кои произлегоа од тоа се сведени на тоа кој ќе има мнозинство или малцинство во општините, кој кого ќе надгласа во Општинскиот совет, дали градоначалникот ќе биде македонец или албанец и сл. Тоа во суштина значи запоставување на многу посуштенски критериуми,. заради тоа што и на македонците и албанците и сите други што живеат во тие општини им е битно да се обезбеди општина што ќе генерира економски развој, а не кој ќе го има мнозинството во Советот. Со вештачкото додавање на одредени рурални средини кон урбаните центри добиваме вештачки творби во кои селото ќе го влече назад градот и нема никој од нив користат. Децентрализацијата што ја замислува Владата со големи конгломерати, како што се општина Струга со селата, но и Гостивар и Тетово и други поголеми градови за граѓаните значи намалување на шансата да го користат правото на самоуправа и да им биде администрацијата поблиска, односно со намалувањето на бројот на општините се намалуваат институциите кои оригинерно се грижат за задоволување на потребите на граѓаните и тоа тие го прават најуспешно, затоа што најдобро се запознаени со нивните потреби и интереси. На тој начин дефакто доаѓа до еден сосема спротивен процес на децентрализација, односно централизација со доменот на локалната самоуправа. Покрај тоа, моделот на мнозинство направен на вештачки начин, како што е моделот на Струга, претставува механизам за мајоризација, некои граѓани ќе бидат потиснувани или

стеснувани во решавањето на нивинте интереси, што значи дека интересите и потребите меѓу граѓаните ше се политизираат. Во западниот дел на државата доминира етничкиот аршин за да се создаде еден компактен простор на албанско мнозинство во локалната самоуправа. На тој начин се создава етничка поделба на Република Македонија во управна смисла. Разделувањето на Република Македонија во локалната самоуправа со етничка линија може да создаде база во наредните 5-6 години да се постави прашањето на една административна управа или на еден кантон, окрупнување на локалната самоуправа по етничка линија. Тоа само по себе е федерализација или издвојвуање, што значи владиниот предлог може да биде база за потешки нарушувања на унитарниот карактер на државата и нејзината целовитост, што значи ставени сме во тренд на неизвесност, особено во светлината на идното решавање на прашањето на Косово. На тој план може да се јави политички екстремизам, а со тоа за подолго време Македонија се остава во рамка во која не и се гарантира стабилноста.

Уставот на Република Македонија упатува дека правото на локалната самоуправа е израз на волјата на граѓаните да управуваат со општините, граѓаните се организираат и сами решаваат кој облик на демократизација ќе го применуваат. Европската повелба за локалната самоуправа е уште покатегорична од нашиот Устав. Македонија ја потпиша таа повелба 1997 година. Таа вели дека во услови кога се укинуваат или семенуваат границите на одредена општина мора да бидат консултирани граѓаните на таа општина, при што референдумското изјаснување се предвидува како облик на консултација. Тука се поставува прашањето дали се почитуваат над 40-тина референдуми, на кои граѓаните категорично се изјаснија против решенијата што ги нуди овој предлог закон. Значи, општината постои заради граѓаните, а не заради потребите на државата или пак на владеачката грнитура, така тоа е решено во земјите членки на ЕУ, кон која и ние чекориме, европските стандарди за локалната власт, ужасно обврзувачки за централната власт. Сето тоа е потребно заради воспоставување на толку посакуваната доверба на институцијата, која што сега е на исклучително ниско ниво, недовербата од која произлегуваат низа негативности по нашата држава. А токму клучен услов за полноправно членство во ЕУ е вербата во системот на односната држава, како и во

нејзините демократски принципи. Владата со ваквата политика и со немањето слух оди токму во спротивната насока на ваквите принципи, односно нејзините постапки го стимулираат револтот на граѓаните и носат опасност од создавање граѓанска непослушност.

Еден од основните принципи кој е вклучен во изготвувањето на законот за локална самоуправа и за кој може да се констатира дека е меѓународен стандард е принципот на строгата диференциација на рурални и урбани средини. Тоа бара надвладување на професионалност еснафскиот престат и строга поделба на селските и градските занимања, поточно да им се остави простор на градовите кончно да станат градови со адекватна социјална структура, со специјализација во територијалниот сектор, односно со доминација на банкарството, осигурувањето, здравствените услуги и како Пазар за производите од селските средини, но во исто време тоа би било отворило комплементарен простор руралниот сектор да се фокусира на примарната и секундарната обработка на суровините. За жал, во западниот дел на државата под налетот на неконтролираниот механички прилив демографската експлозија и со урбанистичкиот хаос, економскиот простор и разлики меѓу градовите и селата се скооро избришани. Ниту градот останува град, ниту селата се развиваат како села, туку меѓусебно се претопуваат во едно општо сивило.

Сето тоа ме наведува на заклучок дека при изготвување на овој закон не се водело сметка за интересите на реалната локална заедница. Типичен пример за тоа е неводењето грижа за типот на општините, односно дали таа е хомогена или хеторогена. Станува збор за хомоген тип на општина, а не за хетороген тип, кој настанува кога спојувате селски и градски општини, како што сето тоа го прави Владата. Градската општина има градски потреби и ако се спои со селската ќе добиете општина која не може да ги решава ниту селските ниту градските потреби. Згора на тоа, ако уште имате и етничко несогласување, тогаш неминовно се создаваат тензии. Со законот од 1996 година се одеше на максимално растоварување на градовите од пространите рурални средини. Се знаеше дека и во времето кога градовите имаа можност да им помогнат на руралните средини не сторија ништо за нив. Откако се одвоија руралните средини

направија такви резулатити за кои не можеа да сонуваат во претходниот модел. Сега некој наумил тој тренд да прекине. Пред се, со последните случувања, наместо долго очекуваниот исчекор во иднината правиме два чекори назад во минатото, наместо продлабочување на спасителниот рационален економски пристап во целиот процест доминира погубниот ирационален емоционален етнички набој. Исто така, сите се расфрлаат со некакви наводни критериуми кои биле присутни во создавањето на понудената бројка на општините. Разбирливо е дека треба да се има предвид и социоекономските и природно географските фактори, етничките, етнолошките, просторните фактори и многу други.

Она што е битно е да се избалансира сето тоа и врз база на тоа да се даде предлог. Сето ова спаѓа во сферата која што може да се нарече стратегија за развој на една држава. Според таа стратегија точно би знаеле кои критериуми би требало да имаат пресудно значење. За жал, таква стратегија при изготвувањето на овој предлог закон нема и уште повеќе може да се каже дека главна стратегија е дека нема никаква стратегија. Така на пример, може да се постави праШањето дали имаме стратегија за развој на земјоделството, барем декларативно таква стратегија имаме, но што се случува во реалноста. Декларативно се залагаме за развој на земјоделството, но за да го правиме тоа мора да имаме рурални општини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски, продолжете ова ви е првата дигресија, за земјодлество не зборуваме.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Тоа е по законот ставено.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, во законот нема земјоделие.

МИХАЈЛО ГЕОРГЕИВСКИ:

А сега се оди кон тотално уништување и маргинализирање на руралние средини. Тоа е само еден пример за неодржливоста на територијалната поделба која се заговара. Доколку постоеше такво нешто, немаше да има план за развој на земјоделството, а од

друга страна да има повеќе урбани и рурални средини. Ние и вака имаме многу малку селско население. Со ова решение градската популација уште повеќе ќе се зголеми, а селата ќе останат празни, посебно македонските села. Македонските села во Кумановско имаат 12 -13 жители на км 2. Конопиште на пример исто така мал број. Во некои села има пет до шест пати помал просек на густина на населението. Целта на државата мора да биде ревитализација на селото, бидејќи државата без село не е држава. Селото ја прави храната, во тоа се состои стратегијата на една држава да се има храна и енергија. Кај нас се случува токму обратното односно реорганизација на Македонија. Тоа се случува уште од средината на 50-тите години, но за жал и денес се продолжува со тоа, односно селото постојано се опустошува. Уште 1946 година кога селското население, односно кога градското население изнесуваше 71% наспроти 29%, сега е обратно, можеби немаме ни 30% селско население односно рурално население. Сега повторно не се внимава на тоа дека лучето мора да се задржат на селото, а не да се стимулира нивното мигрирање во градовите. Доколку се усвои ваквиот предлог на Владата, луѓето во засегнатите општини ќе останат незадоволни бидејќи немаат своја општина, по што развојот на нивните краишта ќе биде дискутабилен и ќе бидат принудени да се селат по градовите. Доколку се укине општината, тој крај останува без буџет, при што перспективите за натамошен развој се крајно сомнителни.

Би сакал малку да прогноворам околу непишаната практика која се повеќе зема на замав при решавањето на одреднеи проблеми во владината коалиција. За ова, но и за многу други прашања, тука би требало да се спомене изјавата на лидерот Али Ахмети, кој изјави дека Македонците треба да бидат среќни, затоа што им се гарантира безбедоста, што всушност беше еден вид предупредување и закана. Тоа нема никаква врска со мултикултурата и Договорот во Охрид, на кој Ахмети најповеќе се повикува.

Ставена на политички кантар оваа изјава мора да се свати, мора да се доживее како условување на коалиционите партнери, или ќе го прифатите неговото барање за територијалната поделба или ќе го доведат во ризик мирот во државата. Со ова властодрштците се претвараат во заложници на овој амнестиран терорист, но не само тие туку и сите други граѓани во оваа држава, јавните шпекулации дека реагирал нервозно

затоа што партнерите го измамиле да им даде 140 илјади гласови за нивниот претседателски кандидат, упатуваат на опасното сомневање дека нашата демократија дефинитивно нема иднина. Овие изјави упатуваат на фактот дека, похрабар авантурист може да ја загрози нашата безбеност и територија. Токму така постапи Ахмети кој пред неколку години дојде од Косово со последните..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски, ова ви е второ отстапување, дигресија.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Токму тој во тоа време го нападна макеоднскиот модел на успешни меѓуетнички односи и модел кој беше оквалификуван како лидер на реформите во југоисточна Европа, а за што верификација имаше и од Меѓународната заедница. Токму тој човек кој преку ноќ се трансформира и почна да игра улога на модерен политичар и демократ го нападна и оспори таквиот успешен модел, додека денес ја труе јавноста со демократија. При тоа, тука се баналните изјави на овој човек, како и на повеќе членови на ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски, не анализирам никакви психолошки профили овде, туку разгледуваме закон и ве молам држете се до законот.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

До законот се држам.

Земајќи во предвид дека основен постулат на Рамковниот договор е одржување на мултикултурниот карактер на Македонија доаѓаме до заклучок дека ваквата поделба е директно во спротивност со Рамковниот договор. Со спојувањето на градски со селски општини повторно доаѓаме до еден вид на окрупнети нефункционални општини како што постоеја во социјализмот со што доаѓа до сериозно нарушување на мултиетничкиот биланс токму на штета на неалбанското население во Македонија. Тоа природно би довело до едно етничко чистење на неалбанците во тие делови и би завршило дефакто со етничка поделба на територијата на Република Македонија. Тоа би било во директна спротивност со основните постулати на Рамковниот договор за неповрзување на

етничките права со територијални решенија и по логиката на ... би можела да доведе и до трахирање на самиот Рамковен договор.

Ова се одлуки со кои сериозно може да се загрози натамошното функционирање, па дури и самиот опстанок на Македонија.

Друга многу јасна работа е дека со овој потег се оди во прилог на екстремните албански барање за поврзување на етнички права со територија што е во диретна спротивност со начелата на Охридскиот договор дека не постојат територијални решенија за етнички права, што е неминовно и ќе доведе до крај на мултиетничко живеење во Република Македонија.

Оттука се доаѓа до еден многу интересен заклучок кој што очигледно Владата не го земала предвид. Тоа е фактот кој ни кажува дека во моментот не е нужно да се донесува закон за територијална поделба и да се поврзува децентрализацијата. Ова е повеќе од јасно бидејќи децентрализација може да се изведе и со овој број на општини, па по поминувањето на неколку години да се види дали таквата концепција е одржлива и евентуалните промени кои би биле извршени, па дури тогаш да се пристапи кон новата територијална карта на општините.

Се што излегува од логичноста на издржливоста на оваа концепција слободно може да се прогласи за избрзан и непромислен чекор.

Почитувани дами и господа пратеници,

Дозволетел ми на крајот на моето искажување да ги предложам следните заклучоци.

Прво, поради горе наведените причини предлагаме засега да се остане во ист состав досегашната територијална организација со 123 општини и да се види нивната ефикасност со воведување на финансиската децентрализација.

Второ, да не се прават големи и гломазни општини составени од градски и селски населби што ќе доведе до мешање на селските и градските интереси на населението и нивната мајоризација.

Трето, да се избегнат вештачки направените општини со чист политичко етнички карактер што може да доведе до етнички тензии и незадоволство кај граѓаните во тие општини како што се Кичево, Струга, Скопје и многу други.

Благодарам што ме прекинувавте два пати без потреба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше без потреба, почнавте да анализирате психологија на други луѓе иако тоа не е во рамките на законот.

Процедурално бара збор г. Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе согласно членот 76 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а имајќи предвид дека од сите овие дискусии по однос на текстот на овој закон, како и претходно по однос на амандманската расправа се изнесоа многу аргументи, многу факти, барам со поддршка од 10 пратеници да дозволите да гласа Парламентот за одложување на донесувањето на овој закон и повторно разгледување од страна на Владата и надлежните тела.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го ставам на гласање, бидејќи таму пишува "може да одлучи".

(Пратеници креваат рака)

Јас не го ставам тоа на гласање.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ставете го на гласање, затоа што Деловникот ве обврзува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сите работи ги имате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ставете го на гласање, не можете да одлучите во име на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може да одлучи, но не мора да одлучува.

Повелете г. Назми Бекири, имате збор.

(Реакција на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

НАЗМИ БЕКИРИ:

Господине претседател, дами и господа пратеници, претставници на Владата,

Законот за територијалната организација го донесуваме како потреба на времето бидејќи Македонија во својата историја отворила нова страница како што прават сите држави околу неа. Во таа нова страница во историјата нормално е дека треба да се донесат нови работи кои што се преку потребни за населението во целина.

Законот за територијалната организација е потребен на времето како што реков и ние се огледуваме во текот на донесувањето на овој закон да ги почитуваме најелементарните прашања кои што се потребни за сите луѓа, за сите народи кои што живеат тука што за време на нашата работа сме се базирале на прашањата од економијата, културата и друго.

Се обидуваме или се обидовме да не оштетиме никој но ниту да привилегираме некој освен во 2-3 општини на кои што им е дадена можност и тие да ја развиваат својата култура и другите нешта кои што се потребни за нивниот развој.

Тргнувајќи од Струга до Куманово ова е нешто што е најдобро иако во Куманово законот за тоа население е многу полош, пред се за општината Липково, општина која што не била профитабилна ниту во времето на фамозната аграрна реформа во текот на 50-тите години од минатиот век, ниту профитабилна во времето од 1996 година, а ако даде Господ во иднина ќе биде обратно за тие жители од таа општина.

Сите сме свесни дека со донесувањето на овој закон не донесуваме некоја света книга како што е Куранот или Библијата, но нешто што е навистина се користи од сите. Реков дека е тоа потреба на времето и е предвидено во Охридскиот рамковен договор, а тоа е барање и од Европската унија и другите меѓународни фактори.

Се разбира не треба само да се донесат бидејќи тие треба да бидат и корисни за сите граѓани во Република Македонија. Нормално и опозицијата да го критикува овој закон, бидејќи улогата на опозицијата е тоа од време на време таа навистина претерува во врска со ова прашање од што се гледа дека во текот на овие дискусии, се забележува еден вид на зборови на протести или пак само заради тоа што се гледа на телевизискиот екран често пати носат и донесуваат нови тези кои што навистина мислам дека не се од

корист за нашата држава. Но како и да е и тие успеаја да вклучат и дел на пратениците од позицијата каде што наши колеги како да се обидуваат да објаснуваат, да ги убедуваат тие кои се потписници на Охридскиот рамковен договор дека е тоа од корист и дека е од корист за сите нас.

Македонскиот народ знае дека лошото не доаѓа од територијалната поделба, туку од тоа ќе добијат само добри нешта и нормално ќе произлезат други работи со што одиме чекор напред. Ние можеме да кажеме дека македонскиот народ знае од каде доаѓа лошото, а тоа доаѓа пред се од шверцот од т.н. патриотизам и навистина неуспешен политичар. Сето тоа значи и потешкотија за сите нас, а тоа пред се минатото од кое што полека се раздвојуваме, а иднината која што не можеме да ја видиме толку јасно затоа што во тоа ни пречи минатото, но има луѓе кои имаат визија за иднината многу јасно и гледаат и работат во правец на тоа, кон чекорење на таа иднина. На овој пат нормално е ние да работиме одговорно.

Не само што сум оптимист, туку сум и убеден дека сето ова ќе помине добро. Ќе земам еден пример од Парламентот каде што еден повозрасен пратеник го прашав како е со неговото здравје, тој ми одговори јас за моето здравје не се интересирам ниту 24 часа, туку мислам за иднината на оваа земја, за генерациите што доаѓаат по нас. Ова навистина не убедува дека Охридскиот рамковен договор е тоа што навистина е најдобро каде што голем број пратеници и претставници на македонскиот народ секогаш го правеле доброто и навистина мислам дека секогаш ќе го прават доброто.

Почитувани господа,

Слушнав повеќе од пет пати за еден весник каде што имало некое интервју од страна на господинот Али Ахмети од март 2001 година.

Навистина интересно е не се спомнуваат ниту соопштенијата, ниту програмата, ниту неговата работа, кои што се легални, не се тајни, сите се отворени за сите и за секого. Тезите што се спомнаа се поделбата наводно произлегува од оваа територијална организација дека ќе се формира некоја си голема Албанија или дека има некој таен договор. Јас за првото не знам што да кажам и немам што да кажам бидејќи пред мене ги објасни и ги дообјасни господинот Макрадули, но навистина драго ми е што не се

употребуваат примери од страна на интернет, бидејќи весниците кои што пишувале, тие пишувале дека јас еднаш сум мртов, а еве јас сум жив и говорам овде во Парламентот. Реков дека господинот пред мене ги објасни овие работи, но мојот говор сакам да го завршам со една мудра изрека врз основа на овие тези, овде беше употребено дека често пати се заплашува масата, но масата ја знае реалноста. Таа само може да се изнервира, но треба да бидеме внимателни сите и како позиција и како опозиција, а мудрата изрека вели “немојте да правите голем пожар во мала крв”. Напред можат да одат само со толеранција, со хуманост со присутност изразувајќи љубов кон другите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски, повелете процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе во член 83 имате апсолутно ист терминолошки пристап како во членот 76 и стои “Собранието може да одлучи”. Јас уште еднаш ве повикувам мојот предлог да го ставите на гласање, затоа што Собранието одлучува а не вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски по членот 76 вие што барате јас одлучувам дали се исполнети тие услови. Вие можете на 100 пати да барате, а нешто што е веќе исполнето, ги имате извештаите...

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Врзо снова на кој член од Деловникот вие одлучувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На основа што сум претседател. А врз основа на кој член од Деловникот вие можете секогаш истото да го повторувате. Ова го одбивме еднаш ако се сеќавате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не е одбиен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, дополнително да го разгледа Собранието ...

Ве молам имате извештај од комисиите, Владата се изјасни, сите елементи се тука поднесени.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Комисијата за политички систем не расправаше затоа што немаше претставник на Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас не го ставам на гласање она што е тенденциозно, тенденциозно се прави.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

А не е тенденциозно да се применува членот 83 за скратување на дискусиите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во член 76 пишува дека пратеник може со поддршка од 10 пратеници да одлучува, тоа јас можам да го применам и да го дадам на гласање како претседател, а сите овие работи се веќе пред вас. Десет дена се пред вас на маса.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе мнозинството одлучува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко повелете имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Никола Груевски.

(Пратеникот Ѓорѓи Оровчанец бара збор процедурално).

Повелете господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе сакате преку манипулација на Деловникот да се извлечете од ситуацијата. Овде мнозинството гласаше за продолжување на работењето на Собранието после 17,00 часот. Гледајќи дека не работи и го немате потребниот кворум не го ставате на гласање. Ве молам да го ставите на гласање и исполнете ја деловничката процедура до крај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, не грешам деловнички.

Второ, за расправа не треба да има кворум и тоа е исто така деловнички.

Повелете г. Кондарко имате збор.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, почитивани пратеници,

Република Македонија е единствена суверена држава. Република Македонија е единствена држава која заеднички ќе ја градиме и заеднички сме живееле и ќе живееме сите заедно во неа и заеднички ќе ја однесеме во Европа. Тоа е нашиот концепт, тоа е нашата политика, концепт за заедништво и иднина во Република Македонија. Наспроти ова го поставувам прашањето господо од опозоцијата кој е вашиот концепт, дали воопшто го имате?

Според мое мислење вие немате воопшто концепт, вие немате концепт а единствениот ваш концепт што е штетен за Република Македонија е тоа што играте со чувствата на граѓаните, со чувствата на национализам, лажен патриотизам, тоа е она што го нудите на граѓаните.

Според она што вие го нудите е чиста спротивност од нашиот концепт и тоа го кажав од почетокот. Без разлика, дали се тоа љубчовисти или груевисти, за нас овој концепт е погубен за Република Македонија и со ваков концепт на Република Македонија црно и се пишува. Затоа што со вашиот концепт, вие всушност не сакате да живеете со албанците. Затоа што не сфаќате дека албанската заедница во Република Македонија, се исто така граѓани како и сите ние, како и сите вие, со сите права кои им следуваат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко, заврши првата дигресија, поминете на текстот на законот. Поминете на текстот на законот, направете така една мала пауза меѓу тие две дигресии со текстот на законот.

БОРИС КОНДАРКО:

Дали господо од опозицијата вие мислите дека во Република Македонија треба да се поделиме и да не живееме заедно како сите граѓани кои живеат во Република Македонија. Јас зборував, претседателе, за концептот на законот, генерално. Потполно сум во темата и зборувам за законот. Зборував за она што треба да им се објасни на

граѓаните на Република Македонија, за да направат генерална споредба помеѓу двата концепти, овој кој го нудиме со законот за територијална организација и оној кој го нуди опозицијата односно на кој се спротивставува опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко, бидејќи опозицијата нема концепт, па не можете да зборувате за двата концепти, тогаш зборувајте за овој нашиот концепт.

БОРИС КОНДАРКО:

Тоа, господине Јордановски, вие кога ќе излезете на говорница по вашиот концепт ќе го конципирате говорот, а сега оставете ме да говорам.

Господа од опозицијата, дали вие мислите дека во Република Македонија живеете сами. Дали мислите дека со оваа политика што ја водите, доколку евентуално дојдете на власт, во Владата нема да коалицирате со ниедна албанска партија и како тогаш вие како алтернатива на овој концепт на закнот за територијална организација, кој ние денес го нудиме, со каков предлог вие ќе излезете. Ваш коалиционен партнер е ДПА, која за жал денес не е во Парламентот и тоа не е добро. Овде е вистинското место каде што треба да се соочиме, да ги размениме аргументите за законот за територијална организација. Да видиме кој би бил вашиот предлог како концепт за законот, меѓутоа заедно со ДПА или некој друг ваш коалиционен партнер од албанските партии, па тогаш сите заедно тој концепт да го ставиме на референдум, па да видиме граѓаните како ќе се произнесат за вашите предлози. Затоа, велам дека вие не живеете во реалноста, односно не живеете сами во Република Македонија. А, тоа господо од опозицијата, не можат да си го дозволат одговорни политичари, кои и мислат добро на Република Македонија.

Во однос на она што се спротивставувате на понудениот закон за територијална организација, велите дека немате ништо против употребата на јазиците. Тогаш, против што имате. Тогаш, во што е проблемот, зошто не го прифаќате овој закон за територијална организација. Ако немате ништо против јазикот, испаѓа дека имате нешто против луѓето што живеат тука, а тоа не е добро господа. Тоа претставува губитничка политика за Република Македонија, затоа што вашите предлози, на пример, Струга да остане во ссегашните граници наспроти понудениот закон водат директно кон она од што

вие стравувате правење на етнички енклави, делби и можна федерализација. Тоа го правите вие, залагајќи се и повикувајќи се на етнички референдуми. Референдумот да, тоа е најголемо демократско право на изразување на мислењето на граѓаните. Меѓутоа, дајте да направиме референдум во кој ќе излезат сите граѓани на Република Македонија, без разлика на нивната било каква партиска, етничка, верска или било каква припадност. На таков референдум ние можеме да одлучуваме дали некој закон е добар или не, дали некој закн е добар за иднината на Република Македонија.

Го поставувам прашањето, бидејќи се повикувате на наводно непочитувањето на желбата на граѓаните од страна на Владата за спроведените 40 референдуми, што не е точно. 1/3 од нив се веќе прифатени. Тоа значи дека Владата излегла со сериозни аргументи, сериозно ги разгледала аргументите од јавната расправа, аргументите од спроведените референдуми и прифатила некои од нив. Што би се случило по истата таа логика, бидејќи да речеме Струга, околу Струга живее 100% албанско население, доколку тие општини што се околу Струга исто така повикаат и организираат референдум, меѓутоа со обратното прашање, дека тие сакаат да се припојат кон Струга. Што во тој случај? И, референдумот да биде успешен. И едното е референдум и другото е референдум. Кој ќе биде тогаш валиден референдум. И едното е желба на граѓаните, рамноправни граѓани и другото е желба на граѓаните. Тоа господа, да го кажете на народот, тоа да го кажете на митинзите, тоа е реалноста и тогаш заедно да излеземе на референдум, па да видиме народот на кој концепт ќе му поверува или кој концепт би го подржал на референдумот.

Понатаму, бидејќи велите дека децентрализацијата односно законот за територијална организација нема врска со Рамковниот договор, тоа не е точно. Со Рамковниот договор се договараат и решаваат меѓуетничките односи. Да, тоа е етничкиот карактер содржан во Рамковниот договор, кој во реалноста е неизбежен. И, вие тука повторно пак не сакате да ја гледате реалноста. Согласно Рамковниот договор со децентрализацијата е намерата да се подобрат етничките односи во иднина. Да ја изградиме заедничка Република Македонија врз основа на меѓусебна доверба и соживот. Тоа е Рамковниот договор, а не вие Рамковниот договор да го гледате како што тој вас ви

одговара дневно политички, за митинзи и тоа не е добро, затоа што не можете да се соочите со тоа. Сите сте за Рамковниот договор декларативно, меѓутоа, кога ќе дојде да се спроведе е тешко, боли. Е, па, кога е тешко треба да преземете одговорност и ризик, а не само да се додворувате на гласачите со лажен патриотизам.

Затоа, господа, тоа е единствениот можен концепт и пат за Република Македонија, тоа е патот и концептот на заедничко живеење, со сите права кои ги имаат граѓаните, се разбира сите граѓани под услов да бидат лојални и да ги почитуваат законите на оваа држава и да бидат лојални кон оваа држава. Тоа е вистинско заедништво и вистинска рамноправност. И, само така Република Македонија може да оди напред да мисли на процесите на евроинтеграција, на економски развој, а не ние овде да трошиме енергија и време и да не спроведуваме реформи, а да се занимаваме самите со себе за дневно политички маркетинг. Тоа не е добро за Република Македонија и тоа граѓаните не го очекуваат од нас. За жал во 2001 година постоеше тој кнцепт што вие го нудите, меѓутоа, за среќа граѓаните тоа не го прифатија. Тоа е минато и ние не сакаме да се враќаме назад. Ние за две години треба да размислуваме за поканата за членство во НАТО. Тоа е иднината на Република Македонија и не знам тогаш дали ќе биде воопшто продуктивно да се водат вакви дневно политички дискусии. Точно е и единствено дека сите треба заедно да работиме на зголемување на довербата и тие и ние со овој концепт и со овој закон за територијална организација, тоа и го предлагаме.

Господа, ниту Струга е дадена, ниту Кичево е спасено. По таа логика ви го поставувам прашањето што станува со некои други градови, на пример Тетово, Гостивар и зошто на ист начин не зборувате, на пример, кога сте толку убедени во вашиот концепт, не зборувате за Тетово и за Гостивар. Или да видиме, кога сте толку патриоти, ако мислите дека можете на тој начин условно да ја одбраните Струга, да излезете со барикади во Тетово и во Гостивар. Само многу добро знаете дека тоа не е реалноста. Значи, кога ви одговара, знаете што е реалност, а сега кога сакате да го лажете народот, не сакате да се соочите и да ја прифатите реалноста. Тоа не го прават одговорни политичари кои мислат на иднината на својата држава, а не политичари кои мислат, за да утре на избори остварат подобри резултати.

Факт е дека на теренот со овој закон и со овој концепт на територијална организација, нема ништо да се промени. Ниту некој насила доселил од некаде население, луѓе, ниту некој насила отселил или ќе осели население и луѓе. Тоа е фактичката ситуација. Тогаш, зошто и од што овие стравови. Потполно исто ќе се живее откако ќе се донесе законот, како и пред донесувањето на овој закон. Ако замислиме една административна линија, дали таа линија може да влијае на реалниот живот. Ние живееме заедно со албанците и сега што е проблемот. Е, можеби проблемот е дека на некои политичари од опозицијата со новиот закон не им се допаѓа дека на пример во Струга можеби ќе се избере градоначалник албанец. Меѓутоа, тоа е проблем на опозицијата. Ајде да ги гледаме работите поинаку. Зошто не верувате дека можеби некој градоначалник албанец не би бил подобар градоначалник од овој сегашниот или од некои градоначалници, било да се од СДСМ или од ВМРО во било кој друг во Македонија. Може градоначалникот да направи подобро нешто во комуналната дејност, што е и всушност суштината на вистинската децентрализација. Придобивките што треба да ги осетат граѓаните во секојдневниот живот. Тоа е децентрализзција, а не вие да го проблематизирате и политизирате прашањето за дневно партиски интереси со цртање на некакви граници, делби, продажби и што ли уште не. Или можеби некој од вас политичарите од опозицијата после донесувањето или евентуално со недонесување на ваков закон, да речеме, во Струга, каде што сега разликата помеѓу албанското и македонското население е 5,5%, ќе се чувствува многу погордо и многу послободно или не знам како да наречам, ќе се движи по улиците на Струга. Дали тие 5,5% не прават граѓани. Дали е тоа она што ни недостасува или нешто друго е во реалниот живот. Или ако бидат тие 5,5% на другата страна. Значи, воопшто не е во тоа проблемот. Албанците живеат и живееле во Струга. Сега, вие како мислите да ја браните Струга. Дури и да остане во постојните граници таму има албанско население. Што е проблемот. Исто така, со спроведувањето на новиот закон за територијална организација, потполно се афирмира и ќе се почитува Бадинтеровиот принцип од Рамковниот договор. Тоа е принцип на непостоење на мајоризација при одлучувањето во општинските совети и принцип за правична застапеност во локалната администрација, по истиот оној принцип

каде што албанците се малцинство. Тоа истото ќе важи и за македонците. Значи, ги поставуваме работите на рамноправни основи.

Почитувани пратенци во една демократска држава користењето на правата на едни, апсолутно не може и не смее да го загрозува правото на другите. Албанскиот јазик се говори и овде во Парламентот и го поставувам прашањето дали некој ни ја зема државата, според она што го велите за Струга, дека некој Струга ни ја зема. Некој ни го зема Парламентот, некој ни ја зема државата? Тоа е реалноста. Одговорете на тие прашања и тоа кажете му го на народот што го поттикнувате на спонтани протести.

Господа, вреди да се обидеме сите заедни и да работиме за заедничкиот интерес на Република Македонија. Тоа е евроконцептот. Велат за лошо не треба многу и никогаш не е доцна. Меѓутоа, да го поставиме вака прашањето, ако некој навистина имал некоја скриена намера, дали за тоа ни е потребен, дали за лошо, не дај Боже, ако има некој скриена намера, било кој, дали за тоа да се случи, ни е потребен нов закон за територијална организација. Секако, дека не. Се уверивте и во 2001 година. Дали во 2001 година беше Струга проблемот. Во 2001 година имаше 123 општини. Сега, која е вашата логика, за да го браните вашиот концепт. Да се потсетиме за 1996 година. Бројката на општини што денес се предлага со овој закн за територијална организација е истата онаа што тогаш ВМРО-ДПМНЕ, опозицијата ја предлагаше. Е, сега што е проблемот. Повторно за вас има проблем. Или можеби треба да чекаме уште 8 години за да на ВМРО-ДПМНЕ му текне нешто друго, па да видиме до тогаш какви општини ќе сакаат или колку општини ќе сакаат. Или да се вратиме уште поназад во 1964 и 1965 година кога била донесена територијалната организација со 34 општини. А, што би било да се вратевме на 34 општини. Тогаш, немаше да обвините никого дека врз основа на некој етнички принцип сега ја прекројува Република Македонија. Тогаш, по таа бројка на општини ќе испаднеше дека огромен број на македонско население би живеело во општини со албанско мнозинство и тогаш ќе обвиневте дека некој ја предава Македонија. Значи, тие луѓе во 1965 година ја предале Македонија и биле предавници. Сите се предавници, само ВРМО-ДПМНЕ се спасители и патриоти. Нема логика.

Се одржаа 40-те референдуми. До колку се прифатеа сите, тогаш ќе се вратевме на бројката од 123 општини и дали тогаш ќе имавме реална реформа во територијалната организација, реална реформа за децентрализација. Секако дека не. Затоа што е направена ревизија, кој збор вие го проблематизирате од Рамковниот договор и велите дека ревизија не значи дека треба да се ниту зголемат, ниту намалат општините, што не е точно. Врз основа на направената ревизија се констатирало дека некои од општините, 40-тина на број не можат ни сега, а не би можеле ни со донесувањето на останатите закони од пакетот на децентрализација да ги извршуваат новите и зголемени надлежности. Затоа, бројот на општини се намалува на една оптимална бројка. Имавме 34 општини и имавме 123 општини. Некаде средината, балансот е 84 општини колку сега се предлагаат. Значи, тоа е суштината на децентрализацијата. Вие не се обидувате да навлезете во проблемот. Тие општини со новиот пакет закони имаат зголемени надлежности. Тие не можат сега со помали надлежности финансиски да опстојат и да ги остварат, а камо ли со новите закони. Тоа објаснете им го исто така на народот.

Исто така, сведоци сме  на голем број политичари во реалноста од опозицијата кои се спротивставуваат на ваквиот концепт и на ваквиот закон за територијална организација. Кои се тие политичари? Тоа се маргинални неуспешни политичари, на пример, како Павле и Циле, кои сите заедно немаат 0,006% рејтинг, кои имаат сменето по четири или пет политички партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кондарко, мислам дека сега веќе тука мораме да привршуваме,

БОРИС КОНДАРКО:

Господине претседателе, каде е забрането и со што го прекршив Деловникот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Спомнувате имиња кои не се присутни.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине претседателе, ова е Парламент, политиката е јавна работа и ние можеме..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Утре ќе ги викнам господата Павле и Циле од оваа говорница нека кажат што мислат.

БОРИС КОНДАРКО:

Господинот Павле и Циле слободно си кажуваат тоа што мислат на прес конференции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И ние ќе кажеме на прес конференција.

БОРИС КОНДАРКО:

Ве молам, немате право по Деловникот за вакви работи да ставате опомени и забелешки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Воопшто не ставив опомена кога се обраќавте до опозицијата.

БОРИС КОНДАРКО:

Ме прекинавте господине претседателе, оставете ме да говорам.

Благодарам за вашате некоректност и неконструктивност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете.

БОРИС КОНДАРКО:

Понатаму, или на крајот да видиме кои се основните забелешки кои опозицијата постојано ги спомнува при донесувањето на новиот закон или во процедурата за донесување на новиот закон за териториjална организција.

Опозицијата и овде во Парламентот и во јавноста говори дека овој закон се донесува вештачки и механички.

Господа, што е тука вештачки? Кажете како природно се донесува закон, има уставна процедура како се донесува закон. Што е тука механички, затоа што велите дека механички се припојувале некои општини, да речеме кон Струга. Господа таму луѓето живеат, нема никакво механичко припојување. Незнам како го замимслувате тоа, можеби

сакате хемиски. Велите дека немате ништо против законот, а се противите на начинот и на принципите по кои се донесува, притоа спомнувате четири работи.

Дека разговорите помеѓу коалиционите пратнери биле нетранспарентни, односно тајни, што не е точно, за тоа се водеше јавна расправа, имаше мислење на експерти, невладини организации, широка јавна расправа. Вие говоревте овде во првата фаза во Парламентот, медиумите пренесуваа некои работи можеби пред ние да ги дознаеме, така што се беше транпарентo и јавно.

Понатаму, преговорите биле долги, а замислете каква ќе беше приказната исконструирана од ваша страна наместо 40 дена да трае 4 дена и да биле кратки. Тогаш ќе речевте повторно неизбежниот збор предавство и тогаш ќе речевте ете вие не сте ни преговарале, не се ни потрудивте нешто да направите и да договорите, туку однапред било договорено, двајца или шесмина тоа го договориле и ни го наметнувате овде. Така, сите тие ваши забелешки се апсурдни.

Исто така велите дека бил политички договор, па господа што очекувате вие, ова е политика и што е тука чудно во Република Македонија постојат политичари, постојат политички партии, Владата е политичка така што предлагаат и политички закони од страна на политичките партии. Исто така некој закон ако биде предложен од пратеник или од опозицијата, бидејќи имаат право и пратениците да предлагаат закони и тој закон ќе биде политички. Ова господа е политика, не е граѓанско движење.

Понатаму, една од најкрупните забелешки, велите дека со овој закон всушност се решавале етнички прашања. Епа ќе беше полесно да немаше етнички прашања, ама сега има етнички прашања и некој треба да се нафати да ги решава. Ние понудивме концепт, го објаснуваме, веруваме во тоа со сиот ризик ние храбро го објснуваме концептот. Кој е вашиот концепт. Се криете зад патриотизмот и зад граѓаните.

На крајот проблемот се сведува околу донесувањето на овој закон за територијална организација на три крупни прашања кои се проблематизирани и оспорени од страна на опозицијата. Тоа се Кичево, Скопје и Струга.

Кичево. Имате гранодачалник од ВМРО-ДПМНЕ кој веднаш по објавувањето на Предлогот на законот изјави дека тој е пресреќен, презадоволен од решението за Кичево.

Што е тука проблемот? Ќе видиме после четири години во пракса ќе се покаже ако има потреба ќе се направи некоја повторна ревизија.

Значи, зборувате за Кичево во контекст на некои други работи и само подметнувате нешто. Видете ја изјавата на вашиот градоначалник Владо Коруновски.

Скопје. Да не заборавивте случајно дека до 1996 година и Сарај и Кондово и други места беа во Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За Скопје, за Сарај и за Кондово, ве молам.

БОРИС КОНДАРКО:

Значи, кога сакате да правите политичка парада се сеќавате на Сарај и Кондово. Во 1996 година Сарај и Кондово не ви беа проблем, сега ви е проблем албанскиот јазик.

На крајот останува Струга. Е, Струга, господа од опозицијата, Струга ви е ништо друго туку единствено гола борба за власт и тоа на недемократски начин, затоа што го носите народот во заблуда и правите злоупотреба на ситуацијата. Тоа е вистината за Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Оровчанец  повелете процедурално.

Добро, може и Трендафилов, уклучете го процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски, согласно член 79 а заради дополнителни консултации, барам да ја прекинете оваа седница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Оровчанец имате процедурално. Кој член рековте? Не се исполнети условите на вашето барање.

Повелете господине Оровчанец, процедурално.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Не е процедурално.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика имате?

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика, е пред вас има друг реплика. А, да вие бевте. Повелете реплика три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, ние бевме сега сведоци на еден јавен искажан личен конфлик на господинот Кондарко, само со себе и сам против народот, и мислам и зборувам во името и на другите кои што би сакале да се јават за реплика дека е испод чест на ваква дискусија, воопшто да даваме реплики.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова беше реплика. Не беше ништо.

Повелете госпоѓо Лалчевска, имате три минути реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе,

Прво, имам еден протест до вас, затоа што овој говор беше говор на пратеник од опозицијата, десет пати ќе беше прекинат. Значи вие не сте еднакви према сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, има право да ми префрли мене, повелете сега за репликата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Така. Е сега јас на господинот Кондарко кој милува многу да и се обраќа на опозицијата да ја кара, и притоа да и поставува прашања и сам си ги одговара, и секогаш си е контрадикторен. Праша за концептот. А притоа воопшто не се праша себе си кој е нивниот концепт каков концепт тој застапува, и како ги навредува чувствата на граѓаните.

Прво, господине Кондарко Владата зад која вие стоите пропушти да ги праша граѓаните во какви општини сакаат да живеат, што е обврска од Конвенцијата и Повелбата за локална самоуправа. Тоа беше прва навреда.

Кога тие ве потсетија со референдумите што ги одржаа вие тогаш ги навредивте повторно велејќи дека референдумите се нелегали, еднонационални, независни и незнам какви се квалификации дадовте.

Трето, опозицијата господине Кондарко не го фабрикуваше револтот кај граѓаните, револтот беше спомнтан и насочен против предлогот на Владата не беше против вас лично, немојте да си се уважувате до толку, меѓутоа, со настапи како вечерашинот можете да очекувате дека во иднина ќе има револт и против вас лично.

Друго што би сакала околу прашањето на доверба. Прашањето на доверба е многу важно. Меѓутоа, за доверба се потребни две страни. Не може ако од едната страна се зборува со речник на недоверба да се очекува другата страна да биде секогаш попустлива и да дава доверба. Кога ова ќе го надминеме, тогаш ќе можеме да разговараме. Ваквите решенија како што е предлогот не водат кон доверба меѓу етникумите во Македонија, бидејќи тензиите растат, без разлика дали тензиите растат на македонската или на албанската страна. Во секој случај тензиите растат, тоа да не го заборавиме.

Говоревте за Тетово, зошто не се спротивставуваме за Тетово, затоа што господине Кондарко во 1996 година со тогашната територијална организација, а тогаш беше повторно ваша партија на власт, на Тетово исто како сега му се приклучија вештачки Мала Речица, Голема Речица, Лавце, Вејце и незнам кои други села и тогаш Тетово стана со доминантно албанско население, а сега можеме..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине Кондарко една минута.

БОРИС КОНДАРКО:

Госпоѓа Лалчевска во еден дел од вашата реплика она што го слушнав не би сакал да поверувам дека тоа го мислите, можеби не сум ве сватил најдобро, меѓутоа, велите

дека револтот бил против нас до сега, ако револт го нарекувате она што спонтано според вас се случи со молотовите коктели и со некои други насилни методи, тогаш навистина не можам да ве сватам што значи дека од сега револтот ќе биде лично против мене. Дали е тоа ваше прејудицирање или можеби не би сакал да верувам, закана. Ако е така јас навистина сум разочаран госпоѓо Лалчевска иако се тоа методи на опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Седницата може да се прекине кога за тоа ќе одлучи Собранието по предлог на претседателот на Собранието, пратеничката група или десет пратеници, а заради дополнители консултации и прибавување на мислење од Владата и други органи.

Токму поради тие причини, значи дополнителни консултации, десет пратеници бараме Собранието за овој предлог да решава.

Вие треба да го ставите на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не го ставам на гласање, а јас ќе ви ја исполнам желбата и ќе ви дадам 30 минути за дополнителни консултации.

Пауза од од 20,40 до 21,10.

(По паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата и претставниците на Владата исто така.

Го молам министерот или претставниците на Владата да влезат во салата.

Повелете господине Груевски, еве министерот доаѓа. Имате збор, повелете.

Но, има реплики.

Господинот Даневски има реплика на говорот на господинот Кондарко, повелете три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Она што господинот Кондарко вечерва критички се осврна повеќе на работата на опозицијата, не слушнавме ништо во неговото убедување дека овој законски проект зад кој стојат сите релевантни политички партии во државата, дека треба да се донесе, но не

ваков, ништо не кажа во делот на она што значи без анализа не ме убеди зошто треба 123 или оволку општини колку што сега се дадени, бидејќи не слушнавме некоја анализа, се спореше околу она дека не е етнички, туку заеднички критерии, зборувавме за она дека механички се кројат некои општини, на тој план не ме убеди.

Имавме едно празно зборување од господинот Кондарко со тоа што се повикуваше и обвинуваше за патриотизмот. Мислам дека вие најмалку треба да зборувате за патриотизмот господине Кондарко, да ве потсетам вчера се навршија од Карпалак. Знаете што се случи. Тие се патриотите, вие најмалку можете да зборувате за патриотизмот. Не сакам да кажам тоа што го мислам, зборувате за Скопје, некој бил против Скопје, еве јас ќе ви кажам лично јас сум против двојазично Скопје. Не сум против зборување на албанците во местата каде се мнозинство, кога станува збор за градот Скопје апсолутно сум против двојазично Скопје, затоа што на механички начин го правиме Скопје двојазично. Да е по природен пат нема што да коментираме. Ми се јавија пријатели од Струга го викаат господинот Кондарко да дојде во Струга, имаме многу убав бурек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последното не го слушнав.

(Господинот Даневски, ја повтори последната реченица).

Не сте многу духовит, но не е проблем.

Контра реплика една минута.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Даневски јас и онака немав намера да ви одговорам на репликата, меѓутоа, после ваков примитивизам и некултура ми се потврди мислењето за вас, така што навистина не доликува лично и не му доликува на Парламентот вакви работи да говорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Груевки се откажа од дискусија.

Господине Караџоски, дали сакате збор?

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Еве неколку дена ако одиме по оној обратен редослед, почнавме со амандманска расправа, сега го отворивме претресот по текстот на законот иако можеби наликува како општ претрес. Значи, неколку дена расправеме по тоа дали овој закон може да го положи тестот на времето поточно дали дојдовме до некој закон кој ќе ги реши проблемите на територијалната организација.

Сега би почнал од она што сметам дека треба да биде дискусија, да се држиме на темата и би почнал со следните прашања.

Можеби најбитното прашање или најсуштинското е тоа дали овој закон е добар. Тука можеме да дискутираме различно едни да велат да, други да велат не и како што одат дискусиите. Нормално предлагачот ќе го брани, опозицијата ќе го напаѓа, мое лично мислење дека законот не е добар.

Како второ прашање може да се постави дали можеби Владата можеше да поднесе подобар закон односно да достави до нас и подобар закон. Според мене одговорот е не затоа што сите ние сме сведоци и како пратеници и како јавност дека ова е максимумот што го извлече Владата од она што беше натерана да го направи. Сите оние преговори свесни сме како се одвиваа и свесни сме дека можеби резултатот од 3:0, како што некој го нарече, е подобар отколку 5:0 иако можеби и едното и другото е пораз и ако треба во поразот да се гледа кој резултат е подобар секако 3:0 е подобар од 5:0. Ова 5:0 почитувани колеги не излезе од новинари , не излезе од пишани текстови, медиуми, ова 5:0 излезе од претседателот на Републиката господинот Бранко Црвенковски. Можевме да изгубиме и 5:0. Тука е суштинско прашање, со оглед да човекот присуствуваше и можеби тој ја пресече врвцата кога требаше да се завршат преговорите што значи тоа 5:0 ако 3:0 е пораз, што би паднало уште жртва. На тоа прашање јас неможам да одговорам, се знае тој што ја поставил таа реченица.

Дали јас лично сум задоволен од овој закон, одговорот пак е не.

Други неминовни прашања кои се јавуваат почитувани колеги, прашања кои се во врска и со текстот на Законот и со се она што ни се случува. Се поставува прашањето зошто овој закон толку ја разбранува јавноста. Сите ние сме се прашале зошто јавноста реагираше така како што реагираше и зошто тоа овој закон го предизвика. Ќе се потрудам да одговорам, бидејќи оној пат поставував прашања, одговори не добив, па ќе се потрудам јас да одговорам.

Значи, овој закон ја разбранува јавноста заради тоа што овој закон директно одлучува за правата на граѓаните во најосновните клетки каде што се организирани, тоа се општините. Нормално секој граѓанин на Република Македонија го гледа интересот во својата средина, во својата општина каде што живее и сигурно дека сака да живее според своите критериуми, а не некој да  му наметнува. Заради тоа јавноста реагира како што реагира.

Меѓутоа, се поставува прашањето зошто е толкава реакцијата почиувани колеги. Ако законот нуди добри решенја сигурно дека реакциите веќе ќе беа помали. Ако законот, односно педлагачот водел сметка, преди се за интересите на оние граѓани кои што живеат во општините, исто така, значи го почитувал нивното право на изјаснување, нивното демократско право како тие сакаат да живеат, како тие сакаат да се организираат, сигурно дека немаше да има вакви реакции во јавноста.

Се прашате и друго. Од каде пак најмногу идат реакциите? Нели секоја средина има посебна реакција, некоја повеќе, некоја помалку, меѓутоа од каде се влечи она најголемата реакција. И тука сите што доаѓате до констатација, тоа се нели, клучните градови, тоа е Струга, тоа е Кичево, тоа е Скопје.

И сега сите ќе кажете па целава дискусија на опозицијата  е усмерена во тие три града, односно тие три организации во локалната самоурава. Сигурно дека нешто тука не е во ред, сигурно дека има причина поради која таму е најголемиот револт и сигурно дека за тоа вреди и треба да се дебатира. И затоа и се дебатира.

Се поставуваа исто така прашањето, зошто овој закон ваков каков што е понуден ги натера граѓаните да излезат,односно да покренат иницијатива за распишување на референдум. Или да збираат потписи кој што со 150.000 потписи да се објави и

референдум. И тоа е логично прашање. Сите вие добро знаете кога и во кој услови се држи референдум и сите вие добро знаете дека прашањето на референдумско изјаснување се многу  ретки. И за многу малку прашања граѓаните реагирале на начин што сакаат да покренат иницијатива.  Значи ова е сериозно прашање, од ова не може да се бега.Ова е прашање што директно ги засега граѓааните и нормално ќе го дадат својот глас за да покажат,  да докажат и на валста и овде  на пратениците дека се тие кои одлучуваат за нивните права, дека нивниот глас треба да се почитува.

Сето ова го зборувам во контекст на тоа, на моето тврдење дека овој закон е лош односно не е добар.

Трет аргумент, или можеби трето прашање, зошто овој закон, значи благодарание на овој закон, на овој текст на закон, во Македонија се случи здружена опозиција. Значи, требаше да поминат цели две години, требаше да излезе еден ваков закон за да се случи здружена опозиција. И, сите заедно да го дадсат гласот, односно јавно да го дадат гласот дека се против една ваква територијална организација, со сите аргументи, на сите оние можни начини на кои што се изразува тој револт до ден денеска. Тоа е прашање што не можеме да го одбегнеме и тоа е прашање од кое што не можеме и овде кога дискутираме да избегаме.

Четврто прашање што исто така оди во контекст на тоа што го кажав, почитувани пратеници, дали сте се прашале зошто, благодарание на овој закон се “случи народ”. Се случи народ во Струга. Сите вие добро знаете, јас не сакам да ги елаборирам тие настани, меѓутоа фактички благодарание на она што Владата го предложи, како решение нам ни се случи народ во Струга, се собра таму народ, се случија тие инциденти, заради тоа што го искажуваа својот револт. Тоа е исто така факт што потврдува дека нешто не е во ред со овој закон.

Дали сте се прашале, почитувани колеги дека исто така овој закон, со ваквиот текст, со вакви решенија предизвика во Република Македонија да имаме објава од разни локални институции да прогласуваат личности кои се непожелни во Република Македонија , па да одат до таму дури и претседателот на државата, премиерот, одредени министри не се пожелни во одредени региони. Ги имаме исто така. Се случува исто така

во одредени единици на локална самоуправа, општини, каде што јавно кажуваат и истекнуваат граѓани, граѓанска непослушност. Се случува во одредени општини, како што е на пример Струга да се откажуваат и оние јавни манифестации што биле гордност на Република Македонија. Зошто е тоа така? Сте се прашале ли? Затоа што Владата нуди еден текст што не само што опозицијата го критикува, јас само кажувам аргументи плус што даваат навистина на овој закон односно оваа критика да се сфати сериозно.

Одиме понатаму. Најголемото и најбитното прашање, цело време овде се зборува дека со овој закон, се отпочнува процесот на децентрализација во Република Македонија. И тоа е тоа прашање за кое што овде треба сите да одговориме, дали со овој закон се прави децентрализација? Зборувам со законот што е на дневен ред. Одговорот е не. Овој закон воопшто не прави децентрализација. Ама,  блага врска нема со децентрализација. Овој закон прави прекројување на општински граници и ако го гледаме од постојниот број на општини, досега беа 123, се смалат на 74, тоа не е децентрализација. Тоа може да се нарече централизација, доколку овој закон го гледаме изулирано од другите закони од финансиската сфера.

И сега, ќе се постави прашањето можеше ли децентрализација, за која што овде пратениците, особено од албанскиот дел дискутираат цело време дека е тоа обврска од Рамковниот договор, дека децентрализацијата е неминовна, нема спор меѓу ниту еден пратеник, од пратеничка група за тоа дали ни треба децентрализација итн. И, тоа е така. Потребна ни е. Но, дали со овој закон ние ја правиме децентрализацијата, да не ги гледаме останатите од финансиската сфера?

И, повторно ќе кажам, овој закон не прави децентрализација затоа што 123 општини ги намалуваме на 74. Тоа е не децентрализаирање, тоа е окрупнување. Значи, зголемување.

Друго е прашањето кое што министерот го искажа неколку пати, дали некоја општина може да остане, дали е потребно такво спојување, дали финансиски можат да опстојат или не, тоа е сосема друго прашање.

Се поставува и друго прашање, следејќи ја состојбата во Република Македонија откако овој закон дојде во прва фаза, особено во последните месеци, со оние решенија

што овој закон ги нуди, дали, сеуште овој закон не е донесен, дали ние изградивме и ние ветивме односно искажавме преку овој закон дека граѓаните, откако законите ќе се донесат, ќе живеат во некоја поголема доверба? Јас ви тврдам дека не. Уште со самото носење на законот се најдовме во состојба во која што кај граѓаните се јави апсолутно недоверба. И тоа, не само на етнички принцип. Таа недоверба се јавува во секоја единица на локална самоуправа.

Ќе прашате зошто? Затоа што, повторно ќе кажам, овој закон не нуди добри решенија. Цело време овде се зборува, особено тоа го прават пратениците од албанскиот блок, дека овој закон е потребен за да се заврши еден процес што можеби некогаш предизвикал некаква криза. Дека овој закон е потребен за градење на соживот.Дека овој закон е исто така потребен за градење и зацврстување на мултиетничкиот карактер на Република Македонија.

Е, почитувани колеги, особнео вие од ДУИ, не е тоа точно. Со овој закон ќе се случи обратно. Наместо доверба, ќе има недоверба. Намето мултиетнички, ќе има бинационален карактер. Тоа е тоа што го нуди законот. Намето во тие општини да се гради, што досега покажале свест и зрелот, да се гради заеднички живот и да го продолжат и понатаму, сега им внесовме немир. Жив пример е Струга. Каква беше Струга во сите периоди што поминаа назад. Струга беше стабилна, Струга беше единствена.

Денеска, почитувани колеги вие имавте можност да видите кога министерот Бучковски појде таму, да видите дека во Струга, а и претходно, има реакции. Дека таму, народот почна да живее веќе немирно. Дека таму народот почна да реагира. Досега, беше мирно, отсека почна да реагира.

И, се поставува прашањето што ако таму немаше полиција. што ако 200 полицајци од Прилеп не отидоа во Струга, што ако незнам уште колку од другите места, како народот така мирно ги гледал сите настани?! Што можеше се да значи, дококлу недајбоже се случеше нешто полошо.

Значи, со еден чекор, Владата од едно мирно место направи немирно. И, немојте да мислите дека откако ќе се донесе законот во Струга ќе потече мед и млеко.

Не, почитувани граѓани односно пратеници, затоа што во Струга сеуште ќе има реакции. Следете вести, читајте денеска, во Струга произлезе иницијатива Струга да се прогласи како Сан Марина. Па дури таму и СДС се потпиша на таа иницијатива, како партија. Дури имаме тука пратеник од владеачкото мнозинство што исто така ги кажува истите аргументи и исто така бараше амандман. Од тоа не можеме да избегаме. И, немојте за се опозицијата да ја окрувувате.

Дали сте вие свесни дека проблемите постојат? Дали сте свесни до каде можат да одат. Така не се гради заендички живот. Така, напротив, се нарушува заедничкиот живот. Ако вие, почитувани колеги особено вие од ДУИ, бидејќи имавте аргументи што за мене не беа во ред, кажувате дека на овој начин, со припојување на Струга, кон струга со тие општини, колку се таму, 4 нови, дека на тој начин основната цел Ви е Струга економски да зајакне, основна цел е албанскиот дел од народот, албанската етничка заедница да има поголеми права. Односно, да се чувствува рамноправна со македонскиот граѓанин или, како што кажа тука еден ваш колега, до сега биле потчинувани од македонската заедница, е од сега ќе дојде обратно македонската ќе биде потчинувана од албанската, затоа што на овој начин Струга станува не двојазична, таа двојазична е, туку станува со моминантно албанско население што, пак, нуди нешто сосема друго.

Што е тоа сосема друго? Тоа е, почитувани колеги можноста за локалната власт, за се она што значи влас на ниво на градот да одлучува албанската етничка заедница, заради тој процент што сега, на овој начин, со припојување ќе го има повеќе.

Сега можам овде да слушам колку сакате прикаски дека, кому му пречи во Струга да изгласа македонец за градоначалник, па аналогно ќе се постави прашање зошто досега албанец не се изгласал? Одговорот е каде, во процентите. Затоа што досега имало повеќе македонци, од сега ќе има повеќе албанци. Ќе се видиме по локалните избори, освен ако СДСМ, бидејќи е широкограда, а и вие до некој начин, па се договорите ајде, да ја стивнеме работата, сега ќе правиме кандидат од СДС, ама сите ќе го поддржиме. Тоа ќе биде вештачка, можеби и привремена фаза. Сите избори од сега па натаму во Струга, градоначалник ќе биде албанец.

И тоа не е трагично. Овде никој ништо нема против албанците. Меѓутоа, трагично е што тоа е основната цел. Трагично е, како што кажа еден колега од пратеничка група на ДУИ, во негова реплика, кога рече - дали вие водите сметка таму за вработените, за оние што треба да се вработуваат, за стопанството и што ти ја знам се. Е, па, токму тука, дали водите сметка кои се таму директори, кој има право да ги назначува.

Во контекст на ова, земете го Законот за локална самоуправа, видете ги ингеренциите на локална самоуправа, на градоначалникот и ќе видите какви се решенија ќе има. И сега, ќе кажете, а, бе, овие од ВМРО0-ДПМНЕ се радикално гледаат, тие не знаат што е соживот, уште помалку знаат што е ЕУ, уште помалку знаат каде Македонија треба да оди, тие се само некакви си националисти, како г-динот Трендафилов, а од друга страна , се прашувате дали можеби не е тоа на другата страна. Тука да го најдеме одговорот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Првата дигресија заврши. Поминете сега на текстот на законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Зборувам за текстот збрувам за Струга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, зборувате за Струга, но зборувате за случувањата во Струга, дајте, за текстот на законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Па јас зборувам за текстот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувате што ќе се случи на локални избори. До локалните избори има 2-3 месеци, може и повеќе.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не, зборував што ќе се случи на локалните избори, зборував претседателе конкретно за Струга, за нарушување на демографската карта на Струга, што би значело и образложувам зошто предлогот за Струга е лош. Јас не гледам зошто ми го сметате за дигресија. Не го признавам за дигресија одам понатаму.

Еве сега, да дојдеме, можеби до она прашање што овде предизвикува најголеми полемики.

Почитувани колеги,

Од сите решенија што ги нуди овој закон, можеби најтешкото прашање или најтешкиот одговор се наоѓа во следново, дали со вооj закон, поточно откако ќе се усвои, Македонија оди во правец на кантонизирање или федерализирање? Тоа е прашање што провејуваше, тоа е дискусија што многу често се дискутираше и тоа е, можеби, дилема што заслужува внимание. И пак ќе се вратиме на ВМРО ДПМНЕ со неговите ставови, кој вели - да, и ќе се вратиме на позицијата која вели - не. Ако мене ме прашате, одговорот е да. А, еве и зошто.

Што е тоа што дава сомнеж? И не само во опозицијата, туку и кај граѓаните на Република Македонија, еве почитувани колеги ќе одиме со ред. Сте се прашале ли зошто овој закон требаше да се носи во рамките на некаква Владина коалиција или дури не е ни Владина коалиција, туку некаков политички договор и тоа исклучиво меѓу две партии. Од време на време ЛДП се додаваше меѓу СДСМ и ДУИ. И, ни требаше извесен период навреме, на исклучиво нетранспарентен начин, исклучиво сомнителни преговори. Тоа е она прашање што дава и одговор и состојба што носи сомнеж. Дека, може би договорите, бидејќи се нетранспарентни, затворени во одредени простории, не беа за јавност презентирани не знам како податоци, носи сомнеж дека овде можеби се крои нешто. Тоа е едната работа.

Втора работа за правата на широката заедница, значи на граѓаните, на сите граѓани на Република Македонија одлучуваат двајца или тројца луѓе. Што е тоа ако не е сомеж. Од каде тие 2-3 луѓе си го зеле правото да си одлучуваат за цела една наша, односно за една широка лепеза на граѓани? И, ќе ви кажам зошто. Грачаните се изјаснија. Граѓаните имаат референдум. Преку 41 во разни општини, каде кажаа што сакаат. Меѓутоа, тоа никој не го третираше. Едноставно требаше тројца луѓе да се убедуваат од два месеци да се договорат да земат карта и да кројат колку за тебе, колку за мене, па на крајот да дојде ова што е овде.

Не се почитувало мислењето на локалното население. Иако, според Рамковниот договор што почитуваните колеги од ДУИ токлу сакаат да го цитираат, ако добро го исчитаат ќе видте дека на прво место стои дека треба локалното население да се праша. Арно ама во согласност со националната власт, така велат во Рамковниот договор. Кој го прашал локалното население? Уствари, вие можеби го прашавте но не го послушавте. А таму стои “треба мислење”. Став, а мислењето и ставот сите добро го знаете.

Четврта работа што се случи последниве денови. Што мислите, државниот врв на Република Македонија некни отиде да гледа кошарка меѓу Америка и Србија и Црна Гора. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова ви е втора дигресија г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прва е пртседателе,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Втора е. Втора дигресија е, за државниот врв продолжете а имате уште една.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега, имам право да образложам зошто?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Образложете, но само една минута, ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, сега, вака.

Г-динот Кондарко целата дискусија му беше гиресија. Воопшто не го опоменавте а мене веднаш ме опоменавте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, затоа што. . .

(реакции со дофрлања)

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да, ама мене една минута ми давате да образлагам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете ве молам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Имајте еднаков третман, ако Кондарко можеше цело време да зборува да нема блага врска. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ова ви е втора дигресија, повелете продолжете по текстот на законот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, ајде, еве за една минута, значи прашањето е зошто државниот врв отиде, што е можеби најбитно, најтешко прашање за кого тие навиваат. Тука е проблемот. Дали за Америка или за Југославија, односно Србија и Црна Гора. До ден денеска тоа не е јасно. Да навива за Америка е незгодно, затоа што отишле кај домаќинот Југославија. Да навива за Југославија ќе се налути Америка, а сите вие добро знаете која е америка итн. итн. Тоа е прашање многу тешко. На крајот, ќе се испостави вистината дека таму отишле, можеби, за некоја друга цел. Да не стори Господ меѓутоа може би. Тоа е она прашање за кое што зборувам и незнам од каде ми вадат дигресија, зборувам во однос на причините поради кои што овој закон се смета дека е лош.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, така ли ќе биде?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана колешке во принцип не сакам да реплицирам со сограѓани, меѓутоа прво што се одлучив да одговорам на репликата, ме радува тоа што ги читате моите говори, има што да научите. Второ веднаш да ве разубедам дека овој пат тешко ќе се премислам, значи нема да гласам за, во никој случај. Трето, ако се излажам со овие проценки што ги кажувам, тоа ќе биде добро за Македонија. Камо среќа така да е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Есад Рахиќ, имате три минути реплика.

ЕСАД РАХИЌ:

Господине Караџоски ќе се обидам да ви кажам што јас мислам за ова што вие го кажавте. Мене ми е јасно, нема да го спомнам Владо Димов меѓутоа ќе го кажам следново. Едниот концепт кој што го тераме ние и кој што сметаме дека оваа територијална организација е добра за Македонија и другиот за кој што вие како опозиција тврдите дека е лош, и со тоа не се сложуваме. Вие не нарекувате издајници, вие сте патриоти. Вие ќе ги добиете наредните избори, имате шанса да го смените законот и тогаш да тепате со 25:0, а не со 5:0. Тогаш можете да направите војна, да ја изгубиме војната и да плаќаме репарации, затоа што за тоа сте мајстори.

Втората работа, не брзајте со референдумот, референдумот е на 23 и какви ќе бидат резултатите од референдумот оваа влст ќе го почитува. Трета работа, бидејќи спомнувате, се случи народ. Последниот пат кога ни се случи народ бил Хаг. Минатата година е потпишана Повелбата Јадранска Охридска, Јадранска која што ја потпишаа САД, Македонија, Албанија и Хрватска. Со тоа е ставено крај, точка на приказната за големи држави. И ова што вечерва го зборуваме мислам дека е депласирано. Дозволете да не ги трошиме парите на граѓаните и да завршиме што поскоро со оваа расправа, па најбрзо дали за месец и два ќе имаме локални избори, дали за шес месеци, или година ќе имаме редовни избори и тогаш ќе се покаже чија стратегија и политика беше исправна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Рахиќ, не сакаше да го спомнеш Владо Димов, ама го спомна, што значи контрадикторно уште на почеток. Да ве прашам јас г-дине Рахиќ, каде живеете вие, овде во Република Македонија? Ако живеете во Република Македонија вас уште не ви е јасно кој ја донесе војната. Војната во Република Македонија ја донесоа истите они кои што сега бараат мир изборуваат за мир, а седат во клупите зад вас и заедно со вас прекројуваат општински граници, заедно со вас носат тетовски универзитет, и заедно со вас прават двојазично Скопје и заедно со вас ја делат и цепкаат Македонија. Тоа е вистината г-дине Рахиќ. Немојте да обвинувате некој друг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Сигурно отвори многу тези и прашања, истите и утре во мојата дискусија верувам дека ќе разјасниме. Би сакалнакратко да реплицирам на неколку работи. Прво, иако покасно се поправи колегата Караџоски дека овој закон не го регулира прашањето на децентрализацијата. Надлежностите што ги имаат општините со новиот закон се регулирани со Законот за локална самоуправа и тука да не ја замајуваме јавноста и граѓаните, ова е закон за територијална организација, тоа е првото прашање што сакав да реплицирам.

Второто прашање околу вербата . Кажавте дека не и верувате на Владата, не му верувате на парламентарното мнозинство. Сега да ви кажам искрено најмалку јас вас ви верувам како политичка партија која што беше на власт од 1998 до 2002 година и кое што ни се случи, она што ни се случи. И не ви верувам тотогаш додека вие не се оградите од ставот на вашиот почесен претседател кој во моментот некаде одмара, кој што ни ја понуди картата на маса за делба и поделба,односно преселба на народите посебно од Западниот дел на Македонија. Кога ќе се оградите од таквите ступидни идеи, јас тогаш како политичка партија навистина ќе ви верувам дека имате патриотски идеи и така можеме да разговараме. Додека тоа не го направите, а од досегашната дискусија еве десетина дена никој не се огради од понудената карта која што беше ставена на маса од вашиот лидер, подржана од лидерот на Либералната партија, тогашен претседател на Собранието, подржана и од академикот, да не го споменувам кој што го наградивте и кој што сега е во Кина. Тогаш можеме да дискутираме. А сега навистина не ви верувам, а сигурно и граѓаните не ви веруваат посебно во Западниот дел од Македонија, а тоа го почувствувавте и на сите досегашни избори и претседателските и парламентарните, и локалните избори. Ве казнуваат и уште ќе ве казнуваат бидејки имате прикриени некои работи за Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Арсовски, кому граѓаните ќе веруваат, ќе кажат кога ќе дојдат избори. Второ, апсолутно немате потреба мене да ми верувате, ниту пак сакам мене да ми верувате. Меѓутоа верувајте им господине Арсовски на тие што во овие последни денови ви свиркаат дома под прозор и пред врата, верувајте му на оној народ кој ве повикува јавно преку разни протести кои што ги изразува дека не треба да го подржите овој закон, верувајте им исто така на сите овие научни работници во Република Македонија кои што излегоа со став дека овој закон не чини, верувајте и на јавноста, верувајте му на јавното мислење, верувајте на анкетата на А1 која беше порачана од г-динот Бучковски, верувајте им на сите граѓани кои што излегуваат да го дадат својот потпис за референдум, не морате на Жарко Караџоски. Јас ве повикувам повторно ако им верувате на нив, тогаш слушнете го гласот на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Зоран Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван колега Караџоски не е во ред да зборувате дека ваквиот предлог за територијалната организација ги нарушува етничките односи во Република Македонија, дека ја нарушува стекнатата доверба помеѓу македонците и албанците. Не, почитуван колега, не ја нарушува довербата, вие ја нарушувате со тоа што се обидувате да ги потпалите националните чувства кај македонците од Струга, Кичево и во другите градови. И тоа нема да ви успее. Затоа што соживотот мора да продолжи и ќе продолжи, затоа што македонците и до сега покажаа дека можат да живеат и просперираат и напредуваат во општини каде албанците се мнозинство и обратно, затоа што така и учествуваме во градењето на соживотот во оваа наша држава. Поради тоа имаме и право како македонци да очекуваме, но јас би рекол и да бидеме сигурни дека и албанците можат да живеат и просперираат, унапредуваат во Македонија каде македонците се мнозинско население. Тоа е концепцијата за иднината на Република Македонија. Тоа вие го знаете, но не сакате да признаете. Затоа колега признајте дека овде само се борите за политички

поени без разлика дека сето тоа е на сметка на соживотот во Република Македонија, без разлика на тоа што продуцирате етничка омраза, без разлика дека ја подривате иднината на Република Македонија. Поради тоа треба да се засрамите. Верувајте дека со ваквата дискусија не сте поголем македонец од мене, или од другите колеги во позицијата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Заев, воопшто немам етничка омраза, воопшто не сум зборел во тој правец. Колкав македонец сте вие, колкав македонец сум јас ќе покаже времето. Меѓутоа, во секојслучај ќе покаже времето. А што се однесува за соживотот, ако г-дине Заев соживот има таква цена дека треба да ја поделиме и разделиме Македонија, тоа не е соживот и таква цена јас не сакам да плаќам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејки е тука крај на репликите, ја прекинувам денешната седница, а ќе продолжиме утре со почеток во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 22,10 часот).